ЗАЈАКНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

# ПРИМЕРИ
# НА ОДЛУКИ ШТО СЕ
# НОСАТ ВО СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА

Септември, 2017

Овој Проект е финансиран
од Европската Унија

**<u>Одрекување:</u>**

Содржината на Примерите на одлуки кои се носат во стечајна постапка е единствена одговорност на конзорциумот на Pohl Consulting & Associates Consortium и на ниту еден начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.
Овој документ е изготвен врз основа на постојното законодавство во доменот на стечај заклучно со септември 2017 година.

Почитувани,

Примерите на одлуки кои се носат во стечајна постапка претставува прирачник за стечајните судии и е изработен во рамките на Проектот за зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва (СЦБЛ). Во него се систематизирани предлози на судски решенија  за постапување во ситуации предвидени со Законот за стечај, со важност на 30 септември 2017година. Се состои од воведен дел и од предлози на судски решенија индексирани според текот на стечајната постапка и членовите од законот во кои тие се уредени.

Имено, следејќи ги основните цели на СЦБЛ Проектот како и имплементацијата на европските директиви, методологиите и операционализацијата на европскиот пристап за примена добрите европски практики, утврдена е потребата од сеопфатно зајакнување на органите за стечај. Стечајните судии учествуваа во проектните советувања за нормативните аспекти и основните начела на стечајните постапки, како и во дебатите каде што е анализирана примената на постојната законска регулатива и е посочено на одредени слабости и недоследности. Следедствено на тоа СЦБЛ Проектот одговорајќи на потребите и со цел да се придонесе кон забрзување на решенијата во текот на стечајната постапка го концептуализира Прирачникот за стечајни судии.

Ваков вид на Прирачник, со предлози на судски решенија претставува оперативна помош и упатство за брзо постапување. Некои од предлог решенијата  досега се сретнувани, но има и такви кои постојат во деловното опкружување, но не биле третирани во стечајната постапка досега, иако биле предвидени во Законот, со оглед на комплексноста на стечајната постапка.

Прирачникот е изработен во рамките на Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“(СЦБЛ), се остварува во рамките на Министерството за економија, се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и се имплементира од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting&Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Се надеваме дека овој Прирачник ќе го користат сите судии кои работат или во иднина ќе работат на проблематиката на стечајот и реорганизацијата на трговските друштва во Македонија.

од СЦБЛ Проектот

# СОДРЖИНА


| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВОВЕД** | | 9 |
| | **I** | **Решенија по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка** | |
| 1 | член 53 став 1 и 2 | Решение за отфрлање на предлогот како неуреден | 19 |
| 2 | член 53 став 3 | Решение за аванс на трошоците за претходната постапка | 20 |
| 3 | член 53 став 4 | Решение за отфрлање на предлогот заради неуплатен аванс | 21 |
| 4 | член 54 став 1 | Решение за спојување на постапките во единствена постапка | 22 |
| 5 | член 58 став 3 вв со член 60 | Решение за определување на мерки за обезбедување – пред донесување на решение за поведување на претходна постапка | 23 |
| 6 | член 52 | Решение поради повлекување на предлогот | 25 |
| 7 | член 55 став 2 | Решение за доставување на писмен извештај за финансиско-економска состојба на должникот | 26 |
| 8 | член 54 став 3 т 1 | Решение за отворање на стечајната постапка без да се спроведе претходна постапка | 27 |
| 9 | член 54 став 3 т 2 | Решение за отворање на стечајната постапка без да се спроведе претходна постапка по предлог на доверител | 29 |
| | **II** | **Решенија по поведување на претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка** | |
| 10 | член 54 став 1 и 2 | Решение за поведување на претходна постапка – без мерки за обезбедување | 33 |
| 11 | член 58 став 2 т 1 | Решение за определување на мерки за обезбедување – по донесено решението за поведување на претходна постапка | 34 |
| 12 | член 58 став 2 т 2 | Решение за определување на мерки за обезбедување – по донесено решението за поведување на претходна постапка | 36 |
| 13 | член 54 став 1 и 2 | Решение за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка – со мерки за обезбедување | 38 |
| 14 | член 59 став 2 | Решение за определување на вешто лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка | 41 |
| 15 | член 57 став 1 | Решение за приведување на членовите на органот на управување и на органот на надзор | 43 |
| 16 | член 57 став 2 | Решение за притвор на членовите на органот на управување | 45 |
| 17 | член 57 став 5 | Решение за изрекување на парична казна на членовите на органот на управување и на органот на надзор | 46 |
| 18 | член 66 став 3 | Решение за запирање на претходната постапка поради тоа што должникот станал способен за плаќање | 47 |
| 19 | член 62 | Решение за укинување на мерки за обезбедување | 49 |
| 20 | член 65 став 4 | Решение за преземање на долг од страна на трето лице и запирање на претходната постапка | 51 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 | член 52 став 2 | Решение за запирање на претходната постапка поради повлекување на предлогот од страна на предлагачот | 53 |
| 22 | член 66 ст 1 | Решение за одбивање на предлогот за отворање на стечајната постапка | 55 |
| 23 | член 69 | Решение за отворање на стечајна постапка | 56 |
| | **III** | **Решенија кои се донесуваат по повод предлогот кога стечајната постапка се отвора а не се спроведува и се заклучува** | |
| 24 | член 68 став 1 | Решение за отворање и заклучување на стечајната постапка | 59 |
| 25 | член 68 став 3 и 5 | Решение за спроведување на постапка за впаричување на имотот, во стечајна постапка која се отвора, не се спроведува и се заклучува | 61 |
| 26 | член 68 став 5 | Решение за спроведување на отворената стечајна постапка над ново пронајден имот | 63 |
| | **IV** | **Решенија кои се однесуваат на преземање и проценка на имотот во стечајна постапка** | |
| 27 | член 77 став 2 | Решение за предавање на имот на стечајниот должник кој е во владение кај трето лице без правен основ | 66 |
| 28 | член 82 став 2 | Решение за ангажирање на овластен проценувач | 67 |
| | **V** | **Решенија кои се донесуваат во фазата за испитување на пријавите за побарување поднесени од страна на доверителите** | |
| 29 | член 88 став 1 | Решение за отфрлање на пријава како ненавремена | 69 |
| 30 | член 88 став 2 | Решение за отфрлање на пријави како неуредна | 70 |
| 31 | член 88 став 2 | Заклучок за продолжување постапката за утврдување и оспорување на побарување | 71 |
| 32 | член 89 став 5 | Решение за утврдување и оспорување на побарување на доверителите | 72 |
| | **VI** | **Решенија во врска со именување и разрешување на стечајниот управник** | |
| 33 | член 32 став 1 и 2 | Решение за разрешување на постојниот и именување на друг стечаен управник врз основа на одлука на првото извештајно собрание на доверители | 76 |
| 34 | член 32 став 3 | Решение со кое се одбива предлогот за разрешување на стечајниот управник по одлука на прво извештајно собрание на доверители | 78 |
| 35 | член 35 став 3 | Решение за изрекување на парична казна на стечајниот управник | 79 |
| 36 | член 36 став 1 и 4 | Решение за разрешување на стечајниот управник поради неизвршување на обврските | 80 |
| 37 | член 36 | Решение со кое се одбива предлогот за разрешување на стечајниот управник | 82 |
| 38 | член 37 став 3 | Решение за одобрување на исплата на реално сторените трошоци во стечајната постапка | 83 |
| 39 | член 37 став 5 | Решение за определување на висината на наградата на стечајниот управник | 84 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **VII** | **Решенија  кои се донесуваат во врска со склучување договори за вработување и управување со имотот на стечајниот должник** | |
| 40 | член 134 став 2 | Решение со кое се дава одобрување стечајниот управник да склучи договор за кредит без обезбедување | 86 |
| 41 | член 134 став 3 | Решение со кое му се одобрува на стечајниот управник да склучи договор за кредит со обезбедување | 87 |
| 42 | член 166 став 5 | Решение со кое му се одобрува на стечајниот управник да склучува нови договори за вработување | 88 |
| | **VIII** | **Решенија кои судот ги донесува во врска со именувањето и  работата на одборот на доверители** | |
| 43 | член 39 | Решение за основање на одборот на доверители | 90 |
| 44 | член 41 | Решение за разрешување на член на одборот на доверители | 91 |
| 45 | член 44 став 2 | Решение за определување на наградата и надоместок на реално потребните трошоците на членовите на одборот на доверители | 93 |
| | **IX** | **Решенија кои судот ги донесува во врска со одржување на други собранија на доверители** | |
| 46 | член 46 став 1 и 2 | Решение со кое се свикува одржување на  другите собранија на доверители | 95 |
| 47 | член 46 став 4 | Решение за поништување на одлука на собранието на доверител | 96 |
| 48 | член 49 став 1 и 3 | Решение за укинување на одлука на собранието на доверители по предлог на стечајниот управник | 98 |
| 49 | член 49 став 4 | Решение со кое се одбива укинувањето на одлука на собранието на доверители по предлог на стечајниот управник | 100 |
| | **X** | **Решенија кои  судот ги донесува во врска со одржувањето на првото извештајно собрание на доверители** | |
| 50 | член 97 став 5 | Решение со кое се констатира дека на првото собрание на доверители се донесени одлуки | 102 |
| 51 | член 97 став 3 | Решение со кое се констатира дека на првото собрание на доверители прифатиле иницијатива за  изработка на план за реорганизација | 104 |
| | **XI** | **Решенија на судот во врска со продажба на имотот по електронски пат со јавно наддавање** | |
| 52 | член 98 став 4 | Решение по приговор на учесник во електронската продажба | 107 |
| 53 | член 100 став 1 | Решение за задолжување на купувачот да го уплати износот на постигнатата цена | 108 |
| 54 | член 98 став 3 | Решение со кое се констатира дека електронската продажба е неуспешна | 109 |
| 55 | член 100 став 2 | Решение со кое констатира дека имотот е продаден-уплатена постигната цена | 110 |
| 56 | член 107 став 1 | Решение за продажба на недвижности над која е стекнато право на одвоено намирување | 111 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | XII | **Решенија во врска со намирување на побарувањата на доверителите** | |
| 57 | член 191 став 3 | Решение за одобрување на планот за авансната распределба | 113 |
| 58 | член 196 став 6 | Решение за одобрување на планот за конечна распределба | 115 |
| 59 | член 197 | Решение за одобрување на завршна сметка и завршен извештај стечајниот судија | 117 |
| | XIII | **Решенија за заклучувањето на стечајната постапка и дополнително пронајден имот** | |
| 60 | член 200 став 1 | Решение за заклучување на стечајната постапка | 119 |
| 61 | член 201 став 1 | Решение за спроведување на дополнителна распределба | 121 |
| 62 | член 202 став 1 | Решение со кое се одбива спроведување на дополнителна распределба | 122 |
| | XIV | **Решенија за запирање на стечајната постапка** | **121** |
| 63 | член 205 став 1 вв член 212 | Решение за запирање на постапката заради непостоење на имот доволен за намирување на трошоците во постапката | 124 |
| 64 | член 210 вв член 212 | Решение за запирање на постапката поради дополнително утврдено непостоење на основи за отворање стечајна постапка | 126 |
| 65 | член 211 вв член 212 | Решение за запирање на постапката со согласност на доверителите | 128 |
| | XV | **Решенија во постапка за реорганизација во претходна постапка** | |
| 66 | член 215–в став 3 | Решение за отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка и спроведување на реорганизација по изготвениот план за реорганизација | 131 |
| 67 | член 215–в став 5 | Решение за отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка со изготвениот план за реорганизација поради неуреден план за реорганизација | 132 |
| 68 | член 215–г став 1 | Решение за поведување на претходна постапка за реорганизација со изготвен план за реорганизација со мерки за обезбедување | 133 |
| 69 | член 215–д став 3 | Решение со кое истовремено се отвора стечајната постапка и се одобрува прифаќањето на изготвениот план за реорганизација и се запира отворената стечајна постапка | 136 |
| 70 | член 215–д став 4 | Решение со кое се одбива предлогот за отворање на стечајната постапка со однапред изготвениот план за реорганизација | 140 |
| 71 | член 215-г став 2 вв член 62 | Решение со кое се укинуваат мерките за обезбедување по правосилноста на решението со кое се отвора стечајната постапка и се одобрува прифаќањето на изготвениот план | 142 |
| | XVI | **Решенија во реорганизација која се спроведува во отворена стечајна постапка** | |
| 72 | член 216 ст 2 | Решение за продолжување на рокот за поднесување на план за реорганизација | 145 |
| 73 | член 215–а став 6, вв член 216 ст 4 | Решение за впаричување на имотот поради ненавремено поднесен план за реорганизација | 146 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 74 | член 235 став 1 | Решение со кое се одобрува планот за реорганизација поднесен од доверителот | 147 |
| 75 | член 243 став 1 | Решение за заклучување на стечајната постапка заради одобрен план за реорганизација | 152 |
| 76 | член 236 | Решение со кое се одбива одобрување на планот за реорганизација поднесен од доверителот | 154 |
| 77 | член 252 став 1 | Решение за укинување на надзорот | 156 |
| 78 | член 252 став 1 | Решение за повторно отварање на стечајна постапка поради неспроведување на планот за реорганизација | 157 |
| | **XVII** | **Решенија во постапката за лично управување** | |
| 79 | член 255 став 2 | Решение со кое се усвојува барањето за лично управување | 160 |
| 80 | член 255 став 2 | Решение со кое се одбива барањето за лично управување | 162 |
| 81 | член 257 | Решение за укинување на решението за лично управување | 164 |
| | **XVIII** | **Решенија во постапката за ослободување од преостанати обврски** | |
| 82 | член 272 став 1 и 2 | Решение со кое се ослободува должник - поединец од преостанатите обврски по негово барање | 167 |
| 83 | член 273 | Решение со кое се одбива барањето на должникот за ослободување од преостанатите обврски | 169 |

**ВОВЕД**

Стечајот како поим на правото на друштвата може да се дефинира како начин на престанок на правниот субјективитет на едно трговско друштво.

Во економска смисла пак стечајот преставува инструмент на пазарот, преку кој се врши селекција на здравите и успешни трговски друштва за да можат да опстанат на пазарот за разлика од оние кои не се здрави.

За правата природа на стечајната постапка во теоријата има различни мислења. Тие се движат од тоа дека стечајната постапка е посебна граѓанска постапка до тоа дека е посебен вид на вонпарнична постапка, односно посебен вид на извршна постапка. Меѓутоа, овие теории преовладуваа во постарата литература и преставуваат дел од класичното сфаќање на стечајната постапка.

Денес може слободно да се каже дека се остапува од ваквото класично сфаќање на стечајната постапка како генерално извршување над имотот и се прифаќа модерното инсолвентно право кое покрај можноста за впаричување на имотот односно ликвидацијата на стечајниот должник предвидува и можност за спроведување на посебна постапка која може да доведе до продолжување на функционирањето на претпријатието на должникот со склучување на посебен договор за намирување на доверителите, предвиден во планот за реорганизација.

За разлика од стечајното право кое пред се занимава со проблематиката на исплатата на побарувањата на доверителите од стечајната маса, инсолвентното право нуди можности да се спречи престанувањето на должникот и распродавање на неговиот имот, привремено да се создадат услови преку планот за реорганизација претпријатието да продолжи да функционира, да се ослободи од долговите и да започне одново. Основна карактеристика на инсолвентното право е дуализмот на правните норми кои му овозможуваат на должникот и доверителите да изберат помеѓу постапката на стечај односто престанување од една страна и постапка на реорганизација од друга страна која во суштина преставува постапка на порамнување со доверителите која овозможува продолжување на функционирање на претпријатието и исплата на побарувањата на доверителите. Се карактеризира со тоа што доверителите го имаат последниот збор по однос на судбината на должникот.

Гледано од тој аспект, може да се каже дека Законот за стечај кој е во примена во Република Македонија е одраз на инсолвентното право и им овозможува на друштвата кои се во финансиски потешкотии да го санираат своето претпријатие уште пред да се отвори стечајната постапка.

Анализата на институтот реорганизација на стечајниот должник може да се направи од два аспекта. Едниот аспект е определување на поимот реорганизација во материјална правна смисла, а вториот е процесно правна смисла.

Гледано во материјално правна смисла под поимот реорганизацијата се подразбира процес со кој добрата, финансиска состојба и одржливоста на претпријатието на должникот може да се обноват, со тоа што претпријатието може да продолжи да функционира. Значи да се пристапи кон овој процес потребно е да постои добра финансиска состојба на должникот и претпријатието на должникот да функционира или пак да се создадат услови истото да продолжи да функционира. За да дојде до реорганизација овие два услова треба кумулативно да бидат исполнети. Значи не е неопходно за реорганизацијата во моментот на отворање на стечајната постапка претпријатието на должникот да функционира, до тоа може да дојде и во текот на стечајната постапка, на тој начин што деловниот процес дополнително ќе профункционира.

Во таа смисла можеме да кажеме дека реорганизацијата е сложен процес кој опфаќа финансиска реорганизација, организациона реорганизација на стечајниот должник. Карактеристично за системот на реорганизација вграден во нашиот закон е во тоа што во самата стечајна постапка не се спроведува и самата реорганизација на стечајниот должник

туку се спроведува постапката за реорганизација на субјектот во реорганизација. Во стечајната постапка се преземаат одредени мерки кои се насочени кон одржување на претпријатието на должникот и неговата деловна активност. Од друга страна во стечајната постапка се изготвува план за реорганизација со кој треба да доведе добрата, финансиска состојба и одржливоста на претпријатието на должникот да може да се обнови, така што претпријатието да може да продолжи да функционира.

Под постапка на реорганизација се подразбира постапка која го опфаќа предлогот на должникот за поведување на постапка за реорганизација, расправа и изјаснување на доверителите по предлогот, подготовка на планот за реорганизација, изјаснување на доверителите по планот за реорганизација и сите други активности кои ги преземаат стечајниот судија, должникот и доверителите заради и во врска со реорганизацијата на должникот врз основа на планот за реорганизација.

Во рамките на реорганизацијата на друштвото со финансиски потешкотии спаѓа и вонстечајната реоеганизација на должникот. Основна карактеристика на вака нормираната постапка е во тоа што во фокусот на постапката е друштвото во финансиски потешкотии кое треба да преземе чекори со цел да ја разреши кризата во која се нашло без разлика од кои причини таа настанала односно дали се тие внатрешни или надворешни причини.Се работи за спроведување на брза постапка за одобрување на планот за реорганизација кој претходно е составен од страна на друштвото со финансиски потешкотии и е потребно овој план да добие својство на извршна исправа и да биде одобрен од страна на доверителите.

Остварувањето на колективното намирување на побарувањата во стечајната постапка е можно само со вградување на посебни правни начела кои се специфични за таа постапка или со модификација на веќе прифатените правни начела познати во граѓанското процесно право.

Основна карактеристика на основните начела или материјално правни начела на стечајната постапка е во тоа што тие се заеднички и за двете постапки со кои се остварува колективното намирување на доверителите, односно како за постапката за впаричување на имотот така и за постапката на реорганизација. Сепак начинот на остварување на основните начела е прилагоден на посебните карактеристи на посебниот вид на колективното намирување. Всушност се работи за три основни начела.

Првото начело е начелото на *еднаков третман на доверителите* значи дека сите доверители кои се во однос кон стечајниот должник во иста положба, треба да се третираат подеднакво.

По отворањето на стечајната постапка и настапувањето на правните последици ова правило зазема основно место и исто е разработено во голем број на законски одредби и други дополнителни начела на стечајното право.

Всушност се работи за следните начела, начело на ограничување на правната способност на должникот, начело на ограничена автономија на доверителите, начело на актуализација и конверзија на побарувањата на доверителите, начело на откривање на финансиските податоци за должникот, начело на универзалност, начело на концентрација.

Второто основно начело на стечајната постапка е *обезбедување на најдобри услови за исплата на побарувањата на доверителите*. И ова начело е разработено преку многу правни правила како во постапката на впаричување на имотот така и во постапката за реорганизација на должникот. Со други зборови, стечајната постапка треба да се води на начин кој ќе создаде најприфатливи услови за максимизирање на наплата на побарувањето на доверителите.

Начелото на итност на постапка бара стечајната постапка да се спроведе итно и без непотребно одолговлекување. Поради тоа во скоро сите одредби се предвидени рокови во кои треба да се извршуваат процесните дејствија предвидени со закон. Начелото на итност се однесува како на претходната постапка, со тоа што во овој дел на постапката, судот е тој кој што ќе треба доследно да ги почитува роковите предвидени со закон. Начелото на итност е поврзано со начелото на ефикасност и економичност на стечајната постапка при што органите

на стечајната постапка треба да се грижат стечајната постапка да биде завршена во што е можно пократок рок, со помалку трошоци.

Основна карактеристика на законот за стечај што тој покрај материјално правни одредби содржи и одредби од процесен карактер кои се дел од т.н. стечајното процесно право. Се работи за посебен дел од граѓанското процесно право со свои карактеристики.

Во редот на процесните начела прво би го спомнале начелото на легалитет. Според ова начело стечајната постапка може да се отвори само во случај кога се исполнети услови за нејзино отворање. Значи само во случај кога по предлог на доверител во претходна постапка ќе се утврди дека должникот е инсолвентен односно кога должникот доставил докази од кои може да се утврди дека се исполнети услови за непосредно отворање на стечајната постапка.

Во редот на начелата на стечајното процесно право или процесните начела спаѓа и начелото на диспозиција на странките. Тоа значи дека стечајна постапка може да се поведе само по предлог на доверител или должник. Судот неможе да поведе стечајна постапка по службена должност ниту пак да продолжи водење на стечајна постапка во случај ако предлачот го повлекол предлогот, без разлика што должникот сеуште е инсолвентен.

Диспозицијата на доверителите доаѓа до израз по настапувањето на правните последици од отворената стечајна постапка. Така, секоја странка односно доверител има право да одлучи дали ќе поднесе пријава за побарување и со тоа ќе се стекне со својство на странка во стечајната постапка. Со самото тоа што доверителот нема да поднесе пријава за побарување во рокот објавен со огласот за отворање на стечајната постапка го губи правото на наплата на своето побарување во стечајната постапка. Исто така доверителот ќе изгуби право да води парница за утврдување на побарувањето доколку стечајниот управник му го оспорил побарување и тој во рок од осум дена не ја продолжи запоната парница или не поднесе тужба за утврдување на побарувањето. И во овој случај доаѓа до израз диспозицијата на доверителот.

Доверителот како странка во стечајната постапка слободно располага со процесниот материјал, односно тој одлучува кој процесен материјал ќе го достави до стечајниот управник заедно со пријавата за побарување во поткрепа на фактите на кои се повикал во пријавата за побарување.

Начелото на официелност во стечајната постапка се огледа во тоа што судот во веќе поведена стечајна постапка ги презема процесните дејствија. Така по поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка, оставено му е да одлучи дали ќе определи мерки за обезбедување и кои мерки за обезбедување до отворање на стечајната постапка ќе ги определи и да одржи рочиште на кое ќе одлучи дали се исполнети услови за отворање на стечајната постапка. И по отворањето на стечајната постапка и настанувањето на правните последици, судот се грижи за одржување на испитното рочиште, како и на првото собрание на доверители со тоа што во целост се грижи за управување со постапката преземењето на дејствијата кои се определени со закон.

Во врска со утврдувањето на фактите и изведувањето на доказите по однос на финансиската состојба на должникот, можеме да зборуваме и за начелото на јавност односно за откривање на сите податоци поврзани со работењето на должникот и неговата финансиска состојба. И ова начело е во функција на утврдувањето на фактите за состојбата на должникот и донесување на одлуките во стечајната постапка. Начелото на сослушување на странките или начело на контрадикторност според кое судот ќе и даде на секоја странка да се изјасни по барањата и наводите на спротивната странка во стечајната постапка е ограничено. Така во претходната постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка тоа начело доаѓа до полн израз само во случај кога доверителот или друго лице овластено со закон поднел предлог за отворање на стечајна постапка и должникот може да се произнесе по барањето во предлогот за отворање на стечајната постапка.

Меѓутоа во случај кога должникот поднел предлог за отворање на стечајна постапка во тој случај начелото на контрадикторност доаѓа до израз само во случај кога на страната на

должникот има повеќе лица кои се овластени за застапување или ликвидатори во тој случај постои можност судот да ги сослуша и другите лица овластени за застапување или ликвидатори кои предлогот не го поднеле предлогот за стечај.

Во оваа одредба постои уште едно ограничување на ова начело кое е поврзано со начелото на итност а тоа е судот да може да се откаже од солушувањето на лицата овластени за застапување односно лицата кои се носители на удели или акции доколку се со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство. Ова ограничување е воведено пред се поради нарушување на итноста на постапката. Карактеристика на стечајната постапка е што по правило таа повеќе странкарска постапка, па ова начело посебно доаѓа до израз при преземање на одредени дејствија од страна на судот поврзани со разрешување на органите на стечајната постапка, стечајниот управник и членовите на одборот на доверители. Пред судот да донесе одлука за разрешување на овие органи тој е должен да им овозможи да се произнесат.

Начелото на утврдување на вистината според кое само врз основа на правилно и наполно утврдена фактичка состојба, судот може да донесе правилна и законита одлука, во стечајната постапка доаѓа до полн израз во претходната постапка во која се испитуваат условите за отворање на стечајна постапка во случај кога предлогот за отворање на стечајна постапка го поднел доверителот или друго лице овластено со закон и во т.н. скратена постапка во која стечајната постапка не се спроведува и се заклучува.

Со оглед на тоа што стечајниот судија според одредбите на законот за стечај во повеќе случаи носи одлука тој треба да да ја истражи и да утврди вистината преку изведување на доказите. Во стечајната постапка, судот при утврдување на фактите не е врзан за класичните методи за испитување и оценување на нивната доказна вредност карактеристични за парничната постапка. По правило тоа го прави преку органите на стечајната постапка, посебно стечајниот управник како централен оперативен орган во стечајната постапка. Поради примената на начелото на итност во стечајната постапка како централно начело, контролата на утврдената вистина од страна на судијата е ограничена така што употребата на правото на жалба во стечајната постапка е сведено на многу малку случаи, доаѓа до израз одговорноста на стечајниот судија за законитото спроведување на стечајната постапка.

Процесните дејства во стечајната постапка по правило се преземаат писмено и поради тоа во неа е застапено начелото на писменост. Начелото на усност е застапено на рочиштата ко се одржуваат и при одлучување по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка странките по правило се изјаснуваат усно.

Инаку доминацијата на примената на начелото на писменост може да се види и во тоа што судот во стечајната постапка одлучува и без јавна расправа. Во таа смисла зза уште поголема ефикасност на стечајната постапка овозможена е изработка и обработка на сите табели во електронски форма. Судот закажува јавна и усна расправа во следните случаи:

- кога треба да се одлучува по предлогот за отворање на стечајна постапка
- испитно рочиште по оспорените побарувања и поднесените приговори од страна на доверителите
- првото извештајно собрание на доверители
- завршно собрание на доверители
- во случаите кога одлучува по предлогот за запирање на постапката
- кога доверителите одлучуваат по предложениот план за реорганизација
- кога судот одлучува по предлогот за укинување на решението со кое дозволил лично управување
- кога треба да се одлучува за укинување за ослободувањето од преостанати обврски

Во сите останати случаи кога со законот е определено дека доверителите можат да поднесат некој предлог или кога судот одлучува за некое друго прашање поврзано со именувањето на органите на стечајната постапка одлучува на рочиште без оржување на главна расправа.

Значи може да се заклучи дека во стечајната постапка е напуштен концептот кој е основен за парничната постапка, а тоа е единство на главна расправа. За некаков вид на главна расправа во стечајната постапка можеме да зборуваме за рочиштето на кое се одлучува по предлогот за отворање на стечајната постапка. Исто така во стечајната постапка не е познат институтот подготвување на главна расправа. Претходната постапка за утврдување на условите за отворање на стечајната постапка и процесните дејствија кои во неа се преземаат може да се каже дека се блиски до подготвителното рочиште.

Со оглед на тоа што постапка преставува низа на процесни дејствија кои ги преземаат процесните субјекти со кои се започнува, развива заклучува постапка.

Во стечајна постапка постои големо ограничување на расправното начело, па така за разлика од парничната постапка, во стечајната постапка не можат да се поднесуваат писмени предлози или изјави и приговори во случај кога ќе се пропушти рокот или рочиштето односно собранието на кое требало да се дадат или поднесат. Во стечајната постапка, процесната положба на странките е поинаква во однос на таа која ја имаат во парничната постапка.

Во стечајната постапка од нив се бара огромна дисциплина при преземањето на определено процесно дејствие од причина што во стечајната постапка не може да се бара враќање во поранешната состојба. Институтот враќање во поранешна состојба (restitutio in integrum) преставува процесно средство што има за цел да ги острани штетните последици од пропуштањето кога до пропуштање дошло поради оправдани причини.

Во стечајната постапка исклучена е примената на ова правно средство, што значи дека одредбите од законот за парнична постапка во овој дел неможе супсидиерно да се применува. Со други зборови, странката во стечајна постапка ги трпи сите штетни последици доколку пропушти да преземе одредено процесно дејствие, а тоа е најчесто губење на таквото право и неможе да бара судот да дозволи тоа дејствие да преземе. Во случај доверителот да поднесе до судот барање за враќање во поранешна состојба, судот ќе донесе решение за отфрлање на барање за враќање во поранешна состојба како недозволено. Ваквото правило е во функција на доразработување на начелото на итност.

Доставата како процесно дејствие произлегува од начелото на сослушување на странката во парничната постапка, односно од правото на странката да биде информирана за текот и содржината на процесните дејствија кои се преземаат во постапката. Веќе спомнавме дека ова начело во стечајната постапка е ограничено пред се поради фактот што во неа по правило учествуваат поголем број на учесници. Ограничувањето на ова начело влијае и на правилата за доставата на писмената, како и на начинот на кој учесниците во стечајната постапка треба да бидат известени за дејствија кои судот ги презема во постапката.

Во стечајната постапка доминира доставата на писмената преку јавното објавување. Може да направи разлика помеѓу три начина на јавно објавување кои се разликуваат меѓусебе . Тоа се достава со закачување на писменото на огласна табла на судот и огласна табла на должникот, јавно објавување во Службен весник на Република Македонија, други дневни весници, и преку регистарот на Е- стечај односно Централниот регистар. Во оваа поделба уште ќе го споменем и јавно објавување на писмена преку стечајното досие.

Според содржината на судската заштита која се дава во стечајната постапка разликуваме два вида на решение. Првиот вид на мериторно решение е од декларaторна природа и конститутивна природа.

Така во текот на стечајната постапка, Судот дава декларaторна правна заштита, односно утврдува постоење односно непостоење на некое право или правен основ. Се работи за решение кое се донесува по спроведување на постапката за утврдување на побарувања пријавени од страна на доверителите во која судот учествува индирекно додека главната процесна улога во оваа постапка ја има стечајниот управник.

Основна карактеристика на ова решение е во тоа што со него се утврдува постоење на одредено право или правен однос на доверителот спрема должникот и преставува извршна исправа врз основа на која доверителите како странка во постапка ги црпи сите други права

во текот на стечајната постапка. Исполнување на определена обврска е основното право кое се остварува во текот на стечајната постапка и гласачките права во органите на доверителите врз основа на кое доверителите управуваат со стечајната постапка. Според ставот на стечајниот управник спрема пријавеното побарување, може да направиме разлика помеѓу решение со кое целосно се утврдување побарувањето на доверителот, делумно се усвојува побарувањето и целосно да се оспори побарувањето.

Доверителите кои не успеале во текот на постапката за утврдување на побарувањата да го добијат деклатарна заштита, односно им било оспорено побарувањето тие можат во одреден законски рок да поведат или да ја продолжат започната парница, со тоа што доколку ќе биде донесена позитивна деклараторна пресуда во парнична постапка им овозможува да го остварат своето право на ист начин како и доверителите кои врз основа на решение на стечајниот судија се стекнале со вакво право.

Со решенијата од конститутивна природа во стечајната постапка се заснова правен однос кој дотогаш не постоел. Такви решенија во стечајната постапка се решението со кое се отвора стечјна постапка кој судот го носи само доколку постои предлог од овластен предлагач, решение со кое се заклучува стечајната постапка и др.

За овие решенија е карактеристично што со нивното донесување настануваат одредени правни последици кои влијаат на положбата на органите на управување на должникот и положбата на доверителите при остварувањето на своето право.

Карактеристика за овие решенија е што о моментот на насташувањето на правосилноста правните последици настапуваат ex lege со дејство од нивното донесување, односно јавно објавување. Тука посебно треба да се спомне една карактеристика на решението за отворање на стечајната постапка, а тоа е правните последици од еднаш донесено решение за отворање на стечајна постапка настапуваат од моментот на неговото објавување на огласна табла на судот и на нив не влијае тоа што по повод жалба ова решение е укинато. Ова правило се применува само доколку по укинувањето на решението од повисокиот суд било повторно донесено решение за отворање на стечајна постапка. Со други зборови стечајниот управник и понатаму ги презема дејствијата определени со законот по отворање на стечајната постапка, без разлика на поднесената жалба од страна на должникот на отворената стечајна постапка.

Третиот вид на решенија се оние со кои судот констатира, дека одреден орган во стечајната постапка донел одредено решение кое влијае на спроведувањето на стечајната постапка. На овој начин суд може го дозволи донесувањето на ваквата одлука или да не го дозволи. Само во случај кога кога ваквите одлуки на органите на доверители или стечајниот управник ќе бидат одобрени од судот тие произведуваат правно дејство и влијаат на засновање на одреден правен однос. Пример за ваквиот вид на решенија е решението со кое стечајниот судија го одобрува прифатениот план за реорганизација. Значи се работи за решение кое влијае на одлуката на доверителите донесена на собрание на доверители на кое се расправа за прифаќање на планот за реорганизација и покрај тоа што е постигнато мнозинство за прифаќање на планот за реорганизација, ако оцени дека се исполнети условите предвидени во конгетните правила, одлуката на доверителите да не ја прифати.

За правното дејство на решението со кое се заклучува постапка е карактеристично што по одредени услови, судот може да донесе решение стечајната постапка да продолжи или пак да биде спроведена. Значи и покрај тоа што судот мериторно одлучил тоа не е пречка стечајната постапка да биде продолжена.

Инаку, по однос на управувањето со стечајната постапка, Судот донесува два вида на одлуки со кои управува со стечајната постапка. Се работи за процесните решенија со кои судијата раководи со расправите и заклучокот со кој непосредно раководи со стечајната постапка на тој начин што му издава налог на службено лице или стечајниот управник за вршење одделни дејства.

Карактеристично за стечајната постапка е тоа што и органите на стечајната постапка како што се стечајниот управник, одборот на доверители и собранието на доверители носат одлуки со кои управуваат со стечајната постапка.

За стечајниот управник е карактеристично дека само во еден случај може да донесе решение. Решението кое го донесува стечајниот управник преставува извршување на обврските кои произлегува од правните последици кои имаат влијание на договорите за вработување кои ги склучиле вработените со должникот и договорите со кои се уредуваат односите помеѓу друштвото и извршните членови на одборот на директори, членовите на управниот одбор и управителот. Овие договори со настанување на правните последици од стечајната постапка престануваат ex lege и стечајниот управник со решение констатира дека до престанок на договите за вработување како и другите договори дошло поради отворање на стечајната постапка.

За доверителите е карактеристично тоа што во нивна надлежност е донесување на најважните одлуки во стечајната постапка. Како посебен пример за ваквата улога на доверители, а кој не е и единствен е тоа што на првото извештајно собрание на доверители, носат одлука за продолжување на деловниот потфат или негово затворање. Ако донесат одлука за затворање на деловниот потфат тоа значи и спроведување на стечајна постапка насочена кон ликвидација (вапричување) на имотот на должникот која завршува со негово дефинитивно излегување од пазарот и правната сцена.

Во врска со одлуките кои се донесуваат во стечајната постапка треба да се спомене дека преземањето на сите процесни дејствија и донесувањето на одлуките е поврзано со одреден рок. Се работи за протек на одреден временски период во кој може да биде преземено определено процесно дејствие односно временски период пред истекот на кој неможе да се преземе одредено процесно дејствие.

Така со законот се определени законски рокови кој се однесува на постапување на судот, доверителите како и учесниците во стечајната постапка. Се работи за рокови чие траење неможе да се менува. Од друга страна судските рокови ги определува судот врз основа на законско овластување и тие можат да се продолжуваат по предлог на органот на стечајната постапка.

Инаку,со оглед на тоа дали одредено процесно дејствие и по протекот на рокот може да се преземе, роковите можат да се поделат на преклузивни, инструктивни и дилаторни. Во првиот случај за преклузивните рокови е карактеристично тоа дека не преземање на процесно дејствие во определениот рок, доведува до губење на можноста тоа процесно дејствие да биде преземено. Во стечајната постапка пример за преклузивен рок се законските рокови предвидени за пријавување на побарувањата кај стечајниот управник. Па така доколку стечајните доверители не поднесат пријава за побарување во рок од петнаесет дена од денот на објавувањето на огласот за отворена стечајна постапка во Служвен весник на Република Македонија го губат правото да побараат од стечајниот управник тоа побарување да биде утврдено во стечајна постапка, а со тоа и го губат воопшто правото на наплата на тоа побарување.

И во случај кога доверителот бил упатен на спор со решение на стечајниот судија го пропушти рокот од осум дена за поднесување на тужба за утврдување на побарувањето или да ја продолжи парницата која пред отворање на стечајната постапка била водена во тој случај губи право на судска заштита за наплата на побарувањето оспорено со решението на стечајниот судија. И во овој случај судот пред кој е поднесена тужбата за утврдување на побарувањето треба да го одбие тужбеното барање поради пропуштање на материјалноправни рокови.

Од друга страна инструктивни се роковите чие пропуштање не доведува до губење на правото да се преземе одредено процесно дејствие поврзано со тој рок.Тоа значи дека одредено процесно дејствие може да се преземе и покрај тоа што е пропуштен рокот. Во стечајната постапка во многу случаи роковите се инструктивни. Така на пример стечајниот

управник има обврска да го објави огласот за отворена стечајна постапка во рок од три дена по доставувањето на огласот. Пропуштањето на овој рок  не влијае на процесното дејствие кое треба да го изврши стечајниот управник. Сепак други инструктивни рокови  во стечајната постапка директно не влијаат на преземањето на одредено процесно дејствија меѓутоа може индиректно да преставуваат причина за разрешување на стечајниот управник.

Во таа смисла може да каже дека овој вид на рокови преставува само инструкција како странките така и за судот во кој период треба да преземат одредено процесно дејствие. Сепак поради начелото на итност и овие рокови и судот и органите на стечајната постапка мора да ги почетуваат. Наведено пред се поради фактот што брзо спроведување на стечајната постапка значи и побрза алокација на имотот на инсолвентниот должник и овозможување истиот да биде ставен во функција во најкраток можен рок.

Во стечајната постапка постојат и дилаторни рокови кои значат неможност да се преземе определено процесно дејствие пред истекот на рокот. Пред протекот на предвидениот рок одредено процесно дејствие не може да биде преземено.

Правото на правен лек е едно од основните процесни права на учесниците во постапката. Истовремено може да се каже дека се работи за посебно процесно дејствие на учесниците во стечајната постапка кое има диспозитивен карактер. Со други зборови, контролата на законитоста на донесеното решение во стечајната постапка може да се изврши и зависи само доколку лицето според овој закон тоа го побарало во оставениот законски рок.

Користењето на правните лекови му помага на лицето кое е овластено да го поднесе да се заштити од незаконити и неправилни решенија донесени од страна на стечајниот судија. Значи со преземањето на ова процесно дејствие се создаваат услови побиваното решение да биде испитано, како од аспект на тоа што при неговото донесување се направени грешки од процесен аспект, односно грешки во утврдувањето на фактичката состојба, така и примена на материјалното право.

Сложеноста на системот на колективно намирување на доверителите кој не треба да се поистоветува со системот на генерално извршување, услови и воспоставување на посебни правила кои се разликуваат од правилата кои ја регулираат парничната постапката.

Тоа се однесува и правните лекови кои можат да се поднесат во стечајната постапка. Основен правен лек е жалбата. Покрај жалбата, правен лек кој може да се употреби во стечајната постапка е приговорот. За приговорот е карактеристично што тој се поднесува само против заклучок кој го донесува стечајниот судија.

Жалбата во стечајната постапка е редовен правен лек што значи дека таа се поднесува против неправосилно решение донесено во стечајната постапка.

Жалбата во стечајната постапка е самостоен правен лек, бидејќи во секој случај се поднесува посебно.

Понатамошна карактеристика на жалбата како правен лек во стечајната постапка е тоа што се работи за еднostран правен лек од причина што со законот кој се применува супсидиерно во стечајната постапка исклучена е можноста противникот да поднесе одговор на жалба.

По однос на процесните решенија кои стечајниот судија ги носи заради управување со стечајната постапка жалбата не е дозволена.

По однос на рокот за поднесување на жалба против решение донесено од стечаен судија основно правило е тој да изнесува осум дена. Се работи за преклузивен рок, чие пропуштање значи губење на правото на жалба.

Со законот за стечај е предвидена концетрацијата на донесувањето на одлуките по жалба во Апелационите судови,. Понатаму предвидени се посебни одредби со кои се регулира постапката по повод поднесената жалба. Така стечајниот судија ја цени навременоста, дозволеноста како и тоа дали поднесената жалба е целосна. Исто така тука треба посебно да се спомене дека странката која поднесува жалба мора заедно со

поднесената жалба да достави доказ за тоа дека судската такса е платена. Во спротивно стечајниот судија може да донесе решение со кое жалбата ќе ја отфрли.

Второстепениот суд во рамките на својата надлежност одлучува за процесните претпоставки за мериторно одлучаување по поднесената жалба во случај кога првостепениот суд тоа ќе го пропушти или пак погрешно одлучил по процесните прашања.

Исто така сега е предвиден и рок во кој стечајниот судија предметот со сите списи треба да го достави до надлежниот апелационен суд. Тоа е првиот работен ден по приемот на жалбата. Поднесената жалба не се доставува на одговор на спротивната страна.

Покрај тоа што е предвиден рок во кој стечајниот судија е должен да ја достави жалбата до второстепениот суд на одлучување предвиден е и рок во кој второстепениот суд треба да одлучи по поднесената жалба. Општ рок во кој треба второстепениот суд да донесе одлука е триесет дена од денот на приемот на жалбата. Тука веднаш треба да се спомене дека со овој закон се предвидени и посебни рокови во кој второстепениот суд треба да одлучи.

Исклучена е можноста по поднесената жалба во стечајната постапка да се одржи расправа пред второстепениот суд. Исто така предвидена е можноста второстепениот суд мериторно да одлучи без одржување на расправа во случај кога ќе се утврди дека решението против кое е изјавена жалба се заснова на суштествена повреда на одредбите на стечајната постапка или на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, а решението веќе еднаш било укинато.

Понатаму со законот е предвиден рок во кој стечајниот судија е должен да постапи во случај кога решението се укинува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење. Значи кога второстепениот суд ќе го укине решението и предметот го вратил на повторно одлучување пред првостепениот суд, стечајниот судија е должен во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на второстепениот суд повторно да донесе решение, односно да закаже рочиште на кое ќе донесе одлука во зависност од конкретниот случај.

За да може да изјави жалба во стечајна постапка треба да бидат исполнети одредени посебни препоставки кои се поврзани со дозволеноста на правниот лек со закон. Дозволеноста на жалбата во стечајна постапка треба да се цени преку тоа дали законот предвидува можност против одредено решение да се поднесе жалба. Дозволеноста на жалбата во стечајна постапка треба да се цени преку тоа дали законот предвидува можност против одредено решение да се поднесе жалба. Предвидени се случаите во кои е дозволено преземање на ова правно дејствие, односно кога тоа не е дозволено.

Учесниците во стечајната постапка не можат да користат вонредни правни лекови против одлуките кои се донесуваат во стечајната постапка. Со тоа во овој случај јасно е исклучена примената на законот кој ја регулира парничната постапка кој во оваа постапка супсидиерно се применува, со кој е предвидено дека против правосилна пресуда странките како вонредни правни лекови можат да поднесат ревизија и повторување на постапката.

# I.
# Решенија по поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка

**ПРИМЕР 1: Решение за отфрлање на предлогот заради негово неуредување од страна на предлагачот - член 53 став 1 и 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)/ член 32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/2013)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот поднесен од доверителот________ како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ПРЕДЛОГОТ** на предлагачот ________ , со седиште/адреса на _________, со ЕМБГ/ЕМБС, ЕДБ_____, за отворање на стечајна постапка над должникот_______ со седиште _____________,ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ОТФРЛА КАКО НЕУРЕДЕН.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, повикувајќи се на тоа дека има побарување спрема должникот. Предлагачот наведе дека должникот е инсолвентен односно неспособен да врши плаќање од причини што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување.

Судот, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка, утврдил дека предлогот не е целосен и дека не се поднесени сите потребни докази за да може да постапува по истиот. Постапувајќи, согласно член 53 став 1 од Законот за стечај, Судот го вратил предлогот на предлагачот и го задолжил да го уреди во рок од осум дена по приемот на предлогот. И покрај тоа што предлагачот го примил предлогот на ден______ , до денот на донесувањето на решението, односно по протек на законскиот рок не доставил уреден предлог со докази.

При таква состојба, следуваше, Судот согласно член 32 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/2013)со кој е изменет членот 53 став 2 од наведениот закон да одлучи како во изреката од решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

**Стечаен судија,**
**______________**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение **не е дозволена жалба.**
**Д.Н.** Решението се доставува до предлагачот

**ПРИМЕР 2: Решение за аванс на трошоците за претходната постапка – член 53 став 3 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) /член 32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот поднесен од доверителот________ како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** предлагачот _________, со седиште/адреса на _________, со ЕМБГ/ЕМБС, ЕДБ_____, на име аванс на трошоци за претходната постапка да уплати износ од _____ денари во рок од осум дена по приемот на решението на депозитната сметка _______ на овој суд.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд на ден____ наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, повикувајќи се на тоа дека има побарување спрема должникот. Предлагачот наведе дека должникот е инсолвентен односно неспособен врши плаќање од причини што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето на предлагачот, истиот до судот заедно со предлогот достави и правосилна и извршна Пресуда ТСС бр, ____ донесена од Основниот суд _________.

Исто така достави и потврда издадена од Централниот регистар на РМ, дека должникот не ги исплаќа доспеаните побарувања повеќе од 45 дена.

Судот постапувајќи во смисла на член 32 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013) со кој е изменет и дополнет членот 53 од Законот за стечај го задолжи, предлагачот на име аванс на трошоци за претходната постапка да уплати износ од _____денари во рок од осум дена од приемот на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

**Стечаен судија,**
**_______________**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.
**Д.Н.** Решението да се достави до предлагачот.

**ПРИМЕР 3: Решение за отфрлање на предлогот заради не уплатен аванс - член 53 став 4 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) /член 32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот поднесен од доверителот________ како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ПРЕДЛОГОТ** на предлагачот ________ со седиште/адреса на _________, со ЕМБГ/ЕМБС, ЕДБ_____, застапуван од _______ за отворање на стечајна постапка над должникот________ со седиште/адреса на _________, со ЕМБГ/ЕМБС, ЕДБ_____,. **СЕ ОТФРЛА поради неуплатен аванс за покривање на трошоците на претходната постапка.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд на ден____ наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, повикувајќи се на тоа дека има побарување спрема должникот. Предлагачот наведе дека должникот е инсолвентен односно неспособен врши плаќање од причини што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето на предлагачот, истиот до судот заедно со предлогот достави и правосилна и извршна Пресуда ТСС бр, ____ донесена од Оснониот суд Скопје II Скопје.

Исто така достави и потврда издадена од Централниот регистар на РМ, дека должникот не ги исплаќа доспеаните побарувања повеќе од 45 дена.

Во конкретниот случај не е спорно дека Судот со решение СТ.бр. **_/_** од**___** **,** го задолжи предлагачот на име аванс за водење на претходна постапка во рок од осум дена од приемот на решението да уплати износ од ___ денари. Видно од повратницата за лична достава, предлагачот ова решение го примил на ден _______.

Со оглед на тоа што, предлагачот не уплатил аванс за водење на претходна постапка во законскиот рок, следуваше Судот согласно член 32 став 4од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013) со кој е изменет членот 53 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

**Стечаен судија**,
______________

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение не е дозволено право на жалба**
**Д.Н.** Решението се доставува до предлагачот.

**ПРИМЕР 4: Решение за спојување на постапките во единствена постапка - член 54 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) /член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот поднесен од доверителот________ како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________и тоа по службена должност вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ СПОЈУВААТ постапките** по поднесените предлози за отворање на стечајна постапка од доверителите__________ како предлагачи над должникот ________, во единствена постапка заведена под Ст.бр. **____/____.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд на ден____ наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, повикувајќи се на тоа дека има побарување спрема должникот. Предлагачот наведе дека должникот е инсолвентен односно неспособен да врши плаќање од причини што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето на предлагачот, истиот до судот заедно со предлогот достави и правосилна и извршна Пресуда ТСС бр, _____од ___ донесена од Оснониот суд __________.

Исто така достави и потврда издадена од Централниот регистар на РМ, дека должникот не ги исплаќа доспеаните побарувања повеќе од 45 дена.

Судот постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка по службена должност, утврди дека и други доверители поднеле предлози за отворање на стечајна постапка над должникот.

При таква состојба следуваше, Судот согласно член 33 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2013) со кој е променет членот 54 став 1 од Законот за стечај да определи да се спојат постапките по подоцна поднесените предлози за отворање на стечајна постапка над должник во единствена постапка.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е **дозволена жалба**
**Д.Н.** Решението се доставува до предлагачите и должникот

**ПРИМЕР 5: Решение за определување на мерки за обезбедување – пред поведување на претходна постапка - член 58 став 2 и 3 а в.в. со член 59 и член 60 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот на доверителот ________како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** следните мерки за обезбедување:

За **привремен стечаен управник** се определува лицето ________ од ________ кое се стекнало со звање овластен стечаен управник кој ја врши дејноста ________

**СЕ ОДРЕДУВА ОПШТА ЗАБРАНА** на должникот за располагање со имотот на должникот.

Привремениот стечаен управник го презема овластувањето да управува со имотот на стечајниот должник како и да го застапува должникот во парниците кои ги води должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот, односно на должникот поединец за водење на работењето, сé до донесувањето на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори, и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите;

**СЕ ЗАДОЛЖУВА,** привремениот стечаен управник како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка односно дали должникот е неспособен за плаќање

**СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот** да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**СЕ ЗАБРАНУВА** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите должници да ги исполнат своите обврски спрема должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање, да ги исполнат своите обврски кон должникот**.**

Решението да се достави до Централниот регистар на Република Македонија заради упис на ограничувањата во трговскиот регистар.

Решението да се достави до соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централниот регистар и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

Решението да се објави на Огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд __________ и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот

на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот судот доставил потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ, согласно членот 5 став 4 од Законот за стечај. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Судот по службена должност постапувајќи во смисла на член 58, од Законот за стечај, пред да донесе решение за поведување на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка определи мерките за обезбедување како во изреката на решението од причина што оцени дека во конкретниот случај постојат околности кои влијаат на промена на финансискиот статус и имотната положба на должникот. Имено, од доставените докази, Судот утврди дека органите на управување на должникот преземаат дејствија кои се насочени кон намалување на имотот на должникот. При таква состојба, Судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерки за обезбедување пред донесување на решение за поведување на претходна постапка и со тоа, би се спречило да настанат такви промени по финансискиот статус и имотната положба на должникот што за доверителите би можеле да бидат неповолни.

Во таа смисла, Судот согласно членот 58 став 2 точки 1, 2, и 3 и членот 59 став 1 точки 1, 2 и 3, став 4 и 61 став 1 од Законот за стечај, определи привремен стечаен управник, на кого преминува овластувањето да управува со имотот на должникот, како и да го застапува должникот во сите парници и го задолжи должникот да му овозможи на истиот да ги презема сите дејствија определени со горенаведениот закон. Согласно член 58 став 5 од истиот закон правните последици од решението за определување на мерки за обезбедување настануваат наредниот ден од денот кога била извршена доставата.

Судот определи и објавување на ова решение согласно членот 60 во врска со членот 10 став 1 од Законот за стечај, а истото решение се објавува на Огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение **не е дозволена жалба**

**Д.Н.** до должникот, предлагачот, привремениот стечаен управник, Централниот регистар на РМ и другите јавни книги, Огласна табла на судот и Службен Весник на РМ и надлежните извршители.

**ПРИМЕР 6: Решение поради повлекување на предлогот од страна на предлагачот - член 52 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот на доверителот ________како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА ПОВЛЕКУВАЊЕ** на предлогот за отворање на стечајна постапка поднесен од предлагачот ______ над должникот________ со седиште ______ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, и сметка________.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** предлагачот да му исплати на должникот на име трошоци во постапката износ од ____ денари.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот постапувајќи како доверител, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд __________ и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот судот доставил потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ, согласно членот 5 став 4 од Законот за стечај. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Во текот на постапката, предлагачот до Судот на ден_____достави допис со кој го извести судот дека го повлекува предлогот за отворање на стечајна постапка над должник.

Судот постапувајќи по поднесокот на предлагачот одлучи како во изреката на решението, а од следните причини:

Во конкретниот случај, Судот утврди дека предлагачот поднесокот за повлекување на предлогот за отворање на стечајна постапка го доставил до судот пред да биде поведена претходната постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка. При таква состојба оцени дека се исполнети условите од член 52 став 1 од наведениот закон поради што одлучи како во став 1 од изреката.

Судот, постапувајќи во смисла на член 52 став 2 од Законот за стечај, го задолжи предлагачот да му исплати на должникот износ од ____ денари на име трошоци во постапката, поради што одлучи како во став 2 од израката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.
**Д.Н.** до предлагачот и должникот.

**ПРИМЕР 7: Решение за доставување на писмен извештај за финансиско-економска состојба на должникот - член 55 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од должникот како предлагач________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот________ со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка сметка________, да му предаде на судот писмен извештај за финансиско – економската состојба во рок од 8 дена по приемот на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, повикувајќи се на тоа дека истиот е неспособен за плаќање – инсолвентен.

Наведе дека истиот не може да ги намирува пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Заедно со предлогот до судот достави докази за постоењето на инсолвентноста, потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ.

Постапувајќи по поднесениот предлог за отворање на стечајна постапка поднесен од должникот, Судот утврди дека истиот не доставил писмен извештај за својата економско финансиска состојба.

При таква состојба, судот согласно членот 55 став 2 од Законот за стечај одлучи како во изреката на решението, со тоа што определи рок од 8 дена во кој должникот треба да му предаде на судот писмен извештај за неговата финасиско – економска состојба. За вистинитоста на дадениот извештај членовите на органите на должникот, односно, должникот – поединец одговараат кривично и материјално. .

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** до должникот

**ПРИМЕР 8: Решение за отворање на стечајната постапка без спроведување претходна постапка - член 54 став 3 точка 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од должникот ___________ како предлагач, ________ на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присутство на застапникот по закон на должникот__________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** без спроведување на претходна постапка над должникот, фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката_________; на ден _____ година, во ____ часот,.

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК** се именува име, презиме и адреса ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста како________

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на решението во”Службен весник на Република Македонија", да ги пријават побарувањата како и разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги кај стечајниот управник.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар, и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и другите соодветни регистри.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот. (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

**СЕ ЗАКАЖУВА** собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка на ____ година, во _____ часот. (извештајно собрание). (ако не се спојува со испитното рочиште треба да се закаже најдоцна во рок од осум ден по денот на завршувањето на испитното рочиште).

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во”Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот како предлачат, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, повикувајќи се на тоа дека истиот е неспособен за плаќање – инсолвентен.

Наведе дека истиот не може да ги намирува пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Заедно со предлогот до судот достави докази за постоењето на инсолвентноста, потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ. Воедно заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка достави и извештај за економско финансиска состојба.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка и извршениот увид во приложените докази, Судот утврди дека во конкретниот случај се исполнети условите за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка. Во таа смисла согласно член 64 став 2 од истиот закон закажа рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка.

На рочиштето заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка, застапникот па закон на должникот остана кон се што е наведено во предлогот за отворање на стечајната постапка и извештајот за економско – финансиска положба. Наведе дека должникот поседува подвижен и недвижен имот над кој може да се отвори стечајна постпка и да се намируваат побарувањата на доверителите. При вака утврдена фактичка состојба, судот одлучил како во изреката на решението а поради следните причини:

Согласно член 5 став 1 в.в. член 51 став 1 од Законот за стечај, стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога се исполнети условите од овој закон, односно, стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање.

Согласно член 5 став 2 од истиот закон, ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

Во член 54 став 3 од истиот закон е предвидено дека, стечајниот судија може да донесе решение за отворање на стечајна постапка без да спроведе претходна постапка ако предлогот за отворање на стечајна постапка го поднел стечајниот должник, односно ликвидатор, заедно со извештај согласно со членот 55 став (2) од овој закон, како и со потребните исправи и докази од кои може да утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

Судот во конкретниот случај неспорно утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот бидејќи истиот е инсолвентен односно не е состојба да ги намири пристигнатите обврски повеќе од 45 дена. Воедно од извештајот за економско финансиска состојба како и изјавата на управителот на одржаното рочиште, Судот утврди дека должникот има подвижен и недвижен имот над кој може да се отвори стечајна постапка.

При таква состојба, следуваше да одлучи како во ставовите 1 од изреката на решението.

Судот одлучи како во ставот 2 во изреката на решението согласно член 31 став 1 и 2 в.в. со член 69 став 1 од истиот закон со тоа што стечајниот управник беше избран по методата на електронски избор . Притоа, Судот при именувањето на стечајниот управник ги имаше во предвид условите предвидени во член 22 од истиот закон.

Судот одлучил како во ставот 4,5,6, 7 во изреката на решението согласно членот 69 став 3,4,5и 6 од истиот закон. Судот одлучил како во став 7 и 8 во изреката на решението согласно членот 70 став 1 точки 1 и 2 од истиот закон.Објавувањето и доставувањето на решението да се изврши согласно член 72 од истиот закон.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

**Стечаен судија,**

**_______________**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од осум дена преку овој суд до Апелациониот суд ______________

**Д.Н.** должникот, стечајниот управник, на Огласна табла во судот, Централниот регистар на РМ, соодветните јавни книги, банките кои се носители на платен промет, се објавува оглас во"Службен весник на Република Македонија", два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

**ПРИМЕР 9: решение за отворање на стечајната постапка без спроведување претходна постапка - член 54 став 3 точка 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверител ___________ како предлагач, над должникот ________ на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присуство на предлагачот и застапникот по закон на должникот__________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УСВОЈУВА** предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот________ како предлагач.

**СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** без спроведување на претходна постапка над должникот, фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката_________; на ден _____ година, во ____ часот,.

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК** се именува име, презиме и адреса ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста како ________

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на решението во”Службен весник на Република Македонија", да ги пријаваат побарувањата како и разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги кај стечајниот управник

**СЕ ПОВИКУВААТ должниците на стечајниот должник** да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар, и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и другите соодветни регистри.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот. (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

**СЕ ЗАКАЖУВА** собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка на ____ година, во _____ часот. (извештајно собрание). (ако не се спојува со испитното рочиште треба да се закаже најдоцна во рок од осум ден по денот на завршувањето на испитното рочиште).

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во”Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот постапувајќи како доверител, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд ________ и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето –

инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот судот доставил потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ, согласно членот 5 став 4 од Законот за стечај

Судот утврди дека по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот доставил до судот поднесок со кој наведува дека признава дека е инсовентен бидејќи не е во во состојба да ги исплати пристигнатите побарувањата на доверителите во рок од 45 дена и дека истиот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка. Воедно должникот доставил извештај за економско финансиска положба и докази од кои може да се утврди дека има во сопственост подвижен и недвижен имот. над кој може да се отвори стечајна постапка.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка и извршениот увид во приложените докази судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка. Во таа смисла согласно член 64 став 2 од истиот закон закажа рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка.

На рочиштето заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка, предлагачот отана во се како во предлогот додека застапникот па закон на должникот остана кон се што е наведено во поднесокот доствен до судот и извештајот за економско – финансиска положба. Наведе дека должникот поседува подвижен и недвижен имот над кој може да се отвори стечајна постпка и да се намируваат побарувањата на доверителите. При вака утврдена фактичка состојба, судот одлучил како во изреката на решението а поради следните причини:

Согласно член 5 став 1 в.в. член 51 став 1 од Законот за стечај, стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога се исполнети условите од овој закон, односно, стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање.

Согласно член 5 став 2 од истиот закон, ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

Во член 54 став 3 точка 2 од истиот закон е предвидено дека, стечајниот судија може да донесе решение за отворање на стечајна постапка без да спроведе претходна постапка ако по предлогот на доверител, стечајниот должник го признае постоењето на условите за отворање на стечајна постапка и дека има имот над кој може да се спроведе стечајната постапка.

Судот во конкретниот случај неспорно утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот бидејќи истиот е инсолвентен односно не е состојба да ги намири пристигнатите обврски повеќе од 45 дена. Воедно од поднесокот и извештајот за економско финансиска состојба како и изјавата на управителот на одржаното рочиште утврди дека должникот има подвижен и недвижен имот над кој може да се отвори стечајна постапка.

При таква состојба, следуваше да одлучи како во ставовите 1 и 2 од изреката на решението.

Судот одлучи како во ставот 3 во изреката на решението согласно член 31 став 1 и 2 од истиот закон со тоа што стечајниот управник беше избран по методата на електронски избор на стечајниот управник. Притоа, Судот при именувањето на стечајниот управник ги имаше во предвид условите предвидени во член 22 од истиот закон.

Судот одлучил како во ставот 4,5,6, 7 во изреката на решението согласно членот 69 став 3,4,5и 6 од истиот закон. Судот одлучил како во став 7 и 8 во изреката на решението согласно членот 70 став 1 точки 1 и 2 од истиот закон.Објавувањето и доставувањето на решението да се изврши согласно член 72 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

**Стечаен судија,**

**______________**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од осум дена преку овој суд до Апелациониот суд ______________

**Д.Н.** до должникот, стечајниот управник, , Централниот регистар на РМ, соодветните јавни книги, банките кои се носители на платен промет, извршители да се објави во”Службен весник на Република Македонија", на огласна табла во судот два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија,

# II
# Решенија  по поведување на  претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка

**ПРИМЕР 10: Решение за поведување на претходна постапка – без мерки за обезбедување член 54 став 1 и 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка над должникот ________, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________,со сметка________,

**СЕ ЗАКАЖУВА рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка,** на ден ____ во ____ часот, во соба ____ на овој суд. ( најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесување на решението за поведување на претходна постапка) )

**СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот** _________ по приемот на решението да му ги стави на располагање сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд _________ и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Судот во текот на постапката донесе и решение Ст.бр.___/___од ______ со кое определи аванс на трошоците за претходната постапка, а согласно член 53 став 3 од Законот за стечај. Предлагачот во законскиот рок го уплати определениот аванс на трошоци за претходна постапка.

При таква состојба, Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка во смисла на членот 54 став 1 и да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба

**Д.Н.** до должникот со примерок на примерок од предлогот за отворање на стечајната постапка, предлагачот доверител, Централен регистар на Република Македонија заради упис во трговскиот регистар, се објавува на веб страната на судот

**ПРИМЕР 11: решение за определување на мерки за обезбедување – по донесено решението за поведување на претходна постапка - член 58 став 2 точка 1 а в.в. со член 59 и член 60 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот на доверителот ________како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** следните мерки за обезбедување:

За **привремен стечаен управник** се определува лицето ________ од ________ кое се стекнало со звање овластен стечаен управник кој ја врши дејноста ________

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** ограничување во располагањето на органите на управување на должникот со имотот на стечајниот должник.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** органите на управување на должникот за секое располагање со имотот да побараат претходна дозвола на привремениот стечаен управник

Преземените правни дејствија од страна на органите на управување на должникот при располагање со имотот без согласност на привремениот стечаен управник, **НЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ПРАВНО ДЕЈСТВО**.

**СЕ ЗАБРАНУВА** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори, и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите

**СЕ ЗАДОЛЖУВА,** привремениот стечаен управник како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка односно дали должникот е неспособен за плаќање

**СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот** да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите должници да ги исполнат своите обврски спрема должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање, да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Решението да се достави до Централниот регистар во кој е запишан должникот.

Решението да се достави до соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централниот регистар и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

Решението да се објави на Огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд Скопје II Скопје и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеже од 45 дена. Со тоа го

направи веројатно  тврдењето дека должникот е  неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот судот доставил потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ, согласно членот 5 став 4 од Законот за стечај. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на  доверителите  со склучување на договори за цесија.

Судот постапувајки по предлогот за отворање на стечајна постапка,  со решение Ст.бр.___/__од __________ поведе  претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка.

Судот по предлог за предлагачот постапувајќи во смисла на член 58 став 1 од Законот за стечај, определи и мерки за обезбедување како во  изреката на решението од причина што оцени дека  во конкретниот случај постојат околности кои влијаат промена на финансискиот статус и имотната положба на должникот.

Имено, од доставените докази, Судот утврди дека органите на управување на должникот преземаат дејствија кои се насочени кон намалување на имотот на должникот. При таква состојба, Судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерки за обезбедување. Судот во конкретниот случај  определи органите на управување на должникот и понатаму да располагаат со имотот со тоа што се должни за секое преземено дејствије да побараат согласност  од привремениот стечаен управник. Преземеното дејствије   од страна на органите на управување со кое располагале со имотот  без дозвола на привремениот стечаен управник на произведува правно дејствие и е ништовно.

Во таа смисла, Судот согласно членот 58 став 2 точки 1, 2, и 4 и членот 59 став 1 точки 1, 2 и 3, како и членот 59 став 4 од законот за стечај, одлучи како во изреката на решението.

Согласно член 58 став 5 од  истиот закон правните последици од решението за определување на мерки за обезбедување настануваат наредниот ден од денот кога  била извршена доставата.

Судот определи и објавување на ова решение согласно членот 60 во врска со членот 10 став 1 од Законот за стечај, а истото решение се објавува на Огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** до должникот, предлагачот, привремениот стечаен управник, надлежните извршители Централниот регистар на РМ и другите јавни книги, како и да се објави  Огласна табла на судот и Службен Весник на РМ.

**ПРИМЕР 12: решение за определување на мерки за обезбедување – по донесено решението за поведување на претходна постапка - член 58 став 2 точка 2 а в.в. член 60 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот на доверителот ________како предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** следните мерки за обезбедување:

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** ограничување во располагањето на органите на управување на должникот со имотот на стечајниот должник.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** органите на управување на должникот за секое располагање со имотот да побараат претходна дозвола на стечајниот судија

Преземените правни дејствија од страна на органите на управување на должникот при располагање со имотот без согласност на стечајниот судија, **НЕ ПРОИЗВЕДУВААТ ПРАВНО ДЕЈСТВО**.

**СЕ ЗАБРАНУВА** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**СЕ ЗАБРАНУВА** на органите на управување да вршат било какви исплати од сметката на должникот

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите должници да ги исполнат своите обврски спрема должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање, да ги исполнат своите обврски кон должникот**.**

Решението да се достави до Централниот регистар во кој е запишан должникот.

Решението да се достави до соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централниот регистар и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

Решението да се објави на Огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверитеот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот _________ и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот достави и потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ, согласно членот 5 став 4 од Законот за стечај. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Судот постапувајки по предлогот за отворање на стечајна постапка, со решение Ст.бр.___/__ поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка.

Судот по предлог за предлагачот постапувајќи во смисла на член 58 став 1 од Законот за стечај, определи и мерки за обезбедување како во изреката на решението од причина што оцени дека во конкретниот случај постојат околности поради кои може да дојде до промена на финансискиот статус и имотната положба на должникот.

Имено, од доставените докази, Судот утврди дека органите на управување на должникот преземаат дејствија кои се насочени кон намалување на имотот на должникот. При таква состојба, Судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерки за обезбедување. Судот во конкретниот случај определи органите на управување на должникот и понатаму да располагаат со имотот со тоа што се должни за секое преземено дејствије да побараат согласност од стечајниот судија. Преземеното дејствије од страна на органите на управување со кое располагале со имотот без дозвола на стечајниот судија не произведува правно дејствие и е ништовно.

Во таа смисла, Судот согласно членот 58 став 2 точки 2,3 и 4 во врска со член 60 став 1 од Законот за стечај, одлучи како во изреката на решението.

Согласно член 58 став 5 од истиот закон правните последици од решението за определување на мерки за обезбедување настануваат наредниот ден од денот кога била извршена доставата.

Судот определи и објавување на ова решение согласно членот 60 во врска со членот 10 став 1 од Законот за стечај, а истото решение се објавува на Огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба

**Д.Н.** до должникот, предлагачот, привремениот стечаен управник, надлежните извршители, банките носители на платниот промет за должникот Централниот регистар на РМ и другите јавни книги, како и да се објави Огласна табла на судот и Службен Весник на РМ.

**ПРИМЕР 13: Решение за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка – со мерки за обезбедување член 54 став 1 и 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка над должникот ________, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________,со сметка________,

**СЕ ЗАКАЖУВА рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка,** на ден ____ во ____ часот, во соба ____ на овој суд. ( најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесување на решението за поведување на претходна постапка)

**СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот** _________ по приемот на решението да му ги стави на располагање сите податоци и известувања потребни за донесување на одлука во врска со поднесениот предлог.

**II**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ** следните мерки за обезбедување:

За **привремен стечаен управник** се определува лицето ________ од ________ кое се стекнало со звање овластен стечаен управник кој ја врши дејноста како ________

**СЕ ОДРЕДУВА ОПШТА ЗАБРАНА** на должникот за располагање со имотот на должникот.

Привремениот стечаен управник го презема овластувањето да управува со имотот на стечајниот должник како и да го застапува должникот во парниците кои ги води должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот, односно на должникот поединец за водење на работењето, сé до донесувањето на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори, и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите;

**СЕ ЗАДОЛЖУВА,** привремениот стечаен управник како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка односно дали должникот е неспособен за плаќање

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**СЕ ЗАБРАНУВА** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите должници да ги исполнат своите обврски спрема должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање, да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Решението да се достави до Централниот регистар во кој е запишан должникот.

Решението да се достави до соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), Централниот регистар и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

Решението да се објави на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ и на веб страната на судот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд _________ и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Судот во текот на постапката донесе и решение Ст.бр.___/___од ______ со кое определи аванс на трошоците за претходната постапка, а согласно член 53 став 3 од Законот за стечај. Предлагачот во законскиот рок го уплати определениот аванс на трошоци за претходна постапка.

При таква состојба, Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка во смисла на членот 54 став 1 и да одлучи како под I од изреката на решението.

Од доставените докази, Судот утврди дека органите на управување на должникот преземаат дејствија кои се насочени кон намалување на имотот на должникот. При таква состојба, Судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерки за обезбедување и со тоа, би се спречило да настанат такви промени по финансискиот статус и имотната положба на должникот кои што би можеле да бидат неповолни за доверителите.

Во таа смисла, Судот согласно членот 58 став 2 точки 1, 2, и 4 и членот 59 став 1 точки 1, 2 и 3, како и членовите 59 став 4 и 61 став 1 од наведениот закон, определи привремен стечаен управник, на кого ќе премине овластувањето да управува со имотот на должникот, како и да го застапува должникот во сите парници и го задолжи должникот да му овозможи на истиот да ги презема сите дејствија определени со наведениот закон.

Согласно член 58 став 5 од истиот закон правните последици од решението за определување на мерки за обезбедување настануваат наредниот ден од денот кога била извршена доставата.

Судот определи и објавување на ова решение согласно членот 60 во врска со членот 10 став 1 од Законот за стечај, а истото решение се објавува на огласна табла на Судот, да се објави оглас во Службен Весник на РМ, како и на страната на Централниот регистар на РМ.

Поради наведенот следуваше, Судот да одлучи како под II од решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба

**Д.Н.** до должникот, предлагачот, привремениот стечаен управник, Централниот регистар на РМ и другите јавни книги, Огласна табла на судот и Службен Весник на РМ и надлежните извршители.

**ПРИМЕР 14: Решение за определување на вешто лице во претходна постапка - член 59 ст. 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВЕШТО ЛИЦЕ** ___________ во претходната постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот ___________,

Вештото лице е должно да го изготви вештиот наод и мислење во рок од осум дена од денот на донесување на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд _________ и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Судот во текот на постапката донесе и решение Ст.бр.___/___од ______ со кое определи аванс на трошоците за претходната постапка, а согласно член 53 став 3 од Законот за стечај. Предлагачот во законскиот рок го уплати определениот аванс на трошоци за претходна постапка.

Судот во текот на постапката донесе и решение Ст.бр.___/___од ______ со кое поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка над должникот. Со истото решение определи и мерки за обезбедување.

Должникот по приемот на предлогот за отворање на стечајна постапка кој му беше доставен заедно со решението за поведување на претходна постапка, со писмен поднесок доставен до овој суд на ден ______ ги оспори сите наводи кои доверителот ги навел во предлогот за отворање на стечајната постапка кои се однесуваат на неспособноста за плаќање на должникот. Наведе дека не е спорно дека должникот има блокирана сметка повеќе од 45 дена меѓутоа според него не се работело за инсолвентност, туку истиот е неликвиден односно само привремено е во неможност да ги исплати пристигнатите обврски. Наведе дека застојот во плаќање се темели на лошата финансиска состојба на неговиот најголемиот купувач и неможноста да ги наплати побарувањата.

Имајќи го предвид фактот дека, Судот и покрај тоа што определи мерки за обезбедување, не го задолжи привремениот стечаен управник да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, а во конкретниот случај како спорно се поставува

прашањето дали должникот е инсолвентен или не одлучи како во изреката на решението, согласно член 59 став 2 од Законот за стечај.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** должникот, привремениот стечаен управник, вешто лице

**ПРИМЕР 15: Решение за приведување на членовите на органот на управување и на органот на надзор - член 57 став 1 од Законот за стечај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДРЕДУВА ПРИВЕДУВАЊЕ** на:

-членовите на органот на управување и на органот на надзор:

1. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса ( извршен член на органот на управување)
2. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса или

-на лично одговорните содружници на должникот кои имаат овластување за застапување:

1. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса

2. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса или

- лицата кои го изгубиле тоа својство во текот на последните две години пред поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка:

1. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса
2. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса

Приведувањето да го изврши органот за внатрешни работи.

По приведувањето на лицата веднаш да се известат стечајниот судија, привремениот стечаен управник, односно стечајниот управник ( во зависност во кој дел од стечајната постапка лицата се приведени) со цел да им се земат изјави заради непрешено водење на претходната односно отворената стечајна постапка.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд _________ и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка, судот одлучи како во став 1 од изреката на решението, а согласно членот 57 став 1 од Законот за стечај, од причина што членовите на органот на управување и на органот на надзор намерно одбегнуваат да дадат изјави потребни за одлучување по предлогот за отворање на стечајната постапка, односно за спроведување на стечајната постапка поврзана со финансиската состојба на должникот или за неговиот имот.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба
**Д.Н.** Решението се доставува до орган за внатрешни работи и на лицата кои се приведуваат .

**ПРИМЕР 16: Решение за притвор на членовите на органот на управување и на органот на надзор, -член 57 став 2 од Законот за стечај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДРЕДУВА МЕРКА ПРИТВОР** на:

-членовите на органот на управување и на органот на надзор:

1. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса ( извршен член на органот на управување)
2. лицето _________ ЕМБГ_________ со адреса

во траење од _____ дена од денот на лишување од слобода (максималната граница е 30 дена).

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд _________ и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Судот со цел да ги собере сите информации во врска со стечајната маса и финансиската состојба на должникот, преку привремениот преземал дејствија да ги пронајде лицата кои биле членови на управување кај должникот. Со оглед на тоа што истите биле недостапни и одбивале да дадат информации во текот на приведувањето и по спроведеното сослушување, Судот согласно член 57 став 2, точки 1,2,3 од наведениот закон одлучи како во изреката на решението а поради следните причини:

Во конкретниот случај лицата _________ ЕМБГ_________ со адреса одбиле да ги дадат сите потребните информации во врска со податоците потребни за пронаоѓање на подвижниот и недвижниот имот кој бил во сопственост на должникот.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ваквото решение дозволено е правото на жалба во рок од три дена по приемот на решението, преку Основниот суд ________до Апелациониот суд _______________.

**Д.Н.** Решението се доставува до лицата спрема кои е определен притвор и надлежниот орган за внатрешни работи заради притворање.

**ПРИМЕР 17: Решение за изрекување на парична казна на членовите на органот на управување и на органот на надзор, - член 57 став 5 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ИЗРЕКУВА парична казна** на членот на органот на управување _________ со адреса_________ во висина од ____ денари.

СЕ ЗАДОЛЖУВА членот на органот на управување _________ со адреса_________ да ја плати изречената парична казна во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(не може да биде помала од 30.000,00, а поголема од 300.000,00 денари)

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд _________ и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка, судот одлучи како во став 1 од изреката на решението, а согласно член 57 став 5 во врска со член 57 став 2 од Законот за стечај, од причина што лицето како член на органот на управување одбил да ги даде потребните информации односно одбил да соработува со привремениот стечаен управник во исполнувањето на неговите задачи и со тоа се отежнало прибирањето на потребни исправи и информации, поврзани со заштитата имотот на стечајниот должник кој преставува стечајната маса.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба
**Д.Н.** лицето кое е парично казнето, привремениот стечаен управник

**ПРИМЕР 18: Решение за запирање на претходната постапка поради тоа што должникот станал способен за плаќање - член 66 став 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот како предлагач, ________, против должникот ___________ на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присуство на ___________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Поведената претходната постапка за утврдување на условите за отворање на стечајната постапка над должникот __________ со седиште _____________,ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________ со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд , **СЕ ЗАПИРА поради што должникот станал способен за плаќање.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да му исплати на доверителот на име трошоци во постапката износ од _____ денари.

Решението се доставува до Централен регистар на РМ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд __________ и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд, била поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка. Со наведеното решение судот закажа рочиште на ден _____година, заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка, на кое ги повика застапникот на должникот – правно лице и предлагачот.

На рочиштето заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка предлагачот остана во се како во предлогот за отворање на стечајната постапка наведувајќи дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, од причина што го сторил веројатно своето побарување, а освен тоа навел дека должникот е неспособен за плаќање. Исто така навел дека го платил износот кој бил определен како аванс на трошоци за претходната постапка во износ од ____ денари.

Застапникот по закон на должникот пак, наведе дека не постои основ за отворање на стечајната постапка од причина што должникот е способен за плаќање на достасаните обврски

и како доказ доставил потврда од носителот на платниот промет на должникот, односно Централниот регистар на РМ дека сметката на должникот не е веќе блокирана.

Согласно член 66 став 3 од Законот за стечај, ако се утврди дека до завршувањето на претходната постапка должникот станал способен за плаќање, стечајниот судија носи решение со кое ја запира поведената претходна постапка. Трошоците сторени во текот на претходната постапка, ги сноси должникот.

Судот, по оцена на изведените докази и тоа потврдата дека должникот станал солвентен бр.____, издадена од Централниот регистар на РМ утврди дека во конкретниот случај се исполнети условите за запирање на претходната постапка над должникот во смисла на членот 66 став 3 од Законот за стечај, со оглед на тоа што должникот станал способен за плаќање на ден ____ година, па поради тоа одлучил како во став 1 од изреката на решението.

Судот, одлучи како во став 2 од изреката на решението, согласно членот 66 став 2 од наведениот закон, па го задолжил должникот да му исплати на доверителот износ од ____ денари на име трошоци во постапката.

Судот согласно членот 66 став 3 од наведениот закон одреди решението да се достави до Централен регистар на РМ.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.
**Д.Н.** до предлагачот, должникот и Централниот регистар на РМ.

**ПРИМЕР 19: Решение за укинување на мерки за обезбедување по предлог на должникот - член 62 в.в. член 66 став 3 од Законот за стечај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ________ како предлагач против должникот ___________одлучувајќи по поднесокот на должникот вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Поведената претходната постапка за утврдување на условите за отворање на стечајната постапка над должникот __________ со седиште _____________,ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________ со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд , **СЕ ЗАПИРА поради што должникот станал способен за плаќање.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот да му исплати на доверителот на име трошоци во постапката износ од _____ денари.

**II**

**СЕ УКИНУВААТ** мерките за обезбедување одредени со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд.

**СЕ РАЗРЕШУВА** привремениот стечаен управник _________ од ________.

**СЕ БРИШЕ** уписот на ограничувањата за располагање на органите на управување на должникот во јавните книги и тоа во трговскиот регистар во кој е запишан должникот. соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), и други соодветни регистри, заради бришење на упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА**, Централниот регистар на Република Македонија и Агенцијата за катастар да го спроведе бришењето на уписот на ограничувањата на располагањето на органите на управување запишано врз основа на решение Ст.бр. .__/__ од _____ донесено од овој суд.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. донесена од Основниот суд Скопје II Скопје и докази дека повел извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд, била поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка. Со истото решение, Судот определил мерки за обезбедување, именувал привремен стечаен управник и

определил општа забрана на располагање со имотот на органите на управување на должникот.

Должникот со поднесок од _____ го извести судот дека се исплатени сите обврски спрема доверителите и доставил доказ од Централниот регостар според кој должникот е солвентен односно станал способен за плаќање.

Имајќи ги во предвид доставените докази, Судот утврди дека должникот станал способен за плаќање и дека во конкретниот случај се исполните условите од членот 66 став 3 од Законот за стечај, поради што одлучи како под I од изреката на решението.

При таква состојба, а како престанал основот за водење на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, престанал и основот за изрекување на мерки за обезбедување, Судот постапувајќи по службена должност согласно член 62 од истиот закон одлучи како во II од изреката на решението.

Судот определи и објавување на ова решение согласно членот 60 и членот 10 од Законот за стечај, а истото решение се објавува јавно како и на веб страната на судот кој го донел решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба

**Д.Н.** до должникот, предлагачот, привремениот стечаен управник, Централниот регистар на РМ и другите соодветни јавни книги. Се објавува на Огласна табла на судот, Службен Весник на РМ и веб страна на судот кој го донел.

**ПРИМЕР 20: Решение за преземање на долг од трето лице и запирање на претходната постапка - член 65 став 4 од Законот за стечај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот предлагач ________ против должникот ___________ на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, а по изјавата за преземање на долгот дадена од _____ трето лице, во присуство на предлагачот, застапникот по закон на должникот, привремениот стечаен управник и полномошникот на трето лице, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОДОБРУВА** преземањето на долгот кој го има стечајниот должник спрема предлагачот и доверителите од страна на давателот на изјавата за преземање на долгот______ од _____ и неговите гаранти, ______ од _____.

Давателот на изјавата за преземање на долгот______ од _____ и неговите гаранти, ______ од _____ одговараат солидарно со должникот за неговите обврски што настанале до денот______ на давањето на изјавата.

**II**

Поведената претходната постапка за утврдување на условите за отворање на стечајната постапка над должникот __________ со седиште _____________,ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________ со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд, **СЕ ЗАПИРА поради преземање на долгот на должникот од страна на трето лице.**

**III**

**СЕ УКИНУВААТ** мерките за обезбедување одредени со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд.

**СЕ РАЗРЕШУВА** привремениот стечаен управник _________ од ________.

**СЕ БРИШЕ** уписот на ограничувањата за располагање на органите на управување на должникот во јавните книги и тоа во трговскиот регистар во кој е запишан должникот. соодветните јавни книги во кои се врши упис на правата врз недвижностите (катастар), и други соодветни регистри, заради бришење на упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА**, Централниот регистар на Република Македонија и Агенцијата за катастар да го спроведе бришењето на уписот на ограничувањата на располагањето на органите на управување запишано врз основа на решение Ст.бр. .__/__ од _____ донесено од овој суд.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот како предлагач, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. ___________ донесена од Основниот суд __________и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до Судот доставил и информација за тоа колку денови должникот не ги исплатил доспеаните побарувања од

својата сметка издадена од Централниот регистар на РМ. Исто така наведе дека должникот има активен деловен потфат и врши плаќање на доверителите со склучување на договори за цесија.

Со решение СТ.бр.__/__ од _____ донесено од овој суд, била поведена претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка. Со истото решение, Судот определил мерки за обезбедување, именувал привремен стечаен управник и определил општа забрана на располагање со имотот на органите на управување на должникот.

На рочиштето заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка одржано на ______, изјава за преземање на долгот даде ______ како трето лице. Трето лице заедно со изјавата достави и банкарска гаранција.

Судот, го одложи рочиштето со цел да ја оцени изјавата и испита банкарската гаранција.

На ден ______ Судот повторно одржа рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка и оцени дека во конкретниот случај се исполнети условите за преземање на долгот на стечајниот должник во смисла на членот 65 став 1 од Законот за стечај, поради што одлучи како во под I од изреката на решението. Притоа, Судот утврди дека давателот на изјавата за преземање на долгот и неговите гаранти, одговараат солидарно со должникот за неговите обврски што настанале до ______ кој се смета како ден на давањето на изјавата.

Со оглед на фактот што, во конкретниот случај трето лице солидарно со должникот ги презема обврските до денот на давањето на изјавата за преземање на долг, Судот утврди дека не постојат законски услови да продолжи со претходната постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка поради што согласно член 65 став 4 од истиот закон одлучи како во II од изреката на решението.

При таква состојба, а како престанал основот за водење на претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, престанал и основот за изрекување на мерки за обезбедување, Судот постапувајќи по службена должност согласно член 62 од истиот закон одлучи како во III од изреката на решението.

Судот определи и објавување на ова решение согласно членот 60 и членот 10 од Законот за стечај, а истото решение се објавува јавно како и на веб страната на судот кој го донел решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение предлагачот има право на жалба преку овој суд до Апелациониот суд_______ рок од осум дена по приемот на решението, до второстепениот суд, преку надлежниот суд што го донел решението.

**Д.Н.** до предлагачот, должникот, трето лице, привремениот стечаен управник, Централниот регистар на РМ и другите соодветни јавни книги. Се објавува на Огласна табла на судот, Службен Весник на РМ и веб страна на судот кој го донел.

**ПРИМЕР 21: Решение за запирање на претходната постапка поради повлекување на предлогот за отворање на стечајната постапка од страна на предлагачот - член 52 став 2 од Законот за стечај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверител како предлагач ________, против должникот ___________, застапуван од __________ по одржаното рочиште поради расправа и одлучување за отворање на стечајна постапка во присуство на _______ на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на предлогот за отворање на стечајна постапка поднесен од доверителот како предлагачот ___________

**Претходна постапка** за поведување на претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка поведена со решение Ст.бр.____/____ на овој суд над должникот ________ со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________,и сметка________, **СЕ ЗАПИРА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** предлагачот да му исплати на должникот на име трошоци во постапката износ од ____ денари.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот како доверител, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. повикувајќи се на тоа дека има побарување спрема должникот. Исто така наведе дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен од причини што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето на предлагачот, истиот до судот заедно со предлогот достави и правосилна и извршна Пресуда ТСС бр, ____ донесена од Основниот суд ___________.

Исто така достави и потврда издадена од Централниот регистар на РМ, дека должникот не ги исплаќа доспеаните побарувања повеќе од 45 дена.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка, откако предлагачот навремено го уплати авансот за водење на претходната постапка, Судот во смисла на членот 54 од Законот за стечај донесе решение Ст.бр.___/___ од _____ за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка.

Со наведеното решение, Судот закажа рочиште на ден ____ година, заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка на кое ги повика застапникот на должникот – правното лице и предлагачот.

На рочиштето заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка предлагачот наведе дека го повлекува предлогот за отворање на стечајна постапка. При вака утврдена фактичка состојба следуваше Судот да одлучи како во изреката на решението, а поради следниве причини:

Согласно член 5 став 1 в.в. член 51 став 1 од Законот за стечај, стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога се исполнети условите од овој закон, односно, стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање. Во овој член предвидено е дека неспособноста за плаќање,

односно, претстоењето на идна неспособност за плаќање претставуваат општи причини за отворање на стечајната постапка.

Согласно член 5 став 2 од истиот закон, ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

Во членот 51 став 1 од Законот за стечај е предвидено дека стечајната постапка се поведува на предлог на доверителот, должникот или друго лице овластено со закон кога се исполнети условите определени со овој закон. Согласно членот 51 став 2 од истиот закон, доверителот е овластен да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка ако на судот му поднесе докази дека се исполнети условите утврдени со овој закон за отворање на стечајна постапка согласно со членот 5 од овој закон и доколку го направи веројатно постоењето на своето побарување.

Согласно членот 52 од Законот за стечај, предлогот за отворање на стечајна постапка може да се повлече сé до истакнување на огласот за отворање на стечајна постапка на огласната табла, односно до донесувањето на решение за отфрлање или за одбивање на предлогот. Ако предлагачот го повлече предлогот за отворање на стечајна постапка, стечајниот судија ќе ја запре постапката. Во тој случај настанатите трошоци на постапката ги поднесува предлагачот.

Судот, по оцена на изјавата на доверителот за повлекување на предлогот утврди дека во конкретниот случај се исполнети условите за запирање на претходната постапка над должникот во смисла на цитираната законска одредба поради што одлучи како во став 1 од изреката на решението.

Судот, постапувајќи во смисла на член 52 став 2 од Законот за стечај, го задолжи предлагачот да му исплати на должникот износ од ____ денари на име трошоци во постапката, поради што одлучи како во став 2 од изракатa на решението.

Основен суд ______________
Ст.бр.____/____ од _____ година

Стечаен судија,

____________________________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.

**Д.Н.** до привремениот стечајниот управник, до должникот, до предлагачот.

**ПРИМЕР 22: Решение за одбивање на предлогот за отворање на стечајната постапка - член 66 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот________ како предлагач , против должникот ___________ на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присутство на ___________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот како предлагач________ над должникот __________ со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________,со сметка________,**СЕ ОДБИВА**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** предлагачот _______ да ги плати трошоците на постапката во износ од _____ денари.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот како доверител, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. повикувајќи се на тоа дека има побарување спрема должникот. Исто така наведе дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен од причини што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 од денот на нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето на предлагачот, истиот до судот заедно со предлогот достави и правосилна и извршна Пресуда ТСС бр, ____ донесена од Основниот суд ___________.

Исто така достави и потврда издадена од Централниот регистар на РМ, дека должникот не ги исплаќа доспеаните побарувања повеќе од 45 дена.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка, откако предлагачот навремено го уплати авансот за водење на претходната постапка, Судот во смисла на членот 54 од Законот за стечај донесе решение Ст.бр.___/___ од _____ за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка.

Во текот на претходната постапка, Судот донесе решение Ст.бр.___/___ од _____ и определи и мерки за обезбедување. Со решение Ст.бр.___/___ од _____ определи и вешто лице да испита дали во конкретниот случај се исполнети уловите за отворање на стечајна постапка. Вешто лице навремено достави наод и мислењето.

На рочиштето заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка предлагачот остана во се како во предлогот и побара да се отвори стечајна постапка. Застапникот по закон на должникот наведе дека не се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и притоа се повика на наодот и мислењето на вештото лице.

Судот по оценка на наводите на предлагачот и должникот, како и целокупната писмена документација доставена во предметот , наодот и мислењето на вештото лице утврдрди дека во конкретниот случај не се исполнети условите за отворање на стечајна постапка бидејќи должникот не е инсолвентен. При таква состојба, следуваше согласно членот 66 став 1 од наведениот закон да одлучи како во став 1 од изреката на решението. Судот одлучил како во став 2 од изреката согласно членот 66 став 2 од горенаведениот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение е дозволена жалба во рок од осум дена по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд _____________

**Д.Н.** Решението се доставува до предлагачот, должникот и Централниот регистар на РМ.

**ПРИМЕР 23**. **Решение за отворање на стечајна постапка – член 69 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ___________ како предлагач, над должникот ________ на рочиштето заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присутство на предлагачот и застапникот по закон на должникот__________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УСВОЈУВА** предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот како предлагач.

**СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** над должникот, фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката_________; на ден _____ година, во ____ часот,.

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК** се именува име, презиме и адреса ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста како трговец поединец/ друштво ________

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите да ги пријават своите побарувања, како и своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги во рок од 15 дена од објавувањето на решението во”Службен весник на Република Македонија", кај стечајниот управник.

**СЕ ПОВИКУВААТ должниците на стечајниот должник** да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар, и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и другите соодветни регистри.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот. (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

**СЕ ЗАКАЖУВА** собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка на ____ година, во _____ часот. (извештајно собрание). (ако не се спојува со испитното рочиште треба да се закаже најдоцна во рок од осум ден по денот на завршувањето на испитното рочиште).

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во”Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Предлагачот постапувајќи како доверител, со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот. Наведе дека има побарување спрема должникот кое не му е исплатено подолг временски период. Во таа смисла достави правосилна и извршна пресуда ТСС бр. ___________ донесена од Основниот суд ___________и докази дека започнал извршување кое е неуспешно поради тоа што должникот на сметката имал и други ненаплатени обврски спрема доверители повеќе од 45 дена. Со тоа го направи веројатно тврдењето дека должникот е неспособен да го изврши плаќањето – инсолвентен, бидејќи не може да ги намири пристигнатите парични обврски во

рок од 45 од денот на нивното пристигнување. Воедно заедно со предлогот до судот доставил и потврда за блокирана сметка која е издадена од Централниот регистар на РМ, согласно членот 5 став 4 од Законот за стечај.

Постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка, откако предлагачот навремено го уплати авансот за водење на претходната постапка, Судот во смисла на членот 54 од Законот за стечај донесе решение Ст.бр.___/___ од _____ за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајната постапка.

Во текот на претходната постапка, Судот донесе решение Ст.бр.___/___ од _____ и определи и мерки за обезбедување. Со решение Ст.бр.___/___ од _____ определи и вешто лице да испита дали во конкретниот случај се исполнети уловите за отворање на стечајна постапка. Вешто лице навремено достави наод и мислењето.

На рочиштето заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка предлагачот остана во се како во предлогот и побара да се отвори стечајна постапка. Застапникот по закон на должникот наведе дека не се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и притоа се повика на наодот и мислењето на вештото лице.ПОбара предлогот да биде одбиен како неоснован, мерките за обезбедување укинати.

При вака утврдена фактичка состојба, судот одлучил како во изреката на решението а поради следните причини:

Согласно член 5 став 1 в.в. член 51 став 1 од Законот за стечај, стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога се исполнети условите од овој закон, односно, стечајниот должник е неспособен за плаќање. Согласно член 5 став 2 од истиот закон, ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

Судот во конкретниот случај од приложените писмени докази како и од наодот и мислењето на вешто лице утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот бидејќи истиот е инсолвентен односно не е состојба да ги намири пристигнатите обврски повеќе од 45 дена. При таква состојба, следуваше да одлучи како во ставовите 1 и 2 од изреката на решението. Судот одлучи како во ставот 3 во изреката на решението согласно член 31 став 1 и 2 од истиот закон со тоа што стечајниот управник беше избран по методата на електронски избор на стечајниот управник.

Судот одлучил како во ставот 4,5,6, 7 во изреката на решението согласно членот 69 став 3,4,5и 6 од истиот закон. Судот одлучил како во став 7 и 8 во изреката на решението согласно членот 70 став 1 точки 1 и 2 од истиот закон.Објавувањето и доставувањето на решението да се изврши согласно член 72 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

**Стечаен судија,**
**______________**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од осум дена преку овој суд до Апелациониот суд ______________

**Д.Н.** должникот, стечајниот управник, на Огласна табла во судот, Централниот регистар на РМ, соодветните јавни книги, банките кои се носители на платен промет"Службен весник на Република Македонија", два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија

## III
## Решенија кои се донесуваат по повод предлогот кога стечајната постапка се отвора, а не се спроведува  и се заклучува

**ПРИМЕР 24: Решение за отворање и заклучување на стечајната постапка- член 68 став 1 од Законот за стечај**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од должникот ___________ на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присутство на привремениот стечаен управник и застапникот по закон на должникот на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТВОРА** стечајна постапка над должникот _____, со седиште _____________ **,** ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________.

**II**

**ОТВОРЕНАТА** стечајна постапка над должникот_____ не се спроведува **и СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

По правосилноста на решението должникот должникот _____, со седиште _____________,ЕМБС__________,ЕДБ_________, со сметка________ да се брише од трговскиот регистар кој го води Централниот регистар на Република Македонија.

Решението да се објави во „Службен весник на Р.М.", на веб страницата на Основен суд и се доставува до Централниот регистар на Република Македонија како и во соодветните јавни книги.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот како предлагачот со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара, стечајната постапка да биде отворена и истата да се не се спроведува и веднаш да се заклучи поради тоа што истиот нема имот над кој може отворената стечајна постапка да се спроведе.

Во прилог на предлогот должникот достави потврда од Централниот регистар на Решублика Македонија и извештај за економско финансиска состојба.

Судот, постапувајќи по поднесениот предлог утврди дека истиот ги содржи сите елементи и во законскиот рок од три дена донесе решение Ст.бр. __ од _, со кој го задолжи должникот да плати аванс на трошоци за водење на претходна постапка. Во оставениот законски рок, должникот изврши плаќање на авансот на депозитна сметка на судот.

Судот, по приемот на поднесокот за извршената уллата, вон рочиште донесе решение Ст.бр. __ од _со кое поведе претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка, закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка во рок од 30 дена од денот на поведувањето на претходната постапка. Со истото решение, Судот определи мерки за обебедување, општа забрана за должникот да управува со својот имот и му наложи на стечајниот управник да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка.

На рочиштето заради изјаснување по предлогот за отворање на стечајната постапка предлагачот остана во се како во предлогот за отворање на стечајната постапка наведувајќи дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, од причина докажал дека е инсолвентен и дека нема имот на кој може да се спроведе отворената стечајна постапка. Привремениот стечаен управник накратко го изложи извештајот за економско финансиска сотојба кој го составил во врска со испитувањето на тоа дали должникот има имот над може

да се отвори стечајна постапка и дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Наведе дека, должникот е инсолвентен и дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка. Исто така наведе дека утврдил дека должникот нема имот над кој може да се спроведе отворената стечајна постапка.

При вака утврдена фактичка состојба судот одлучил како во изреката на решението, а поради следните причини:

Согласно член 5 став 1 в.в. член 51 став 1 од Законот за стечај, стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога се исполнети условите од овој закон, односно, стечајниот должник е неспособен за плаќање.

Согласно член 5 став 2 од истиот закон, ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.

Судот одлучи како во под I од изреката на решението, согласно членот 68 став 1 од наведениот закон, од причина што од доказите доставени во текот на постапката од страна на должникот како и извештајот за економско финансиска положба на должникот изготвен од привремениот стечаен управник, судот утврди дека должникот нема имот над кој може да се спроведе стечајната постапка и да бидат намирени доверителите.

Судот одлучил како под II и став 3 од изреката согласно членот 68 став 1 и 2 и членот 72 став 2 од истиот закон.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
______________

**ПРАВНА ПОУКА: Против решението дозволено е право на жалба** во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Р.М.“ преку овој суд до Апелациониот суд ______________

**Д.Н.** предлагач, должник, носителите на платниот промет, Централниот регистар на Република Македонија, и соодветните јавни книги.
се објавува и во „Службен весник на Р.М.“, на веб страницата на судот кој го донел решението и се доставува до

**ПРИМЕР 25: Решение за спроведување на постапка за впаричување на имотот, во стечајна постапка која се отвора, не се спроведува и се заклучува - член 68 став 3 и 98 став 5 од Законот за стечај** („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од должникот ___________постапувајќи по предлогот на привремениот стечаен управник вонрочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник во рок од 30 дена од донесувањето на решението да спроведе постапка за впаричување на имотот во претходна постапка на моторно возило, марка југо 45 нерегистрирано со датум на производство од 1993 година со примена на методот јавно собирање на писмени понуди, без почетна продажна вредност.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот како предлагачот со предлог доставен до овој суд наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара, стечајната постапка да биде отворена и истата да се не се спроведува и веднаш да се заклучи поради тоа што истиот нема имот над кој може отворената стечајна постапка да се спроведе. Имено, должникот достави доказ дека располага до моторно возило југо 45 произведено 1993 година и не е регистрирано и не е во возна состојба. Наведе дека вредноста на моторното возила е многу помала од обврските кои ги има спрема доверителите и дека тие средства ќе бидат недоволни да се покријат трошоците на стечајната постапка.

Во прилог на предлогот должникот достави потврда од Централниот регистар на Решублика Македонија и извештај за економско финансиска состојба.

Судот, постапувајќи по поднесениот предлог утврди дека истиот ги содржи сите елементи и во законскиот рок од три дена донесе решение Ст.бр. __ од _, со кој го задолжи должникот да плати аванс на трошоци за водење на претходна постапка. Во оставениот законски рок, должникот изврши плаќање на авансот на депозитна сметка на судот.

Судот, по приемот на поднесокот за извршената уллата, вон рочиште донесе решение Ст.бр. __ од _со кое поведе претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајната постапка, закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка во рок од 30 дена од денот на поведувањето на претходната постапка. Со истото решение, Судот определи мерки за обебедување, општа забрана за должникот да управува со својот имот и му наложи на стечајниот управник да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка.

Во текот на претходната постапка, стечајниот управник достави до судот писмена документација од која може да се утврди дека должникот има во сопственост моторно возило. Предложи, Судот да донесе решение со кое ќе определи начинот на кој ќе биде извршена продажбата на моторното возило во претходна постапка со оглед на тоа што вредноста на истото е многу мала.

Судот постапувајќи по предлогот на привремениот стечаен управник одлучи како во изреката на решението, согласно член 68 став 3 и член 98 став 5 од Законот за стечај. Имено во конкретниот случај го задолжил привремениот стечаен управник да спроведе постапка за впаричување на имотот на должникот во рок од 30 дена од донесувањето на решението и продажбата да биде извршена со примена на методот на јавно собирање на писмени понуди

без почетна вредност.  При одлучувањето, Судот го имаше во предвид фактот дека  вредноста на моторното возило е многу ниска.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** предлагачот и привремениот стечаен управник.

**ПРИМЕР 26: Решение за спроведување на отворената стечајна постапка над ново пронајден имот -член 68 став 5 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по службена должност за продолжување на стечајната постапка врз ново пронајден имот во отворената стечајна постапка над должникот___________ вонрочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека отворената стечајна постапка над должникот, (фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката)_________; на ден _____ година, во ____ часот,, заклучена со решение Ст.бр.____/____ донесено од овој Суд на ____ , **СЕ СПРОВЕДУВА** поради врз новопронајдениот имот_________.

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК** се именува (име, презиме и адреса) ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста ________

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите, да ги пријават своите побарувања како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги во рок од 15 дена од објавувањето на решението во”Службен весник на Република Македонија"кај стечајниот управник.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар, и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и другите соодветни регистри.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот. (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

**СЕ ЗАКАЖУВА** собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка на ____ година, во _____ часот. (извештајно собрание). (ако не се спојува со испитното рочиште треба да се закаже најдоцна во рок од осум ден по денот на завршувањето на испитното рочиште).

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во”Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со правосилно решение Ст.бр.____/____ донесено од овој Суд на ____ била отворена стечајна постапка и истата не се спроведувала и била заклучена.

Повеќе доверители до Судот на ден ____поднеле барање да ја продолжи со спроведувањето на отворената стечајна постапка бидејќи должникот поседувал друг имот кој не бил пронајден во таа стечајна постапка.

Судот разгледувајќи го писмено барање и приложените докази оцени дека се исполнети условите за спроведување на стечајна постапка по службена должност, а согласно член 68 став 5 од Законот за стечај.

При таква состојба, а како по заклучувањето на стечајната постапка на избришаниот должник е пронајден нов имот, кој влегува во стечајната маса на стечајниот должник одлучил како во став 1 од изреката на решението, без да се спроведе нова претходна постапка.

Судот одлучи како во ставот 2 во изреката на решението согласно член 31 став 1 и 2 од истиот закон со тоа што стечајниот управник беше избран по методата на електронски избор на стечајниот управник. Притоа, Судот при именувањето на стечајниот управник ги имаше во предвид условите предвидени во член 22 од истиот закон.

Судот одлучи како во ставот 4,5,6, 7 во изреката на решението согласно членот 69 став 3,4,5и 6 од истиот закон. Судот одлучил како во став 7 и 8 во изреката на решението согласно членот 70 став 1 точки 1 и 2 од истиот закон.Објавувањето и доставувањето на решението да се изврши согласно член 72 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.
**Д.Н.** до доверителите, должникот, стечајниот управник, Централниот регистар на РМ, соодветните јавни книги.

# IV
# Решенија кои се однесуваат на преземање и проценка на имотот во стечајната постапка

**ПРИМЕР 27: Решение за предавање на имот на стечајниот должник кој е во владение кај трето лице без правен основ – член 77 став 2 од Закон за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлог на стечајниот управник во отворената стечајна постапка над должникот___________ вонрочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** лицето _________ (фирмата, , седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС)/физичко лице, да го испразни објектот кој се наоѓа на ул. _________ катарстарска парцела_________ КО ______ запишан во ИЛ бр._________во сопственост на стечајниот должник од предмети и ствари и да предаде во владение на стечајниот управник во рок од 15 дена по приемот на решениего.

**СЕ ОВЛАСТУВА** стечајниот управник да ги преземе сите мерки за присилно извршување на ова решение.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ донесено од овој Суд на ____ била отворена стечајна постапка. Во текот на стечајната постапка, стечајниот управник достави до Судот поднесок во врска со преземањето на имотот на стечајниот должник кој што влегува во стечајната маса.

Наведе дека го преземал целокупниот имот на должникот во управување и владение, освен објектот кој се наоѓа на ул. _________ катарстарска парцела_________ КО ______ запишан во ИЛ бр._________кој бил во владение на трето лице _________.

Наведе дека стапил во контакт со третото лице и побарал да му достави правен основ врз основа на кој го има во владение предметниот објект. Третото лице, не доставило договор за закуп ниту друго правно дело врз основа на кое го владее предметниот објаект. Во евиденцијата на должникот нема податоци за склучен договор за предметниот објект. Според евиденцијата во јавните книги предметниот имот е во сопственост на стечајниот должник.

Исто така наведе дека писмено го известил третото лице дека треба да го испразни од предмети и ствари предметниот објект, меѓутоа и покрај тоа што писменото е доставено нема никаков одговор од третото лице.

При таква состојба побара, Судот да донесе решение со кое трето лице ќе биде задолжено да го испразни од предмети и ствари предметниот објект сопственост на стечајниот должник, а кој се наоѓа во владение без правен основ кај трето лице и ќе му го предаде владението на објектот.

Судот по извршениот увид во приложената писмена документација кон поднесокот утврди дека, трето лице _______ го владее предметниот имот бесправен основ подолг временски период. Со оглед на фактот, предметниот објект е дел од стечајната маса која треба да биде впаричена заради намирување на побарувањата на доверителите и е сопственост на стечајниот должник, а лицето кое го владее предметниот објект одбил доброволно да го предаде објектот во владение на стечајниот управник, оцени дека во конкретниот случај треба да биде преземени присилни мерки спрема лицето кое неовластено и без правен основ го владее објектот кој е во сопственост на стечајниот должник.

При таква состојба, следуваше Судот согласно член 77 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.

**Д.Н.** Решението се доставува до трето лице и стечајниот управник

**ПРИМЕР 28: Решение за ангажирање на овластен проценувач - член 82 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УТВРДУВА** дека Одборот на доверители донел одлука со која за овластен проценувач на недвижниот имот кој е дел од стечајната маса да биде ангажирано Друштвото /ТП _________________ .

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** овластениот проценувач Друштвото /ТП _________________ извештајот за проценетата вредност да го изработи во согласност со меѓународните стандарди за процена имајќи во предвид дали процената ја врши заради продажба или заради продолжување на деловниот потфат во рок од 15 дена по приемот на решениеto.

Проценувачот е лично и неограничено одговорен, со сиот свој имот, за точноста на податоците во извештајот за процена и подлежи на кривична одговорност, ако не го применува Кодексот за етиката на овластените проценители и меѓународните стандарди за процена.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на отворената стечајна постапка, било потребно да се ангажира овластен проценувач за да изврши процена на недвижностите кои се дел од стечајната маса. За таа цел Одборот на доверители донел одлука со која го задолжил стечајниот управник да објави оглас на кој ќе повика да се пријават овластените проценувачи. Стечајниот управник објавил оглас во дневниот весник ________________ и на истиот во оставениот рок пријавиле учество пет овластени проценувачи во кои има вработено проценувачи кои имаат лиценци за вршење процена на недвижности.

Одборот на доверителите, на ден ______одржал седница на која биле отвори понудите и едногласно донел одлука за овластен проценител да биде анжирано Друштвото/ТП _________________.

Судот го задолжи овластениот проценител, проценката на недвижниот имот да ја изготви во рок од 15 дена од приемот на решението. Извештајот за проценетата вредност да го изработи во согласност со меѓународните стандарди за процена имајќи во предвид дали процената ја врши заради продажба или заради продолжување на деловниот потфат

Имајќи го наведеното во предвид, следуваше, Судот согласно членот 82 став 2, 3 и 4 од наведениот закон да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник и овластениот проценувач.

# V

# Решенија кои се донесуваат во фазата за испитување на пријавите за побарување поднесени од страна на доверителите

**ПРИМЕР 29: Решение за отфрлање на поднесените пријави како ненавремени - член 88 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, врз основа на табелата доставена од стечајниот управник, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Пријавата на доверителот ________ од ______, за побарување во износ од _________денари, кое го пријавил во отворената стечајна постапка над стечајниот должник **СЕ ОТФЛА КАКО НЕНАВРЕМЕНА.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Со решението за отворање на стечајната постапка Ст.бр. ____/____и објавениот оглас за отворена стечајна постапка во "Службен весник на Република Македонија" бр.__од ____доверителите биле повикани да ги пријават своите побарувања, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот за отворената стечајна постапка. Пријавите за побарување доверителите ги доставиле до стечајниот управник.

Доверителот поднел пријава за своето парично побарување во износ од ________денари со пресметана камата од денот на доспевањето па се до денот на отворање на стечајна постапка. Правниот основ за побарувањето е неплатена фактура. Пријавата за побарување, доверителот ја поднел на ________ по протекот на рокот од 15 дена, односно по ________ кога бил последниот ден да го пријави побарувањето.

Стечајниот управник кај кого била поднесена пријавата, констатирал дека пријавата е ненавремено поднесена и ја внел во табелата за ненавремено поднесени пријави.

Судот изврши увид во табелата за ненавремено поднесени пријави, поднесената пријава и доказот за тоа кога била поднесена пријавата и одлучи како во изреката на решението, а од следниве причини:

Согласно членот 87 став 1 од Законот за стечај, стечајните доверители побарувањата кои ги имаат спрема должникот до денот на отворањето на стечајната постапка писмено ги пријавиле во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во"Службен весник на Република Македонија" со тоа што пријавите ги доставиле до стечајниот управник на адресата објавена во огласот.

Во став 2 од оваа одредба се наведени податоците кои пријавата треба да ги содржи.

Имајќи ја во предвид одредбата од членот 88 став 1 од цитираниот закон, а како во конкретниот случај е неспорно дека доверителот го пријавил своето побарување по истекот на предвидениот рок, кој изнесува 15 дена од денот на објавувањето на огласот во"Службен весник на Република Македонија", следуваше Судот да ја отфрли пријавата како ненавремена

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од осум дена по приемот на решението, до Апелациониот суд_________, преку овој суд
**Д.Н.**до доверителот и стечајниот управник

**ПРИМЕР 30: Решение за отфрлање на поднесените пријави како неуредна - член 88 став 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за отфрлање на пријавата како неуредна, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Пријавата на доверителот ________ од ______, за побарување во износ од _________денари кое го пријавил во отворената стечајна постапка над стечајниот должник , **СЕ ОТФЛА КАКО НЕУРЕДНА.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Доверителот постапувајќи по објавениот оглас во Службен весник на Република Македонија на ден ________навремено поднел пријава за побарување во отворената стечајна постапка над должникот до стечајниот управник на адресата објавена во огласот

Стечајниот управник, во рок од три дена од приемот започнал со испитување на пријавата за побарување доставена од страна на доверителот. При испитувањето утврдил дека доверителот не ги поднел сите докази кои се предвидени во член 87 став 2 од Законот за стечај. При ваква состојба, стечајниот управник му ја вратил пријавата на доверителот со допис кој доверителот го примил на ден ________ истата да ја уреди и во рок од осум дена да ја врати уредената пријава на стечајниот управник. Доверителот пријавата за побарување не ја уредил во законскиот рок и не ја доставил до стечајниот управник. Поради тоа, стечајниот управник доставил поднесок до стечајниот судија во кој навел дека доверителот не ја уредил пријавата за побарување. Заедно со пријавата, до стечајниот судија доставил и сите докази во врска со уредувањето на пријавата.

Не е спорно во конкретниот случај дека во член 87 став 2 од Законот за стечај е наведено дека доверителот кон пријавата за побарување треба да достави и писмени докази за побарувањето. Во конкретниот случај не е спорни и тоа дека доверителот вакви докази не достави во постапката за уредување на пријавата и со тоа се смета дека не ја уредил пријавата. Од друга страна, Судот утврди дека стечајниот управник не пронашол никакви докази во сметководствената документација за долгот кој го пријавил овој доверител.

Имајќи го наведеното предвид следуваше, Судот согласно член 87 став 2 од наведениот закон да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од осум дена по приемот на решението, до Апелациониот суд_________, преку овој суд
**Д.Н.**до доверителот и стечајниот управник

**ПРИМЕР 31: Заклучок стечајниот управник да ја продолжи постапката за утврдување и оспорување на побарување - член 88 став 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**МУ СЕ НАЛОЖУВА** на стечајниот управник ________ од ______, да ја продолжи постапката за испитување на пријавата поднесена од доверителот _____ од ______во отворената стечајна постапка и по истата да се произнесе во табелата (шемата)за утврдени и оспорени побарувања.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. Стечајниот управник со допис од _____ го известил стечајниот судија дека пријавата за побарување на доверителот треба да се отфрли како неуредна согласно член 88 став 2 од Законот за стечај. Навел дека во постапката за утврдување на побарувањето утврдил дека пријавата не ги содржи сите податоци согласно законот и ја вратил на доверителот на уредување. Во законскиот рок од осум дена доверителот повторно ја доставил истата пријава односно не ја уредил.

Судот по извршениот увид во пријавата и поднесоците за уредување на пријавата, утврди дека пријавата која била доствена ги содржи сите податоци предвидени во законот.

При таква состојба, Стечајниот судија не ја отфрлил пријавата како неуредна и согласно членот 88 став 2 од Законот за стечај, му наложил на стечајниот управник да ја продолжи постапката за утврдување и оспорување на побарувањето и по истата да се произнесе во табелата (шемата)за утврдени и оспорени побарувања.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој заклучок не е дозволен приговор.
**Д.Н.** до стечајниот управник и доверителот

**ПРИМЕР 32: Решение за утврдување и оспорување на побарување на доверителите - член 89 став 5 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, на испитното рочиште во присуство на стечајниот управник и доверителите на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Приговорите на доверителите против изјаснувањето на стечајниот управник во табелата ( шема) за утврдени побарувања **:**
1.______________________________
2.______________________________, **СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.**

**II**

**СЕ УТВРДУВААТ ПОБАРУВАЊАТА НА СЛЕДНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ:**

1._______ од ______ во износ од __________
2._______ од ______ во износ од __________

**III**
**СЕ ОСПОРУВААТ ПОБАРУВАЊАТА НА СЛЕДНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ:**

1._______ од ______ во износ од __________
2._______ од ______ во износ од __________

Побарувањата на наведените доверители се оспорени од страна на стечајниот управник.

Доверителите чии побарување се оспорени од страна на стечајниот управник **СЕ УПАТУВААТ** на парница во рок од осум дена од приемот на решението.

Ако на денот на отворањето на стечајната постапка веќе се води парница за побарување пријавено во стечајната постапка, доверителот е должен да достави предлог за продолжување на парницата во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

**IV**
**СЕ ОСПОРУВААТ ПОБАРУВАЊАТА НА СЛЕДНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ:**

1._______ од ______ во износ од __________
2._______од ______ во износ од __________

Побарувањата на наведените доверители се признати од страна на стечајниот управник, а се оспорени од страна на доверителите.

**СЕ УПАТУВА** доверителот кој оспорил побарување на друг доверител чие побарување е признато од стечајниот управник, да поведе парница во рок од осум дена од приемот на решението.

Ако на денот на отворањето на стечајната постапка веќе се води парница за побарување пријавено во стечајната постапка, доверителот кој го оспорил побарувањето е должен да достави предлог за продолжување на парницата во рок од осум дена од приемот на решението.

**V**

**СЕ ОСПОРУВААТ ПОБАРУВАЊАТА НА СЛЕДНИТЕ ДОВЕРИТЕЛИ:**

1._______ од ______ во износ од __________
2._______ од ______ во износ од __________

Побарувањата на наведените доверители се врз основа на извршни исправи , а се оспорени од страна на стечајниот управник и доверителите.

**СЕ УПАТУВААТ** стечајниот управник, односно доверителот кој оспорувал побарување врз основа на извршна исправа да поведат парница во рок од осум дена од денот на приемот на решението во која ќе докажат дека побарувањето од извршната исправа престанало, односно дека повеќе не постои.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

По отворањето на стечајната постапка, со решението за отворање на стечајната постапка Ст.бр. ____/____ и објавениот оглас во”Службен весник на Република Македонија"доверителите биле повикани да ги пријават своите побарувања, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во”Службен весник на Република Македонија".

На објавениот оглас пријави за побарувања поднесоа повеќе доверители. По пријавите за побарувања, се произнесе стечајниот управник кој ја утврди основаноста, обемот и исплатниот ред на секое побарување и за тоа состави посебна табела (шема) на утврдени и оспорени побарувања. Стечајниот управник посебната табела (шема) ја доставил до стечајниот судија, ја депонирал во стечајното досие заедно со сите приложени документи, исправи и докази доставени по секоја пријава и ја објавил преку системот на е-стечај.

Исто така стечајниот управник објави известување на огласна табла на судот и во еден дневен весник за тоа дека табелата на утврдени и оспорени побарувања е депонирана во стечајното досие и изврши лична достава на табелата на доверителите чии побарувања се оспорени.

По приемот на табелата, доверителите чии побарувања биле оспорени од страна на стечајниот управник поднеле приговори во рок од осум дена по приемот на посебната табела до стечајниот судија.

Исто така, доверителите со посебен приговор поднесен во законскиот рок оспориле побарување на друг доверител. Тие во приговорите го образложија правниот интерес и кон нив да доставија заверени исправи од нотар како и други докази со кој го докажуваат своето тврдење.

На испитното рочиште кое се одржа пред овој суд стечајниот управник се произнесл по пристигнатите приговори на начин што предложи истите да се одбијат како неосновани.

Судот констатира дека на испитното рочиште не настанаа никакви промени во табелата(шемата) за оспорени и утврдени побарувања.

При ваква состојба, следуваше, Судот да одлучи како под I од изреката на решението.

Судот одлучи како под II од изреката на решението согласно член 89 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), , имајќи го во предвид произнесувањето на стечајниот управник во табелата.

Судот одлучи како под III, IV и V од изреката на решението, согласно член 89 став 3, член 91 и 92 од наведениот закон, имајќи го предвид фактот кои од побарувањата ги оспорил стечајниот управник, кои биле оспорени од страна на доверителите и кои побарувања биле со извршна исправа, а биле оспорени од страна на стечајниот управник или други доверители.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена посебна жалба
**Д.Н.** Решението се доставува до стечајниот управник, доверителите

# VI
# Решенија во стечајна постапка кои се донесуваат во врска со именувањето и разрешувањето на  стечајниот управник

**ПРИМЕР 33: Решение за разрешување на постојниот и именување на друг стечаен управник врз основа на одлука на првото извештајно собрание на доверители-член 32 став1 и 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, врз основа на одлуката донесена од доверителите на првото извештајно собрание на доверители одржано на ден __________ година, вон рочиште на ден __________ година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ РАЗРЕШУВА** стечајниот управник _________ од _______, со седиште на ________, ЕМБГ ________, именуван во стечајната постапка над стечајниот должник со решение на стечајниот судија на овој суд Ст.бр. _______.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека со денот на донесувањето на решението за разрешување престануваат неговите овластувања и должности во стечајната постапка отворена над должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** разрешениот стечаен управник во рок осум дена по приемот на решението да:

- состави извештај за периодот од последниот месечен извештај до денот на разрешувањето и
- да му ја предаде целокупната писмена документација преземена од стечајниот должник, како и документацијата за извршените дејствија во стечајната постапка на новоименуваниот стечаен управник.

**II**

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК се именува** (име, презиме и адреса) ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста ________

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. За стечаен управник било именувано лицето _____ од ______,

На ден_____ година, била одржана седница на првото извештајно собрание на доверители, кое го свика стечајниот судија со решението за отворање на стечајната постапка. Во конкретниот случај не е спорно дека на седницата на првото извештајно собрание, доверителите со мнозинство гласови донеле одлука именуваниот стечаен управник од страна на стечајниот судија со решението за отворање на стечајната постапка да биде разрешен, за нов стечаен управник да биде именувано лицето _____ од ______.

Судот постапувајќи во роковите утврдени во член 32 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), утврди дека во конкретниот случај доверителите се овластени само на првото извештајно собрание на доверители да донесат одлука за разрешување на стечајниот управник и дека предложениот стечаен управник се наоѓа на листата на стечајните управници на судот кој е стварно и месно надлежен да ја води стечајната постапка.

При таква состојба следуваше, Судот согласно член 32 став 2 и 4 да одлучи како во под I од изреката на решението.

Судот одлучи како во став 3 од решението, согласно член 32 став 5 од истиот закон.

Исто така, Судот утврди дека не постојат ограничувањата согласно член 22 од истиот закон предожениот стечаен управник да биде именуван за стечаен управник. Покрај тоа утврди дека е очигледно дека со оглед на бројот на стечајните постапки во кои е именуван и обемот на работите во постапките, постапувањето на стечајниот управник во роковите определени со овој закон, неговата стручност и компетентност ќе може успешно да ја спроведе стечајната постапка.

Поради наведеното, следуваше, Судот да одлучи како под II од изреката на решението.

Основен суд ______________
Ст.бр.____/____ од _____ година

Стечаен судија,
______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба.
**Д.Н.** до доверителите , разрешениот стечајниот управник, именуваниот стечаен управник, Централен регистар на РМ.

**ПРИМЕР 34: решение со кое се одбива предлогот за разрешување на стечајниот управник по одлука на прво извештајно собрание на доверители-член 32 став 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, врз основа на одлуката донесена од доверителите на првото извештајно собрание на доверители одржано на ден __________ година, вон рочиште на ден __________ година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на доверителите врз основа на одлуката донесена на првото извештајно собрание на доверители на ден_____ година за разрешување на стечајниот управник_________ од _______, именуван од стечајниот судија, **СЕ ОДБИВА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. За стечаен управник било именувано лицето _____ од ______.

На ден_____ година, била одржана седница на првото извештајно собрание на доверители, кое го свика стечајниот судија согласно законот.

Не е спорно дека на седницата на првото извештајно собрание, доверителите со мнозинство гласови донеле одлука именуваниот стечаен управник од страна на стечајниот судија со решението за отворање на стечајната постапка да биде разрешен, за нов стечаен управник да биде именувано лицето _____ од ______.

Судот постапувајќи во роковите утврдени во член 32 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), утврди дека во конкретниот случај доверителите се овластени само на првото извештајно собрание на доверители да донесат одлука за разрешување на стечајниот управник и дека предложениот стечаен управник се наоѓа на листата на стечајните управници на судот кој е стварно и месно надлежен да ја води стечајната постапка. Исто така, Судот утврди дека не постојат ограничувањата согласно член 22 од истиот закон предоженоиот стечаен управник да биде именуван за стечаен управник.

Меѓутоа, Судот постапувајќи согласно член 32 став 3 точка 2 од наведениот закон се впушти во испитување дали предложениот стечаен управник може да со оглед на бројот на предметите во кои е именуван успешно да ја спроведе стечајната постапка. Во таа смисла побара предложениот стечајниот управник да достави изјавата за бројот на предмети во кој е именуван и во која фаза се стечајните постапки во кој е именуван.

Од анализа на изјавата дадена од предложениот стечаен управник, Судот утврди дека во конкретниот случај произлегува дека со оглед на бројот на стечајните постапки во кои е именуван и обемот на работите во постапките, постапувањето на стечајниот управник во роковите определени со овој закон, тој нема да може успешно да ја спроведе стечајната постапка во која се предлага да биде именуван.

Поради наведеното, следуваше, Судот да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, право на жалба има секој доверител кој гласал за именување на нов стечаен управник во рок од осум дена преку овој суд до Апеалциониот суд во_____________

**Д.Н.** до доверителите, именуваниот стечаен управник, се објавува на огласна табла на судот

**ПРИМЕР 35: Решение за изрекување на парична казна на стечајниот управник - член 35 став 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ИЗРЕКУВА ПАРИЧНА КАЗНА** на стечајниот управник _________ од _______, со седиште на ________, ЕМБГ ________ во висина (од 10.000 до 300.000 денари.)

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник _________ од _______, да ја уплати изречената парична казна во висина од _________ на сметката на стечајниот должник _________ во рок од осум дена по приемот на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. За стечаен управник било именувано лицето _____ од ______.

Во текот на стечајната постапка, повеќе доверители доставиле поднесок со кој го известуваат, Судот дека стечајниот управнк не ги извршува своите должности согласно законот. Така, стечајниот управник пропуштил да внесе, податоци во системот е-стечај и на тој начин не можеле да добијат информации за текот на стечајната постапка.

Судот во рамките на своите надлежности согласно членот 35 став 1 и 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) да врши контрола над работењето на стечајниот управник, побара од истиот писмено да се произнесе за ваквите наводи на доверителите.

Стечајниот управник, достави до судот поднесок во кој се произнесе по наводите на доверители, наведувајќи дека имало одредени технички проблеми кои биле пречка ажурно да ги внесе податоците во системот Е-стечај. По остарнувањето на техничките проблеми сите податоци се ажурирани и внесени во системот Е- стечај.

Судот одлучи како во изреката на решението, согласно член 35 став 3 од наведениот закон, од причини што утврди дека стечајниот управник не ги извршувал своите обврски утврдени со Законот за стечај подолго време, не внесувал податоци во системот Е-стечај, не преземал никакви дејствија за надминување на техничките проблеми и поради тоа доверителите не биле информирани за тоа во која фаза е стечајната постапка.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба има стечајниот управник во рок од осум дена по приемот на решението преку овој суд. до Апелациониот суд_____________

**Д.Н.** до стечајниот управник

**ПРИМЕР 36: Решение за разрешување на стечајниот управник поради неизвршување на обврските - член 36 став 1 и 4 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на доверителот_______ за разрешување на стечајниот управник _________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ РАЗРЕШУВА** стечајниот управник _________ од _______, именуван во стечајната постапка над стечајниот должник со решение на стечајниот судија на овој суд Ст.бр. _______.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека со денот на донесувањето на решението за разрешување престануваат неговите овластувања и должности во стечајната постапка отворена над должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** разрешениот стечаен управник да состави извештај за периодот од последниот месечен извештај до денот на разрешувањето во рок од осум дена по приемот на решението .

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** разрешениот стечаен управник на новоименуваниот стечаен управник да му ја предаде целокупната писмена документација преземена од стечајниот должник, како и документацијата за извршените дејствија во стечајната постапка .

Барањето на стечајниот управник да му се одобри награда за дејствијата кои ги извршил до денот на разрешувањето во износ од _______денари, **СЕ ОДБИВА**

**II**

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ИМЕНУВА** (име, презиме и адреса) ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста како трговец поединец/ друштво ________

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. За стечаен управник било именувано лицето _____ од ______,

На ден_____ година, доверителот_____поднел образложен предлог за разрешување на стечајниот управник од должноста, од причина што истиот не ги извршува своите обврски и достави доази од кои произлегува дека истиот постапувал спротивно на должностите утврдени во член 36 став 1 тока 1,2,3 и 4 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015).Заедно со поднесокот достави и писмени докази.

Судот. предлогот за разрешување го достави до стечајниот управник. Стечајниот управник во рок од осум дена по приемот на предлогот писмено се произнесе до стечајниот судија по предлогот за разрешување.

Судот, по извршениот увид во поднесокот на доверителот, одговорот на поднесокот доставен од страна на стечајниот управник, приложените писмени докази од страна на доверителот и нивна оценка, одлучи како под I од изреката на решението а поради следното.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека, стечајниот управник не ги извршувал должностите согласно закон. Имено, Судот констатира дека во текот на стечајната постапка, разрешениот стечаен управник би именуванн во друга стечајна постапка и престанал да ги презема дејствија во стечајната постапка отворена над должникот. Постапувајќи на тој начин, дошло до застој во стечајната постапка исклучиво по вина на стечајниот управник кој не ги извршувал своите обврски согласно законот.

При таква состојба следуваше, Судот согласно член 32 став 4 и 5, а во врска со член 36 став 4 да одлучи како во под I од решението. Исто така, Судот го одби барањето на стечајниот управник да му се одобри награда за дејствијата кои ги извршил до денот на разрешувањето, од причина што во текот на постапката за разрешување утврди дека стечајниот управник е разрешен поради тоа што несовесно ги извршувал своите обврски односно воопшто не ги извршувал.

Поради наведеното, следуваше, Судот да одлучи како под II од изреката на решението. Стечајниот управник беше именуван со примена на методата на електронско избирање од листата на стечајни управници.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против решението за разрешување на стечајниот управнник не е дозволена жалба
Стечајниот управник има право на жалба во делот на решението под I став 5 со кое е одлучено по барањето за определување на награда во рок од осум дена по приемот на решението преку овој суд до Апелциониот суд во _______
**ДН**. доверителот, стечајниот управник, Централен регистар на РМ
Решението се објавува на огласна табла на судот.

**ПРИМЕР 37: Решение со кое се одбива предлогот за разрешување на стечајниот управник - член 36 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на доверителот_______ за разрешување на стечајниот управник _________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот за разрешување на стечајниот управник _________ од _______, на стечајниот должник поднесен од доверителот _________ , **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. За стечаен управник било именувано лицето _____ од ______,

На ден_____ година, доверителот_____поднел образложен предлог за разрешување на стечајниот управник од должноста, од причина што истиот не ги извршува своите обврски и достави доази од кои произлегува дека истиот постапувал спротивно на должностите утврдени во член 36 став 1 тока 1,2,3 и 4 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015).Заедно со поднесокот достави и писмени докази.

Судот. предлогот за разрешување го достави до стечајниот управник. Стечајниот управник во рок од осум дена по приемот на предлогот писмено се произнесе до стечајниот судија по предлогот за разрешување.

Судот, по извршениот увид во поднесокот на доверителот, одговорот на поднесокот доставен од страна на стечајниот управник, приложените писмени докази од страна на доверителот и нивна оценка, одлучи како во изреката на решението а поради следното.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека, стечајниот управник ги извршувал должностите согласно закон. Имено, Судот констатира дека во текот на стечајната постапка, стечаен управник ги извршил сите обврски согласно закон и за тоа поднесувал месечни извештаи зашто навремено бил известен одборот на доверители.

При таква состојба следуваше, Судот согласно член 36 да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволено е право на жалба од доверителот кој поднел предлог за разрешување во рок од осум дена по приемот на решението преку надлежниот суд што го донел решението до апелациониот суд,

**Д.Н.** Решението се доставува до стечајниот управник и доверителот

**ПРИМЕР 38: Решение за одобрување на исплата на реално сторените трошоци во стечајната постапка - член 37 став 3 во врска со член 34 став 1 точка 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за исплата на трошоци во постапката _________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВА** исплата на реално сторените трошоци во стечајната постапка согласно предлогот на стечајниот управник _________ од _______, во износ од ______ денари за месец ______ од сметката на стечајниот должник.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот _____, била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, стечајниот управник достави до Судот предлог за исплата на реално сторените трошоци за водење на стечајната пстапка. Во прилог кон предлогот за исплата стечајниот управник достави писмени докази за тоа каде се треба да бидат извршени плаќањата.

Судот, по разгледување на предлогот и доставените докази утврди дека се исполнети услови за исплата на реано потребните трошоци за водењето на стечајната постапка, од причина што стечајниот управник презема дејствија поврзани со довршување на производството кое го вршел стечајниот должник.

При таква состојба, следуваше Судот да одлучи како во изреката на решението, а согласно член 37 став 1 од Законот за стечај.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението за одобрување на исплата на реално потребни трошоци за водење на стечајната постапка не е дозволена жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник**.**

**ПРИМЕР 39: Решение за определување на висината на наградата на стечајниот управник - член 37 став 5 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за определување на наградата _________вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА НАГРАДАТА** на стечајниот управник _________ од _______, за водење на стечајната постапка над стечајниот должник во износ од _______ денари.

**СЕ ОДОБРУВА**, стечајниот управник да изврши исплата на наградата од сметка на стечајниот должник.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Стечајниот управник достави до Судот предлог за определување на награда за водењето на стечајната постапка. Наведе дека, во целост ги преземал сите дејствија согласно закон, впаричената стечајна маса ја распределил на доверителите сразмерно на нивните побарувања. Во прилог на предлогот достави и пресметката на сите дотогашни исплати. Исто така наведе дека одборот на доверители на седницата одржана на ден_____донесе одлука со која ја одобрува исплатата на наградата. Одлуката ја достави во прилог.

Судот, по разгледувањето на предлогот и приложените писмени докази одлучи како во изреката на решението, а поради следното

Согласно членот 37 став 1 од Законот за стечај, стечајниот управник има право на награда за својата работа и право на надоместок на реално потребните трошоци кои се исплаќаат веднаш по завршувањето на одделни фази во стечајната постапка.

Согласно членот 37 став 4 од горенаведениот закон, висината на наградата на стечајниот управник се утврдува според висината на паричната вредност на намирувањето на побарувањето на стечајните доверители, процентот на намирување на стечајните доверители, сложеноста на стечајната постапка, односно големината на стечајната маса, времетраењето на стечајната постапка, начинот на спроведување на стечајната постапка, односно дали се врши впаричување на имотот или се спроведува план за реорганизација, успешноста од спроведувањето на планот за реорганизација.

Судот утврди дека висината на наградата е пресметана согласно одредбите од член 9 од Правилникот за наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина.

При определување на висината на наградата, Судот ја имаше во предвид висината на паричната вредност на намирувањето на побарувањето на стечајните доверители, процентот на намирување на стечајните доверители, сложеноста на стечајната постапка, односно големината на стечајната маса, времетраењето на стечајната постапка, начинот на спроведување на стечајната постапка со впаричување на имотот.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба имаат доверителите, одборот на доверители во рок од осум дена од денот на објавување на решението на огласна табла на судот преку овој суд до Апелациониот суд __________.

**Д.Н.** стечајниот управник ,се објавува на огласна табла на судот

# VII

# Решенија  кои се донесуваат во врска со склучување договори за враболтување и управување со имотот на стечајниот должник

**ПРИМЕР 40: Решение со кое се одобрува стечајниот управник да склучи договор за кредит без обезбедување - член 134 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________,по претходно прибавената согласност од одборот на доверители вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВА стечајниот управник** ______ од _____во отворената стечајна постапка над должникот ______да склучи договор за кредит без обезбедување во висина на ______ со рок на враќање од ______години.

Долгот кој ќе настане со склучувањето на необезбеден кредит преставува трошок на стечајната постапка.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот _____, била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ одобри деловниот потфат на должникот да продолжи и истиот да го води стечајниот управник. Основната причина поради која Судот одобри деловниот потфат на должникот да продолжи е да се остранат штетните последици кои можат да настанат за доверителите доколку должниковиот деловен потфат бил запрен.

Со оглед на факот што за продолжувањето на деловниот потфат, односно деловно работење на должникот се потребни финансиски средства, стечајниот управник побара одборот на доверители да даде согласност да склучи договор за кредит со банка без обезбедување со тоа што долгот кој ќе настане со склучувањето на необезбеден кредит преставува трошок на стечајната постапка.

Одборот на доверители, на седницата одржана на ден _____еднogласно донесе одлука со која се дава согласност за склучување на кредит без обезбедување во висина на ______ со рок на враќање од ______години, со тоа што долгот кој ќе настане со склучувањето на необезбеден кредит преставува трошок на стечајната постапка.

При такава состојба следуваше, Судот согласно член 134 став 2 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник, и претседателот на одборот на доверители

**ПРИМЕР 41: Решение со кое му се одобрува на стечајниот управник да склучи договор за кредит со обезбедување - член 134 став 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________,по врз основа на одлука на собрание на доверители од ______ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВА стечајниот управник** ______ од _____ да склучи договор за кредит со обезбедување во висина на ______ со рок на враќање од ______години.

Долгот кој ќе настане со склучувањето на обезбедениот кредит преставува трошок на стечајната постапка.

**СЕ ОДОБРУВА**, стечајниот управник да воспостви заложно право-хипотека на имотот кој се наоѓа на ул. ______ . КО. ______ ИЛ.бр. ______ сопственост на стечајниот должник запишан во имотен лист______од прв ред во корист на давачот на кредитот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот _____, била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ одобри деловниот потфат на должникот да продолжи и истиот да го води стечајниот управник. Основната причина поради која Судот одобри деловниот потфат на должникот да продолжи е да се остранат сите штетни последици кои можат да настанат за доверителите доколку должниковиот деловен потфат бил запрен.

Со оглед на факот што за продолжувањето на деловниот потфат, односно деловно работење на должникот се потребни финансиски средства, стечајниот управник побара одборот на доверители да даде согласност да склучи договор за кредит со банка без обезбедување со тоа што долгот кој ќе настане со склучувањето на необезбеден кредит преставува трошок на стечајната постапка. Меѓутоа и покрај дадената согласност од Одборот на доверители, стечајниот управник не успеа да склучи необезбеден договор за кредит.

Со оглед на тоа што стечајниот должник располага со недвижен имот кој е дел од стечајната маса кој може да биде предмет на заложно право, стечајниот управник предложи стечајниот судија да свика собрание на доверители со единствена точка на дневен ред, давање одобрение на стечајниот управник за склучување на обезбеден договор за кредот.

На седницата на собранието на доверители, доверителите со мнозинство на гласови од доверителите со утврдени побарувања на начин на кој се гласа за донесување на план за реорганизација донесе одлука на предметниот недвижен имот кој се наоѓа на ул. _____________ запишан во имотен лист ______ да биде воспоствено заложно право – хипотека од прв ред во корист на давачот на кредитот .

При такава состојба следуваше, Судот согласно член 134 став 3 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба

**Д.Н.** до стечајниот управник, и претседателот на одборот на доверители

**ПРИМЕР 42: Решение со кое му се одобрува на стечајниот управник да склучи нови договори за вработување на определено време -член 166 став 5 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за склучување на договори за вработување на определено време, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**МУ СЕ ОДОБРУВА** на стечајниот управник _____ од ____, да склучи договори за вработување на определено време од __________ месеци со лицата:

- __________ од __________
- __________ од __________

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник при определување на платите и надоместоците на лицата со кои склучува договори на определено време да го има предвид закон и колективниот договор.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Стечајниот управник со писмен поднесок доставен до судот на _____побара да му биде донесено решение со кое ќе му се одобри да склучи договори за определено време со работниците _____ поранешно вработени кај должникот заради завршување на започнатите работи и за отстранување на можните штети. Наведе дека барањето е поврзано со решението на овој суд за продоложување на деловниот потфат на должникот.

Судот одлучил како во став 1 од изреката на решението, согласно членот 166 став 5 од Законот за стечај, од причина што утврди дека стечајниот управник има потреба од склучување нови договори, а и лицата кои со кои се склучуваат договорите за вработување се поранешните работници кои биле вработени кај должникот и имаат приоритет при склучувањето на договорите. Постапувајќи согласно членот 166 став 6 од наведениот закон, Судот одлучил како во став 2 од изреката на решението, при што го задолжи стечајниот управник да ги определи платите и надоместоците на работниците врз основа на закон и колективен договор. Средствата за плати и надоместоци се исплаќаат како обврски на стечајната маса.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба
Д.Н. до стечајниот управник

# VIII
# Решенија кои судот ги донесува во врска со именувањето и работата на одборот на доверители

**ПРИМЕР 43: Решение за основање на одборот на доверители - член 39 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, постапувајќи по предлогот на стечајниот управник за основање на одбор на доверители вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОСНОВА одборот на доверители** по предлогот на стечајниот управник _________ од _______.

За членови на одборот на доверители се именуваат следните доверители:

1. лицето_____________ за доверителот _____________ со седиште _____________ ,
2. лицето_____________ за доверителот _____________ со седиште _____________ ,
3. лицето_____________ за доверителот _____________ со седиште _____________ ,

**СЕ СВИКУВА** првата седница на одборот на доверители на ден __________ во_________ во просториите на стечајниот должник на ул__________.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Стечајниот управник, достави до Судот предлог за основање на одбор на доверители. Во предлогот наведе дека предложените доверители за членови на одборот на доверители навремено пријавиле побарување по огласот кој бил објавен во „Службен весник на РМ“. Наведе дека при предлагањето на членовите на одборот на доверители ги имал во предвид ограничувањата предвидени во член 38 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015). Стечајниот управник во предлогот ги образложи и причините поради кои ги предлага наведените доверители да бидат членови на одборот на доверители. Исто така наведе дека стапил во контакт со предложените доверители и од сите добил согласност да членуваат во одборот на доверите при што и сите ги навеле нивните прставници во одборот на доверители.

Судот одлучил како во став 1 и 2 од изреката на решението, а согласно членот 39 став 2 од наведениот закон, го прифатил предлогот на стечајниот управник и оценил дека се исполнети условите за формирање на одбор на доверители. Согласно членот 43 став 1 од наведениот закон и ја свика и првата седница на одборот на доверители.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба

**Д.Н.** до членови на одборот на доверители, стечајниот управник и до Централниот регистар на Република Македонија

**ПРИМЕР 44: Решение за разрешување на членовите на одборот на доверители - член 41 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, врз основа на предлог на одборот на доверители вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ РАЗРЕШУВА** _____ од член во одборот на доверители.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека разрешениот член на одбор на доверители по правосилноста на решението ги губи сите права и обврски како член на одборот на доверители

**II**

За член на одборот на доверители на стечајниот должник се именува , лицето_____________ за_____________ со седиште _____________ ,

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот _____, била отворена стечајна постапка. Врз основа на предлог на стечајниот управник, Судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ основал одбор на доверители пред првото извештајно собрание на доверители.За членови на одборот на доверители биле именувани _____.

Во текот на постапката, одборот на доверители донел одлука со која констатирал дека членот на одборот на доверители _____ работи спротивно на интересите на доверителите и не ги извршувал неговите обврски предвидени со овој закон, не доаѓал на седниците и своето недоаѓање не го оправдал. Предложи Судот да донесе решение со кое ќе го разрешо од член на одборот на доверители и на негово место да биде именуван _____, со што го прифатиле предлогот на стечајниот управник.

Судот постапувајќи во рамките на своите овластувања, изврши увид во целокупната писмена документација за одржаните седници и го повика членот на одборот на доверители на сослушување во врска со наводите во одлуката на одборот на доверители.

Членот на одборот на доверители чие разрешување се бара, пред судот наведе дека е точно дека не присутвувал на ниту една седница на одборот на доверители иако бил уредно повикан поради презафатеност.

Судот одлучи како во изреката на решението од следните причини:

Во член 41 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), регулирани се условите под кои член на одбор на доверители може да биде разрешен. Така предвидено е дека член на одборот на доверители може да биде разрешен во текот на стечајната постапка, од причина што не ги извршувал неговите обврски предвидени со овој закон, не доаѓал на седниците и своето недоаѓање не го оправдал, без образложение одбивал да гласа за донесување на одлуките кои се во интерес на доверителите и со нивно не донесување се одолговлекувало или отежнувало спроведувањето на стечајната постапка, како и во случај кога престанал правниот основ да биде именуван, односно избран во одборот на доверители и во други случаи предвидени со овој закон.

Во конкретниот случај, Судот од извршениот увид во писмената документација имајќи ја во предвид и изјавата на членот на одборот на доверители, утврди дека се исполнети услови за разрешување од член на одборот на доверители. Имено, Судот утврди дека преставникот на доверителот кој членувал во одборот на доверители не ги извршувал

обврските предвидени со овој закон, не доаѓал на седниците и своето недоаѓање не го оправдал. Таквиот негов однос директно влијаел на одолговлекувањето и го отежнувал спроведувањето на стечајната постапка, порадишто одлучи како под I од изреката на решението.

Судот одлучил како под II од изреката на решението, а согласно членот 41 став 4 од наведениот закон, со што го прифати предлогот на одборот на доверители даден во одлуката а врз основа на на предлог на стечајниот управник.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба преку овој суд до Апелациониот суд _____има разрешениот член на одборот на доверители во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

**Д.Н.** до разрешениот член на одборот на доверители, подносителот на предлогот, стечајниот управник и до Централниот регистар на Република Македонија.

**ПРИМЕР 45: Решение за определување на наградата и надоместок на реално потребните трошоците на членовите на одборот на доверители - член 44 став 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** надоместок на реално потребните трошоци и награда за работа на членовите на одборот на доверители за месец_____ и тоа за:
1. лицето_____________ за_____________во износ од _____
2. лицето_____________за_____________ во износ од _____
3. лицето_____________за_____________ во износ од _____

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да изврши исплата од сметката на стечајниот должник, во рок од осум дена по правосилноста на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Согласно членот 31 став 1 од стечајниот судија го именувал стечајниот управник _____ од ______, со адреса на _____ и ЕМБГ______ со решението за отворање на стечајната постапка.

Судот одлучил како во изреката на решението, соглсно членот 44 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015). Имено во наведената одредба е предвидено дека членовите на одборот на доверители имаат право на награда за својата работа, како и на надоместок за реално потребните трошоци. При определувањето на износот на наградата и реалноп потребните трошоци Судот ја имаше во висината која е определена во Правилникот за награда како и присуството на членовите на седниците..

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба преку овој суд до Апелациониот суд _____има член на одборот на доверители во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

**Д.Н.** членовите на одборот на доверители и до стечајниот управник.

# IX
# Решенија кои судот ги донесува во врска со одржување на други собранија на доверители

**ПРИМЕР 46: Решение со кое се свикува одржување на другите собранија на доверители - член 46 став 1, 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечаен доверител чие утврдено побарување надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители_________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на стечајниот доверител _________ **СЕ УСВОЈУВА**

**СЕ СВИКУВА** седница на собрание на доверители кое ќе се одржи во ____ часот, на _____ (место), со следните точки на дневен ред: ______.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да објави оглас за свикување на собранието на доверители во”Службен весник на Република Македонија" и во еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот _____, била отворена стечајна постапка.

Стечајниот доверител_________достави до судот предлог за свикување на собрание на доверители со следниот дневен ред. Воедно предложи собранието да биде одржано во _____ (место) на ден _____. Во предлогот наведе дека се исполнети условите за свикување на собранието на доверители од причина што неговото утврдено побарување со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд изнесува _________денари, што надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители_________.

Постапувајќи согласно членот 46 став 1 и 2 од Законот за стечај, Судот одлучи како во изреката на решението од причина што утврди дека предлагачот ги исполнува условите за поднесување на предлог за свикување на собрание на доверители бидејќи неговото утврдено побарување изнесува _________денари.

Овој износ го надминува износот од една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители _________.

Судот го донел решението за свикување на собранието во рокот од 30 дена од поднесување на предлогот за неговото свикување.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено правото на жалба
**Д.Н.** стечајниот управник и Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница и на огласна табла на судот

**ПРИМЕР 47: Решение за поништување на одлука на собранието на доверители - член 46 став 4 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________,по одржување на седница на собрание свикано по предлог на стечаен доверител како предлачат вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ПОНИШТУВА** одлуката на собрание на доверители одржано на ден ____ година свикано по предлог на стечајниот доверител__________. со која се разрешува стечајниот управник __________именуван од стечајниот судија со решение Ст.бр.____/____ и на негово место се именува стечајниот управник __________.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. Со истото решение за стечаен управник беше именуван __________ врз основа на предлог на доверителот __________ предлагач за отворање на стечајната постапка над должникот. Со решението за отворање на стечајна постапка, Судот свика и одржување на првото извештајно собрание на доверители, кое беше одржано и меѓудругите одлуки, доверителите донесоа одлука со која стечајниот управник именуван од страна на судијата и понатаму продолжи да ја врши истата должност. Со решение Ст.бр.____/____ од _____донесено од овој суд беше констатирано дека оваа одлука е донесена.

По предлог на стечајниот доверител _____ кој има утврдено побарување кое го надминува износот од една петтина од износот на побарувањата сите стечајни доверители, Судот донесе решение Ст.бр.____/____ од _____ за свикување на собрание на доверители со единствена точка на дневниот ред „разгледување на работата на стечајниот управник"

На седницата на собранието на доверители одржана на__________ година , беше донесена одлука со која се разрешува стечајниот управник __________именуван од стечајниот судија и на негово место се именува стечајниот управник __________.

Судот постапувајќи согласно член 46 став 4 од Законот за стечај, одлучил како во изреката на решението од причина што утврдил дека се исполнети условите за поништување на одлуката донесена на собранието на доверители.

Имено, според член 50 став 3 од наведениот закон „на другите собранија кои се одржуваат во текот на стечајната постапка доверителите можат да одлучуваат по други прашања за кои согласно со овој закон одлучува одборот на доверители. Доверителите на другите собранија не можат да ги донесуваат одлуките кои се веќе донесени на првото извештајно собрание на доверителите.

Според член 50 став 1 точка 1 „доверителите на првото извештајно собрание кое го свикува стечајниот судија, со донесувањето на решението за отворање на стечајна постапка покрај другите одлуки донесува и одлука: за тоа дали стечајниот управник, именуван од страна на стечајниот судија, останува да ги врши работите на стечаен управник ќе биде разрешен и ќе биде избран нов стечаен управник.

Имајќи ги во предвид цитираните одредби јасно произлегува дека доверителите на другите собранија кои ќе се свикаат во текот на отворената стечајна постапка по предлог на

некој од овластените предлагачи, не се овластени да носат одлуки со кои ќе го разрешат стечајниот управник и на негово место ќе именуваат друг стечаен управник.

Именувањето и разрешувањето на стечајниот управник се во надлежност на стечајниот судија, а собранието на доверители на другите собранија можат да донесат одлука со која ќе предложат сменување на стечајниот управник.

При ваква состојба следуваше судот да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба преку овој суд до Апелациониот суд _____има предлагачот за свикување на собранието на доверители во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

**Д.Н.** стечајниот управник и предлагачот кој го поднел предлогот за свикување на собрание

**ПРИМЕР 48: Решение за укинување на одлука на собранието на доверители по предлог на стечајниот управник - член 49 став 1 и 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија“бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на стечајниот управник, за укинување на одлука донесена на седницата на собранието на доверители, **СЕ УСВОЈУВА**

Одлуката донесена од страна на доверителите на седницата на собранието на доверители, одржана на ден ____ година, во ____часот, на ___ (место), со која не се прифаќа понудата на учесникот во електронското јавно наддавање на стечајната маса која е повисока од проценетата вредност ,**СЕ УКИНУВА**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник јавно да објави извод од решението во”Службен весник на Република Македонија" и во еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, доверителите на првото извештајно собрание донеле одлука за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот на стечајниот должник кој преставува стечајна маса. Стечајниот управник во законските рокови ја започнал постапката за продажба на стечајната маса при што за____ година, во ____часот била закажано јавно наддавање по електронски пат. Не е спорно и тоа дека на јавното наддавање учесникот ____ понудил цена многу повисока од проценетата вредност на имотот.

На ден ____ било одржано собрание на доверители заради потврда на продажбата на имотот за кој бил објавено јавно наддавање по електронски пат. На седницата на собранието, доверителите со 51,02 % утврдени побарувања од присатните на собранието на доверители, донеле одлука со која не се прифаќа понудената цена од причина што била прениска.

Незадоволен од ваквата одлука на собранието на доверите, стечајниот управник поднел предлог до Судот, донесената одлука да биде укината од причината што со истата се повредуваат интересите на доверителите.

Судот постапувајќи согласно член 49 став 1 и 3 од Законот за стечај, одлучи како во изреката на решението, од причина што утврдил дека со донесената одлука на собранието на доверители се повредуваат интересите на доверители во стечајната постапка.

Имено, Судот оцени дека во конкретниот случај со донесување на ваква одлука доверителите се доведуваат во нерамноправна позиција и се повредуваат нивните интереси. Така, доверителите кои го имаат мнозинскиот пакет на гласови, ги повредуваат интересите на останатите доверители, а и постапуваат спротивно на целта на стечајната постапка , а тоа намирување на побарувањата на доверителите во што пократок рок.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба има секој доверител доколку неговите права се засегнати со одлуката, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката, преку надлежниот овој суд до Апелациониот суд______________.

**Д.Н.** до стечајниот управник,

**ПРИМЕР 49: Решение со кое се одбива укинувањето на одлука на собранието на доверители по предлог на стечајниот управник - член 49 став 4 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на стечајниот управник, да се укине одлуката со која доверителите не ја прифаќаат понудената цена на учесникот __________која е пониска од проценетата вредност донесена, од страна на доверителите на седницата на собранието на доверители, одржана на ден ____ година, во ____часот, во ___ , **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, доверителите на првото извештајно собрание донеле одлука за затворање на деловниот потфат и впаричување на имотот на стечајниот должник кој преставува стечајна маса. Стечајниот управник во законските рокови ја започнал постапката за продажба на стечајната маса при што за____ година, во ____часот било закажано јавно наддавање по електронски пат. Не е спорно и тоа дека на јавното наддавање завршило на начин што учесникот ____ понудил цена пониска од проценетата вредност на имотот. На ден ____ било одржано собрание на доверители заради донесување на одлука по понудената цена за продажбата на имотот за кој бил објавено јавно наддавање по електронски пат. На седницата на собранието, доверителите со 75,02 % утврдени побарувања од присатните на собранието на доверители, донеле одлука со која не ја прифатиле понудената цена од причина што била прениска. Незадоволен од ваквата одлука на собранието на доверители останал стечајниот управник кој поднел предлог до Судот, предметната одлука да биде укината од причината што со истата се повредуваат интересите на доверителите.

Судот постапувајќи согласно член 49 став 1 и 3 од Законот за стечај, одлучи како во изреката на решението, од причина што утврдил дека донесената одлука на собранието на доверители не се повредуваат интересите на доверители во стечајната постапка. Имено, Судот оцени дека во конкретниот случај доверителите имаат право да донесат ваква одлука, со оглед на понудената цена , а дотолку повеќе што се работи за прво јавно наддавање.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба, има стечајниот управник во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката, преку надлежниот овој суд до Апелациониот суд_____________.

**Д.Н.** до стечајниот управник

# X
# Решенија кои судот ги донесува во врска со одржувањето на првото извештајно собрание на доверители

**ПРИМЕР 50: Решение со кое се констатира дека на првото собрание на доверители се донесени одлуки - член 97став 5 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека доверителите на седницата на првото извештајно собрание на доверители ги донесе следните одлуки:

- стечајниот управник _________именуван од страна на стечајниот судија со решението на отворање на стечајната постапка, Ст.бр.____/____ од _____ останува да ги врши работите на стечаен управник;
- одборот на доверители именуван од стечајниот судија со решение Ст.бр.____/____ од_________ останува во ист состав;
- се затвора деловниот потфат на стечајниот должник
- се пристапува кон вапричување на имотот на стечајниот должник

**II**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека доверителите на седницата на првото извештајно собрание на доверители донеле одлука за начинот на впаричување на стечајната маса

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да изврши впаричување на претпријатието на должникот во целина по пат на електронска продажба со јавно наддавање

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. Со решението за отворање на стечајната постапка и огласот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. _____ стечајниот судија го свика и првото ивештајно собрание на доверители.

Пред одржувањето на правото извештајно собрание на доверители, беше одржано испитното рочиште и судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ одлучи по побарувањата на доверителите.

Стечајниот управник, го достави извештајот за економско финамсиската состојба на должникот до стечајниот судија, до членовите на одборот на доверители и го депонира во стечајното досие на увид на доверителите. Извештајот беше ставен на увид на доверителите преку стечајното досие, во роковите утврдени со закон. За депонирањето на извештајот во стечајното досие доверителите беа информирани преку известување на огласна табла на судот и со оглас објавен во дневниот весник_________.

Во конкретниот случај не е спорно дека, пред почетокот на извештајното собрание беа утврдени гласачките права на доверителите. Стечајниот управник го изложи извештајот за економско финансиска состојба и предложи деловниот потфат да се затвори и да се пристапи кон впаричување на имотот на стечајниот должник од кој е формирана стечајната маса.

Во конкретниот случај доверителите пристапија кон гласање и ги донесоа, следните одлуки по овој редослед:

1) стечајниот управник, именуван од страна на стечајниот судија, останува да ги врши работите на стечаен управник

2) одборот на доверители именуван од стечајниот судија останува во ист состав,

3) стечајниот должник се затвора и впаричување на имотот на стечајниот должник и
4) се пристапува кон впаричување на имотот на стечајниот должник. .

Сите одлуки биле донесени со мнозинство на утврдените преставени од присутните доверители, односно со 79,89% гласови на доверителите со утврдени побарувања присутни на седницата на првото извештајно собрание.

При таква состојба, Судот одлучи како под I од изреката на решението, а согласно член 97 став 5 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) со што констатираше дека се донесени сите одлуки согласно член 50 став од истиот закон.

Судот одлучил како под II од изреката на решението, со оглед на фактот што доверителите на првото извештајно собрание донеле одлука по однос на начинот на впаричување на имотот.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник

**ПРИМЕР 51: Решение со кое се констатира дека на првото собрание на доверители прифатиле иницијатива за изработка на план за реорганизација - член 97став 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека доверителите на седницата на првото извештајно собрание на доверители ги донесе следните одлуки:

- стечајниот управник _________именуван од страна на стечајниот судија со решението на отворање на стечајната постапка, останува да ги врши работите на стечаен управник;
- одборот на доверители именуван од стечајниот судија со решение Ст.бр.____/____ од_________ останува во ист состав;

**II**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека доверителите на седницата на првото извештајно собрание на доверители донеле одлука деловниот потфат на должникот да продолжи и прифатиле иницијатива за изготвување на план за реорганизација поднесена од доверителот_________

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** доверителот_________да изготви план за реорганизација во рок од 45 дена од денот на донесување на одлуката.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. Со решението за отворање на стечајната постапка и огласот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. _____ стечајниот судија го свика и првото ивештајно собрание на доверители.

Пред одржувањето на правото извештајно собрание на доверители, беше одржано испитното рочиште и судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ ги утврди побарувањата на доверителите. Истовремено ги упати на парница доверителите чии побарувања беа оспорени во зависност од тоа кој чие побарување оспорил во постапката.

Стечајниот управник, го достави до стечајниот судија, до членовите на одборот на доверители и го депонира во стечајното досие на увид на доверителите, извештајот за економско финамсиската состојба на должникот. Извештајот беше ставен на увид на доверителите преку стечајното досие, во роковите утврдени со закон. За депонирањето на извештајот во стечајното досие доверителите беа информирани преку известување на огласна табла на судот и со оглас објавен во дневниот весник_________.

Пред одржувањето на првото извештајно собрание, доверителот_________ поднесе иницијатива за изработка на план за реорганизација.

Во конкретниот случај не е спорно дека, пред почетокот на извештајното собрание Судот на записник ги утврди гласачките права на доверителите.

По утврдување на гласачките права се пристапи кон гласање, на начин што доверителите ги донесоа следните одлуки:

1) стечајниот управник именуван од страна на стечајниот судија, останува да ги врши работите на стечаен управник

2) одборот на доверители именуван од стечајниот судија останува во ист состав

Потоа, доверителот_________ кој достави иницијатива за изработка на план за реорганизација и продолжување на деловниот потфат ја образложи иницијативата за изработка на план за реорганизација при што предложи и деловниот потфат на должникот да продолжи и да се пристапи кон изработка на план за реорганизација.

Доверителите ја прифатија и иницијативата за продолжувае на деловниот потфат и изработка на план за реорганизација.

Сите одлуки биле донесени со мнозинство на утврдените преставени од присутните доверители, односно со 79,89% гласови на доверителите со утврдени побарувања присутни на седницата на првото извештајно собрание. Извештајот за економско финансиска состојба на должникот подготвен од страна на доверителите не беше разгледуван од страна на доверителите, со оглед на факот што тие веже донесоа одлука за продолжуавње на деловниот потафат на должникот и изработка на план за реорганизација.

При таква состојба, Судот одлучи како под I од изреката на решението, а согласно член 97 став 5 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) со што констатираше дека се донесени сите одлуки согласно член 50 став од истиот закон.

Судот одлучил како под II од изреката на решението, согласно член 97 став 2 од наведениот закон, со тоа што го задолжи доверителот да изработи план за реорганзација во рок од 45 дена од денот на донесувањето на одлуката на првото извештајно собрание _________.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник

# XI
# Решенија на судот во врска со продажба на имотот по електронски пат со јавно наддавање

**ПРИМЕР 52: Решение по приговор на учесник во електронската продажба - член 98 став 4 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по приговорот на учесникот во електронската продажба_________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот на учесникот _________, кој учествувал во електронската продажба на недвижниот имот_________на стечајниот должник, со кој побара да се поништи електронското јавно надавање одржано на ден _________и да се одржи ново јавно наддавање по електронски пат, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот е отворена стечајна постапка.

На ден _____ била одржана електронска продажба со јавно наддавање на недвижен имот – стечајна маса на стечајниот должник. На јавното надавање учествувале тројца учесници кои навремено уплатиле депозит во висина од 10% од вредноста на имотот предмет на продажбата. Највисока понудена цена на електронското јавно наддавање достави учесникот _____ .

Учесникот _____ во законскиот рок од три дена достави до Судот приговор на електронското јавно наддавање, наведувајќи дека поради грешка во системот не бил во состојба да достави нова понуда и со тоа би доставил повисока понуда од онаа која е прифатена за највисока. Побара да се поништи јавното наддавање и повторно да се одржи.

Судот постапувајќи по приговорот на учесникот, побара Централниот регистар на Република Македонија да испита дали постоеле технички проблеми при изведувањето на јавнотото наддавање. Од приложената писмена дкументација доставена од ЦРРМ, Судот утврди дека на критичниот ден кога било спроведено електронското јавно наддавање не постоеле никакви технички пречки, во одредениот временски рок учесникот да достави нова понуда.

При таква состојба, Судот одлучи како во изреката на решението согласно членот 98 став 4 од Законот за стечај.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба.
**Д.Н.** до стечајниот управник и подносителот на приговорот

**ПРИМЕР 53: Решение за задолжување на купувачот да го уплати износот на постигнатата цена- член 100 став1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________,врз основа на одлука на Собранието на доверители за извршена продажба вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека учесникот _______ на првата електронска продажба со јавно наддавање одржана на _______, за имотот предмет на продажбата _______ понудил највисока цена.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** учесникот _______ да уплати износ од _______денари на сметката отворена од страна на стечајниот управник во рок од 8 дена по приемот на решениeто.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на отворената стечајна постапка, била извршена прва продажба на имотот_______на стечајниот должник кој е дел од стечајната маса по електронски пат со јавно наддавање. Продажбата на имотот била вршена без објавување на почетна цена. На одржаното јавно наддавање по електронски пат учесникот _______понудил пониска цена од проценетата и Судот свика седница на собранието на доверители со цел да се разгледа доставената понудена цена.

На седницата на собранието на доверители единствена точка на дневен ред била донесување на одлука за продажба на предметниот имот за кој била понудена пониска цена од проценетата вредност. Доверителите со мнозинство на утврдените побарувања преставени од присутните доверители, односно со 79,89% гласови на доверителите со утврдени побарувања присутни на седницата на собранието на доверители донеле одлука да се прифати понудената цена.

Стечајниот управник, го известил судот дека доверителите на седницата на собрание на доверители донеле одлука да се прифати понудената цена на учесникот_______и покрај тоа што истата е пониска од проценета.

Судот постапувајќи врз основа на известувањето на стечајниот управник согласно член 100 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015),одлучи како во изреката со што го задолжи купувачот да го уплати износот на постигнатата цена во рок од осум дена.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник и учесниците во електронската продажба

**ПРИМЕР 54: Решение со кое се констатира дека електронската продажба е неуспешна - член 98 став 3 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________,врз основа на одлука на Собранието на доверители за извршена продажба_________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека доверителите на седницата на Собранието на доверители одржана на _________ не ја прифатиле постигната цена на првата електронска продажба со јавно наддавање на имотот на стечајниот должник кој преставува стечајна маса_________ и дека првата електронска продажба на предметниот имот е неуспешна

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да објави втора електронска продажба на стечајната маса_________ во рок од 15 дена по приемот на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на отворената стечајна постапка, била извршена прва продажба на имотот_______на стечајниот должник кој е дел од стечајната маса по електронски пат со јавно наддавање. Продажбата на имотот била вршена без објавување на почетна цена. На одржаното јавно наддавање по електронски пат учесникот _______понудил пониска цена од проценетата и Судот свика седница на собранието на доверители.

На седницата на собранието на доверители единствена точка на дневен ред била донесување на одлука за продажба на предметниот имот за кој била понудена пониска цена од проценетата. Доверителите со мнозинство на утврдените побарувања преставени од присутните доверители, односно со 79,89% гласови на доверителите со утврдени побарувања присутни на седницата на собранието на доверители донесоа одлука со која не ја прифаќа понудената цена.

Судот постапувајќи согласно членот 98 став 3 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) врз основа на известувањето на стечајниот управник за донесената одлука на Собранието на доверители одлучи како во изреката на решението со што го задолжи стечајниот управник да спроведе втора електронска продажба со јавно наддавање на предметниот имот.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник и учесниците во електронската продажба

**ПРИМЕР 55: Решение со кое констатира дека имотот е продаден и уплатена постигната цена - член 100 став2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________,врз основа на известување на стечајниот управник за уплатена постигна цена по електронска продажба, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека учесникот _______ уплатил износ од_______ денари како постигната цена на електронската продажба со јавно наддавање за имотот кој е предметот на продажбата _______, а врз основа на решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд.

**II**

**СЕ КОНСТАТИРА** имотот кој е предметот на продажбата кој се состои од: _______ е продаден на купувачот_______.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Агенцијата за катастар на недвижност да изврши пренос на правото на сопственост на имотот _______од стечајниот должник на купувачот_______ веднаш по приемот на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд, учесникот бил задолжен да ја плати понудената цена која била прифатена од Собранието на доверители во рок од осум дена.

Стечајниот управник со писмен поднесок го извести, Судот дека во оставениот законски рок, учесникот ја упатил понудената цена во целост.

При таква состојба, следуваше Судот согласно член 100 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) да одлучи како под I и II од изреката на решението.

Исто така, Судот ја задолжи Агенцијата за катастар да изврши пренос на правото на сопственост од стечајниот должник на купувачот и истото да го запише во јавните книги.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба
**Д.Н.** до стечајниот управник, купувач и Агенција за кастар на недвижност

**ПРИМЕР 56: Решение за продажба на недвижности над која е воспоставено право на одвоено намирување -член 107 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, врз основа на предлог на стечајниот управник за продажба на недвижност над која е воспоставено право на одвоено намирување, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВА** продажба според правилата на стечајната постапка на недвижност, запишана во Ил.бр._____, на КО ______ и КП _______, која претставува стечајна маса над која доверителот со право на одвоено намирување _______ има воспоставено заложно право утврдено во стечајна постапка.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Агенција за катастар да изврши прибележување на решението за продажба на недвижноста во јавните книги.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на отворената стечајна постапка на доверителот _______ со решение на овој суд Ст.бр.____/____ од _____ му било утврдено побарување во износ од _______и право на одвоено право на намирување на утврдениот износ од недвижноста запишана во Ил.бр._____, на КО ______ и КП _______, Во конкретниот случај не е спорно дека доверителот го стекнал правото на одвоено намирување врз основа на воспоствено заложно право – хипотека ОДУ.бр. _______ кај нотар пред_______ отворањето на стечајната постапка.

Доверителот со право на одвоено намирување на побарувањето го известил Судот со допис од _______ дека се согласува реализацијата на заложното право да се изврши според правилата на стечајната постапка.

Судот го прифати предлогот на стечајниот управник и согласно член 107 став 2 од Законот за стечај одлучи како во изреката на решението од причина што оцени дека се исполнети сите услови согласно наведениот закон на продажбата на предметната недвижност да се применат правилата на стечајната постапка. Воедно во став 2 од изреката на решението ја заложи Агенцијата за катастар во соодветните јавни книги да изврши прибелешка на предметното решение за продажба на недвижноста.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба.
**Д.Н.** до стечајниот управник и Агенција за катастар на недвижност

# XII
# Решенија во врска со намирување на побарувањата на доверителите

**ПРИМЕР 57: Решение за одобрување на планот за авансната распределба - член 191 став 3 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, во врска со поднесените приговори по план за авансна распределба вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Приговорите на планот за авансна распределба доставени од доверителите _________, **СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ**.

**II**

**ПЛАНОТ ЗА АВАНСНА РАСПРЕДЕЛБА** за намирување на побарувањата на стечајните доверители во отворената стечајна постапка над имотот на должникот _____ доставен од стечајниот управник, **СЕ ОДОБРУВА**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА стечајниот управник** _____ од ____, да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите согласно одобрениот план за распределба во рок од осум дена по приемот на решението.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА стечајниот управник** _____ од ____, по извршената исплата на побарувањата на доверителите согласно планот за авансна распределба, да состави посебен извештај за извршената исплата во рок од осум дена.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во конкретниот случај не е спорно дека стечајниот управник по извршената продажба на имотот кој е дел од стечајната маса остварил износ од _____ денари.

При таква состојба, стечајниот управник составил предлог на план за авансна распределба.

Во предлог планот за авансна распределба стечајниот управник го навел вкупниот износ на побарувањата, износот на паричните средства достапен за распределба од стечајната маса, список на побарувањата што би се земале предвид при распределбата, процентот на намирување на доверителите, како и износот на паричните средства кои би биле издвоени за намирување на побарувањата на доверителите чии побарувања биле оспорени. Во предлогот на планот стечајниот управник издвоил соодветен износ којшто бил потребен за исплата на неисплатените и предвидени трошоци на стечајната маса. Планот бил депониран во стечајното досие за увид на учесниците во стечајната постапка и го доставил до членовите на одборот на доверители на одобрување.

Одборот на доверители на _____ одржал седница на која го разгледале планот за распределба и донеле одлука за прифаќање на планот.

По одобрувањето на предлог планот за авансна распределба од страна на одборот на доверители, стечајниот управник го доставил предлогот планот до стечајниот судија и до доверителите опфатени со планот со напомена дека доверителите имаат право на приговор на планот за авансна распределба во рок од осум дена од денот на доставувањето до стечајниот судија.

Во законскиот рок приговори против предлог план за распределба поднесоа доверителите _____.

Судот одлучил како под I од изреката на решението, а согласно членот 191 став 3 од Законот за стечај, а поради следните причини:

Постапувајќи по приговорот на доверителот _____ Судот утврди дека поднесениот приговор е неоснован бидејќи стечајниот управник при утврдување на неговиот дел за исплата постапил согласно законот за стечај.

Судот утврди дека и приговорот на доверителот_____ е неоснован од причина што стечајниот управник правилно го утврдил рангот на доверителот и процентот на исплата.

Судот одлучил како под II од изреката на решението, а согласно членот 191 став 4, и решението го достави до стечајниот управник, кој е должен во рок од осум дена да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите.

По извршената исплата на средствата, стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до Судот, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволено право на жалба.
**Д.Н.** до стечајниот управник

**ПРИМЕР 58: Решение за одобрување на планот за конечна распределба - член 196 став 6 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, во врска со поднесените приговори по план за конечна распределба вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Приговорите на планот за конечна распределба доставени од доверителите _________, **СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ**.

**II**

**ПЛАНОТ ЗА КОНЕЧНА РАСПРЕДЕЛБА** за намирување на побарувањата на стечајните доверители во отворената стечајна постапка над имотот на должникот _____ доставен од стечајниот управник, **СЕ ОДОБРУВА**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите согласно одобрениот конечен план за распределба врднаш по правосилноста на решението.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник по извршената исплата на побарувањата на доверителите согласно планот за конечна распределба, да состави посебен извештај за извршената исплата во рок од осум дена и да го достави до стечајниот судија, одборот на доверителите и да го депонира во стечајното досие.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во конкретниот случај не е спорно дека стечајниот управник по извршената продажба на имотот кој е дел од стечајната маса остварил износ од _____ денари. При таква состојба, стечајниот управник составил предлог на план за авансна распределба. Со решение на овој Суд Ст.бр.____/____ од _____ планот за авансна распредеба бил одобрен и доверителите исплатени согласно планот за авансна распределба.

Во рок од осум дена од денот на пристигнување на средствата на сметката од продажбата и на остатокот на имотот, Стечајниот управник, изработил предлог план за конечна распределба. завршен извештај и завршна сметка и ја доставил до одборот на доверители.

Стечајниот управник го доставил предлог планот за конечна распределба завршниот извештај и завршната сметка во стечајното досие и објавил известувањето за вршење увид во планот за конечна распределба на веб страницата на Централниот регистар преку системот на е-стечај и во еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија и во Службен весник на Република Македонија.

Одборот на доверители на _____ одржал седница на која го разгледале планот за конечна распределба, завршниот извештај и завршната сметка и донеле одлука за прифаќање на планот, завршниот извештај и завршната сметка.

По одобрувањето на предлог планот за авансна распределба од страна на одборот на доверители, стечајниот управник го доставил предлог план за конечна распределба, завршниот извештај и завршната сметка до стечајниот судија.

Стечајниот судија предлог планот за авансна распределба ги објавил на огласната табла на судот. Стечајниот управник го доставил предлог планот за конечна распределба завршниот извештај и завршната сметка во стечајното досие и објавил известувањето за вршење увид во планот за конечна распределба на веб страницата на Централниот регистар преку системот на е-стечај и во дневниот весник _____ како еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија и во”Службен весник на Република Македонија."

Во рок од осум дена приговори против предлог план за конечна распределба поднесоа доверителите _____.

Судот согласно членот 196 став 6 од Законот за стечај одлучил како под I од изреката на решението, поради следните причини:

Постапувајќи по приговорот на доверителот _____ Судот утврди дека поднесениот приговор е неоснован бидејќи стечајниот управник при утврдување на неговиот дел за исплата постапил согласно законот за стечај.

Судот утврди дека и приговорот на доверителот_____ е неоснован од причина што стечајниот управник правилно го утврдил рангот на доверителот и процентот на исплата.

Судот одлучил како под II од изреката на решението, а согласно членот 197 став 4, па решението го доставил до стечајниот управник, кој е должен да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите. По извршената исплата на средствата, стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до Судот, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите,

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба имаат доверителите чии приговори се одбиени како неосновани во рок од осум дена преку овој до Апелациониот суд _____________
**Д.Н.** до стечајниот управник , доверителите чии приговори се одбиени

**ПРИМЕР 59: Решение за одобрување на завршна сметка и завршен извештај од стечајниот судија - член 197 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _____________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, во врска со одлуката за неприфаќање на завршниот извештај и завршна сметка донесена од собранието на доверители на ден __________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВААТ** завршната сметка и завршниот извештај поднесен од страна на стечајниот управник за спроведената стечајна постапка**.**

.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Со решение на овој Суд Ст.бр.____/____ од _____ планот за конечна распредеба бил одобрен. Решението станало прависилно на ден _____. Одборот на доверители на _____ одржал седница на која го разгледал планот за конечна распределба, завршниот извештај и завршната сметка и донеле одлука за прифаќање на планот, завршниот извештај и завршната сметка.

На ден _____ било одржано завршно собрание на доверители за одобрување на завршната сметка и завршниот извештај. Доверителите на седницата на завршното собрание не го прифатија завршниот извештај и завршната сметка за водената стечајна постапка поднесена од страна на стечајниот управник.

Судот постапувајќи во смисла на член 197 став 3 од Законот за стеча, ги одобри и завршната сметка и завршниот извештај. Имено, судот оцени дека не се аргументирани причините поради кои собранието на доверители не ја одобрил завршната сметка и завршниот извештај и стечајната постапка била водена согласно законот и завршната сметка и извештај биле одобрени од страна на одборот на доверители.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение **право на жалба** не е дозволено.
**Д.Н.** до стечајниот управник, во стечајно досие

# XIII
# Решенија за заклучувањето на стечајната постапка и дополнително пронајден имот

**ПРИМЕР 60: Решение за заклучување на стечајната постапка - член 200 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за заклучување на стечајната постапка вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ОТВОРЕНАТА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА** со Решение Ст.бр.**____/____**, над должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да го избрише должникот од трговскиот регистар во кој е запишан веднаш по приемот на решението.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека по извршеното бришење на должникот од Трговскиот регостар кој го води Централниот регистар на Република Македонија должникот престанал да постои.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да објави извод од решението преку интернет на својата веб страница веднаш по приемот на решението.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Агенцијата за кастар на недвижност, заклучувањето на стечајната постапка да го запише во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите веднаш по приемот на решението.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник извод од решението да објавува во"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот**.** Примерок од решението да им се достави на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Стечајниот управник во текот на отворената стечајна постапка, достави подесок до овој Суд со предлог судот да донесе решение за заклучување на стечајната постапка.

Со поднесокот наведе дека ги преземал сите дејствија во стечајната постапка и по впаричување на целата стечајна маса опфатена со пописот, распределба на впаричената маса на стечајните доверители и нивно намирување во износ_____ се создадени условите за заклучување на стечајната постапка.

Наведе дека, сите парници кои се од значење за стечајната маса се правосилно завршени. Исто така наведе дека ги спровел сите дејствија кои се поврзани со бришење на сметката отворена за потребите на стечајната постапка кај _____ и ја средил архивската граѓа согласно со Законот за архивски материјал ( Службен весник на Република Македонија бр. 95/12) и професионалните стандарди за чување на документацијата.

При ваква состојба, Судот утврди дека стечајниот управник ги преземал сите дејствија и дека се исполнети условите заклучување на стечајната постапка, поради што одлучи како во изреката на решението.

Имено, Судот одлучил како во ставот 1 од изреката на решението, а согласно членот 200 став 1 од горенаведениот закон, од причини што утврдил дека се извршени сите дејствија во стечајната постапка и е остварена целта на стечајната постапка односно намирени побарувањата на доверителите.

Судот одлучил како во ставот 2,3,4,5 и 6 од изреката на решението, согласно членот 200 став 2 од наведениот закон. Судот му наложи на Централниот регистар на Република Македонија да го избрише должникот од трговскиот регистар по што истиот престанува да постои.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба не е дозволено.
**Д.Н.** стечајниот управник, Централниот регистар и АКН и други регистри

**ПРИМЕР 61: Решение за спроведување на дополнителна распределба-член 201 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за спроведување на дополнителна распределба вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВА** спроведување на дополнителна распределба над новопронајдениот имот ___________на стечајниот должник ___________ по заклучување на отворената стечајна постапка со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да ја спроведе постапката за дополнителна распределба на новопронајдениот имот ___________:

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да ги преземе следните дејствија и да ги достави до судот следните извештаи:

- да ја утврди вредноста на новопројдениот имот со помиш на овластен проценувач
- да изврши електронска продажба на ново пронајдениот имот
- да состави посебен план за распределба на средствата оствсрени од продажбата на новопронајдениот имот
- да состави и поднесе посебен извештај и посебна сметка
-

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Согласно членот 200 став 1 и 3 од Законот за стечај, веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, Судот донел решение Ст.бр.____/____ од _____ за заклучување на стечајната постапка.

По заклучувањето на стечајната постапка, стечајниот управник достави предлог до судот за одобрување на дополнителна распределба. Наведе дека во меѓувреме по заклучувањето на стечајната постапка, се стекнал со докази дека недвижниот имот кој се состои од ___________ може да биде предмет на дополнителна распределба, во врска со спроведената стечајна постапка на стечајниот должник.

Судот од извршениот увид во доказите приложени кон предлогот на стечајниот управник утврди дека се исполнети условите за одобрување на спроведување на дополнителна распределба над новопронајден имот согласно член 201 став 1и 2 од наведениот закон.

Притоа судот утврди дека тоа што во конкретниот случај со решение Ст.бр.____/____ од _____ била заклучена стечајната постапка не влијае на можноста да се донесе решение за спроведување на дополнителна распределба.

При таква состојба, следуваше Судот да одлучи во став 3 од изреката на решението и да го задолжи стечајниот управник како да ги преземе сите дејствија согласно член 203 од истиот закон, а со цел да се спроведе дополнителната распределба.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение жалба може да изјави должникот во рок од осум дена по приемот на решението, преку овој суд до второстепениот суд, преку надлежниот суд до Апелациониот суд___________

**Д.Н.** до должникот и стечајниот управник како предлагач

**ПРИМЕР 62: Решение со кое се одбива спроведување на дополнителна распределба - член 202 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на стечајниот управник за спроведување на дополнителна распределба по заклучување на стечајната постапка вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на стечајниот управник да се одобри спроведување на дополнителна распределба над новопронајдениот имот на стечајниот должник _____ по заклучување на отворената стечајна постапка со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд, **СЕ ОДБИВА.**

Дополнително пронајдениот имот _____ се пренесува на стечајниот должник

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Согласно членот 200 став 1 и 3 од Законот за стечај, веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, Судот донел решение Ст.бр.____/____ од _____ за заклучување на стечајната постапка.

По заклучувањето на стечајната постапка, стечајниот управник достави предлог до Судот за одобрување на дополнителна распределба. Наведе дека во меѓувреме по заклучувањето на стечајната постапка, се стекнал со докази дека недвижниот имот кој се состои од ___________ може да биде предмет на дополнителна распределба, во врска со спроведената стечајна постапка на стечајниот должник.

Судот од извршениот увид во доказите приложени кон предлогот на стечајниот управник утврди дека во конкретниот случај со оглед на вредноста на новопронајдениот имот не се исполнети условите за одобрување на спроведување на дополнителна распределба над новопронајден имот согласно член 201 став1и 2 од наведениот закон.

Судот одлучи како во став 2 од изреката на решението согласно член 201 став 3 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение жалба може да изјави стечајниот управник како предлагач во рок од осум дена по приемот на решението, преку овој суд до второстепениот суд, преку надлежниот суд до Апелациониот суд___________

**Д.Н.** до должникот и стечајниот управник

# XIV
# Решенија за запирање на стечајната постапка

**ПРИМЕР 63: Решение за запирање на постапката заради непостоење на имот што влегува во стечајната маса доволен за намирување на трошоците во постапката - член 205 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по одржаното собрание на доверители и доставениот поднесок од стечајниот управник и доверителите на стечајна маса вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**Отворената стечајна постапка над** должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ЗАПИРА поради непостоење на имот што влегува во стечајната маса**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник паричните средства, достапни во стечајната маса, да ги употреби за намирување на направените трошоци во постапката, сразмерно на нивните износи.

**II**

**Отворената стечајна постапка над** должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ЗАКЛУЧУВА**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да го избрише должникот од трговскиот регистар во кој е запишан веднаш по приемот на решението.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека по извршеното бришење на должникот од Трговскиот регостар кој го води Централниот регистар на Република Македонија должникот престанал да постои.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да го објави извод од решението преку интернет на својата веб страница веднаш по приемот на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на спроведување на отворената стечајна постапка, стечајниот управник утврдил дека имотот со кој располага должникот, а кој влегува во стечајната мса е недоволен за намирување на трошоците во постапката. При таква состојба, следуваше стечајниот управник да го извести судот дека во конкретниот случај треба да се спроведе постапка за запирање на стечајната постапка поради недоволност на имотот за намирување на трошоците во постапката и нејзино заклучување.

Судот одлучил како под I од изреката на решението, а согласно членот 205 став 1 од Законот за стечај, од причина што утврди дека имотот што влегува во стечајната маса нема да биде доволен за намирување на трошоците на постапката. При таква состојба, Судот оцени дека се исполнети условите за запирање на стечајната постапка.

При одлучувањето, Судот ја имаше во предвид и одлуката на собранието на довертели кое го прифати извештајот на стечајниот управник како и фактот дека ниту еден доверител не прифати да авансира доволен износ на средства како би можела стечајната постапка да продолжи. Исто така за состојбата со недоволноста на имотот од кој треба да се формира стечајната маса беа посебно известени доверителите на стечајна маса дека стечајната маса со која располага стечајниот должник не е доволна да се исплатат ниту трошоците во постапката.

При таква состојба, Судот одлучил како под II од изреката на решението, а согласно член 2015 став 1 во врска со 200 став 1 од наведениот закон, од причини што утврди дека по запирањето на стечајната постапка над должникот не постојат услови истата да продолжи и отворената стечајна постапка се заклучува.

Судот одлучил како под II став 2, 3 и 4 од изреката на решението, согласно членот 200 став 2 од наведениот закон. Судот му наложи на Централниот регистар на Република Македонија да го избрише должникот од трговскиот регистар по што истиот престанува да постои.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба има секој доверител и должникот во рок од осум дена по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд______________

**Д.Н.** до стечајниот управник, должникот ,Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница во”Службен весник на Република Македонија", на огласната табла во судот

**ПРИМЕР 64: Решение за запирање на постапката поради дополнително утврдено непостоење на основи за отворање стечајна постапка-член 210 в.в.212 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на должникот за донесување на решение за запирање на отворената стечајна постапка поради дополнително непостоење на основ за отворање на стечајната постапка, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на должникот _____**СЕ УСВОЈУВА**.

**ОТВОРЕНАТА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА** над должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ЗАПИРА поради дополнително утврдено непостоење на основи за отворање стечајна постапка.**

По правосилноста на решението должникот повторно стекнува право слободно да управува и да располага со имотот што влегол во стечајната маса.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да ги исполни сите обврски и ќе ги намири сите неоспорени побарувања што претставуваат обврски на стечајната маса

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да изврши упис на решението во трговскиот регистар веднаш по правосилноста на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на отворената стечајна постапка, должникот преку застапникот по закон поднесе предлог за запирање на отворената стечајна постапка. Во предлогот наведе дека во конкретниот случај се исполнети условите за запирање на отворената стечајна постапка поради фактот што веќе не постојат услови за отворање на стечајната постапка. Во таа смисла достави докази за тоа дека истиот не е инсолвентен, поради што судот донесе решение за отворање на стечајната постапка.

Постапувајќи согласно членот 212 од Законот за стечај, Судот го објави предлогот за запирање на отворената стечајна постапка во стечајното досие, со напомена дека секој доверител може да поднесе приговор против поднесениот предлог во рок од осум дена од денот на објавувањето на предлогот за запирање на отворената стечајна постапка. Стечајниот управник објавил известувањето за вршење увид во предлогот за запирање на отворената стечајна постапка поради непостоење на услови за отворање на стечајната постапка доставен од должникот на веб страницата на Централниот регистар преку системот на е-стечај и во дневниот весник_____ како еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија и во Службен весник на Република Македонија.

Во рокот од осум дена од објавувањето на предлогот во стечајното досие и известувањето за вршење на увид, ниту еден од доверителите не поднел приговор.

Судот, пред донесувањето на решението, посебно го сослуша предлагачот и стечајниот управник. Одбор на доверители сеуште не е основан од страна на стечајниот судија.

Судот постапувајќи по поднсениот предлог изврши увид во доказите приложени кон предлогот, ценејќи ги наводите на предлагачот и стечајниот управник и одлучи како во

изреката на решението, согласно член 210 од наведениот закон. Имено, во конкретниот случај, Судот утврди дека должникот по отворањето на стечајната постапка не е веќе инсолвентен ниту му претстои инсолвентност, што биле и причината за отворање на стечајната постапка.

Во конкретниот случај, Судот утврди дека на сметката на должникот пред моменот на отворањето на стечајната постапка дошол прилив на парични средства со кои може да се намират побарувањата на сите доверители според сметководствената евиденција и деловниот потфат непречено да продолжи.

**Основен суд ______________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,
______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба има секој доверител во рок од осум дена по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд______________
**Д.Н.** до стечајниот управник, предлагачот, до Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница и да го запише во трговскиот регистар, до”Службен весник на Република Македонија", на огласната табла во судот и стечајното досие,

**ПРИМЕР 65: Решение за запирање на постапката со согласност на доверителите-член 211 в.в. член 212 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на должникот за донесување на решение за запирање на отворената стечајна постапка поради согласност на сите стечајни доверители што ги пријавиле своите побарувања, вон рочиште на ден __________ година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот на должникот _____**СЕ УСВОЈУВА**.

**ОТВОРЕНАТА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА** над должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ЗАПИРА поради согласност на сите стечајни доверители кои пријавиле побарување.**

По правосилноста на решението должникот повторно стекнува право слободно да управува и да располага со имотот што влегол во стечајната маса.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник да ги исполни сите обврски и ќе ги намири сите неоспорени побарувања што претставуваат обврски на стечајната маса

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да изврши упис на решението во трговскиот регистар веднаш по правосилноста на решението.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на отворената стечајна постапка, должникот преку застапникот по закон поднесе предлог за запирање на отворената стечајна постапка. Во предлогот наведе дека во конкретниот случај се исполнети условите за запирање на отворената стечајна постапка поради тоа што сите доверители кои пријавиле побарување дале согласност да се запре отворената стечајна постапка. Во таа смисла достави докази – изјави од сите доверители заверени кај нотар за запирање на отворената стечајна постапка.

Постапувајќи согласно членот 212 од Законот за стечај, Судот го објави предлогот за запирање на отворената стечајна постапка во стечајното досие, со напомена дека секој доверител може да поднесе приговор против поднесениот предлог во рок од осум дена од денот на објавувањето на предлогот за запирање на отворената стечајна постапка. Стечајниот управник објавил известувањето за вршење увид во предлогот за запирање на отворената стечајна постапка поради согласност од доверителите кои пријавиле побарување доставен од должникот на веб страницата на Централниот регистар преку системот на е-стечај и во дневниот весник_____ како еден од трите најтиражни дневни весници во претходната година кои се дистрибуираат на територијата на целата територија на Република Македонија и во Службен весник на Република Македонија.

Во рокот од осум дена од објавувањето на предлогот во стечајното досие и известувањето за вршење на увид, ниту еден од доверителите не поднел приговор.

Судот, пред донесувањето на решението, посебно го сослуша предлагачот и стечајниот управник. Одбор на доверители сеуште не е основан од страна на стечајниот судија.

Судот по извршената оценка на доказите приложени кон предлогот, ценејќи ги наводите на предлагачот и стечајниот управник одлучи како во изреката на решението,

согласно член 211 од наведениот закон. Имено,Судот одлучи како во изреката на решението од причина што утврди дека должникот  до судот достави  изјави од сите доверители кои го пријавиле побарување во стечајната постапка  дека се согласни стечајната постапка да се запре.

Имено, судот утврди дека рокот за пријавување на побарувањата на стечајните доверители  од 15 дена  е веќе завршен. Од извршениот увид во табелата(шемата ) за утврдени и оспорени побарувања изготвена од страна на стечајниот управник и доствените изјави  заверени кај нотар , Судот утврди дека сите доверители кои  пријавиле побарување, поднеле и  заверена изјава кај нотар дека  се согласуваат  отворената стечајна постапка да се запре, а должникот да продолжи со деловната активност. Исто така, Судот утврди дека  над имотот на стечајниот должник не е воспоставено заложно право  ниту хипотека ниту рачна залога што значи дека  должникот   нема доверители со обезбедено побарување.

Поради наведеното следуваше Судот  да одлучи како во изреката согласно член 211, а во врска со член 212 од Законот за стечај.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение право на жалба има секој доверител во рок од осум дена по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд_____________
**Д.Н.** до стечајниот управник, предлагачот, до Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница и да го запише во трговскиот регистар, да се објави во”Службен весник на Република Македонија", на огласната табла во судот и  стечајното досие

# XV
# Решенија во постапка за реорганизација  во претходна постапка

**ПРИМЕР 66: Решение за отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка и спроведување на реорганизација по изготвениот план за реорганизација-член 215 –в став 3 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка со план за реорганизација поднесен од должникот ________ , застапуван од __________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Предлогот за отворање на стечајна постапка** со спроведување реорганизација по претходно изготвен план за реорганизација поднесен од должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________ , **СЕ ОТФРЛА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот поднесе предлогот за отворање на стечајна постапка со спроведување на репрганизација по претходно изготвен план за реорганизација. Наведе дека во конкретниот случај се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, поради тоа што му претстои идна неспособност за плаќање.

Заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот поднел и изготвен план за реорганизација.

Судот постапувајќи по поднесениот предлог, се впушти во испитување дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, односно дали на должникот му престои идна неспособност за плаќање-инсолвентност. Со оглед на фактот што се работи за услов за отворање на стечајната постапка на кој се повикал должникот, а во предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација не поднел никакви докази на таа околност, Судот побара од должникот да го уреди предлогот за отворање на стечајна постапка во рок од осум дена. Побара предлагачот да достави докази на околноста дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка односно дали му престои идна инсолвентност.

Должникот, писменото од судот за уредување на предлогот го примил на ден________. Во оставениот законски рок должникот не достави докази до судот на оваа околност, по што следуваше Судот да одлучи како во изреката на решението, а од следните причини:

Во член 215-в став 3 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) се наведени причините поради кои Судот може да го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација. Со оглед на фактот што, во оставениот рок должникот не го уреди предлогот и не докажа дека е неспособен за плаќање односно му престои идна инсолвентност, Судот го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација согласно член 215-в став 5 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** до предлагачот

**ПРИМЕР 67: Решение за отфрлање на предлогот за отворање на стечајна постапка со изготвениот план за реорганизација поради неуреден план за реорганизација - член 215 –в став 5 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка со план за реорганизација поднесен од должникот ________ , вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**Предлогот за отворање на стечајна постапка** со спроведување реорганизација по претходно изготвен план за реорганизација поднесен од должникот _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________ , **СЕ ОТФРЛА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот поднесе предлогот за отворање на стечајна постапка со спроведување на репрганизација по претходно изготвен план за реорганизација. Наведе дека во конкретниот случај се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, поради тоа што му претстои идна неспособност за плаќање.

Заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот поднел и изготвен план за реорганизација.

Судот постапувајќи по поднесениот предлог, се впушти во испитување дали поднесениот план за реорганизација ги содржи сите елементи согласно законот. При испитувањето, Судот утврди дека кон планот за реорганизација не се приложени изјави заверени кај нотар од мнозинските доверители по вредност на побарувања на секоја, со планот, предвидена класа дека се согласни со содржината на планот и се спремни да гласаат за негово прифаќање, согласно член 215-б став 2 точка 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015) .Судот побара од должникот да го уреди планот за реорганизација на начин што ќе се достават овие изјави во рок од осум дена

Должникот, писменото од судот за уредување на планот за реорганизација го примил на ден________. Со оглед на фактот што должникот во оставениот законски рок не достави докази на оваа околност, следуваше Судот да одлучи како во изреката на решението, а од следните причини:

Во член 215-в став 3 од се наведени причините поради кои Судот може да го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација. Со оглед на фактот што, во оставениот рок должникот не го уреди планот за рорганизација и не ги достави бараните изјави од доверителите, Судот го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација согласно член 215-в став 5 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** до предлагачот

**ПРИМЕР 68: Решение за поведување на претходна постапка за реорганизација со изготвен план за реорганизација со мерки за обезбедување-член 215–г став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка со план за реорганизација поднесен од должникот ________ , вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка со постапка за реорганизација по изготвен план за реорганизација над над должникот __________ со седиште _____________,ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________.

**СЕ ПОВИКУВААТ доверителите на стечајниот должник** да извршат увид во изготвениот план за реорганизација кој е депониран во стечајното досие во судот.

**СЕ ПОВИКУВААТ доверителите и заинтересирани учесници** забелешките на предлогот на изготвениот план за реорганизација кои се однесуваат на неговата содржина и основот или висината на опфатените побарувања да ги достават до судот и должникот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија".

**СЕ ЗАКАЖУВА рочиште за одлучување за предлогот и гласање за планот за рерогранизација,** на ден ____ во ____ часот, во соба ____ на овој суд.

**СЕ ПОВИКУВААТ доверителите на стечајниот должник да присуствуваат на рочиштето и да гласаат по предложениот план за реорганизација доставен од должникот.**

**II**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ следните мерки за обезбедување:**

За **привремен стечаен управник** се определува ________ од ________ со стекнат сертфикат од обласга на планот за реорганизација.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник:**

- да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства,
- да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето на стечајниот должник,
- да ги испита сите податоци на кој се заснова изготвениот план за реорганизација и
- да направи процена на висината на побарувањата за потребите на гласањето по изготвениот план за реорганизација.

**СЕ ОДРЕДУВА** дека должникот може да располага со својот имот, само со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

**СЕ ЗАБРАНУВА** определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниците на должникот, како и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот** да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

**III**

СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот да уплати износ од 50.000,00 денари на име аванс на тропоците за претходна постапка на депознитната жиро сметка ________ на овој суд во рок од осум дена по приемот на решението

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот поднесе предлогот за отворање на стечајна постапка со спроведување на репрганизација по претходно изготвен план за реорганизација. Наведе дека во конкретниот случај се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот, поради тоа што му претстои идна неспособност за плаќање.

Заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот поднел и изготвен план за реорганизација.

Судот по извршеното испитување на доставениот предог за отворање на стечајна постапка со реорганизација и претходно изготвениот план за реорганизација утврди дека во конкретниот случај се исполнети условите за поведување претходна постапка заради испитување на условите за отворање на стечајната постапка со донесување на план за реорганизација.

При таква состојба следуваше, Судот да одлучи како под I од изреката на решението. Имено, Судот решението за поведување на претходна постапка го донесе согласно член членот 215 – в став од Законот за стечај. Судот ги известил доверителите на должникот дека планот за реорганизација е депониран во стечајното досие. Исто така ги повикал доверителите и заинтересирани учесници да достават забелешки на предлогот на изготвениот план за реорганизација кои се однесуваат на неговата содржина и основот или висината на опфатените побарувања да ги достават во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија"до судот и должникот.

Воедно со донесеното решение, Судот закажал и рочиште за одлучување за предлогот и гласање за планот на кое ги повикувал сите доверители на стечајниот должник да гласаат по предложениот план за реорганизација.

Судот одлучил како под II став од изреката на решението, согласно членот 215 – г став 2 од наведениот закон, Судот имануваше привремен управник од редот на стечајните управници кои се стекнале со сертификат за посебни познавања од областа на реорганизација по електронски пат. Воедно го задолжи привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето на стечајниот должник, да ги испита сите податоци на кој се заснова изготвениот план за реорганизација и да направи процена на висината на побарувањата за потребите на гласањето по изготвениот план за реорганизација.

Со оглед на тоа што, Судот во конкретниот случај не одреди општа забрана на располагање со имотот на должникот поради активниот деловен потфат, одреди дека должникот може да располага со својот имот, само со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

Исто така, Судот забрани определување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Судот ги повика должниците на должникот и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот и го задолжи должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

Судот одлучи како во изреката под III согласно член 215 – г став 4 од наведениот закон.

**Основен суд _____________**

**Ст.бр.____/____ од _____ година**

Стечаен судија,

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.

**Д.Н.** до должникот, привремениот стечаен управник, комора на извршителите, банките-носители на платен промет на должникот, до АКН и други регистри, Централниот регистар на Република Македонија заради запишување во трговскиот регистар

Огласот да се објави на огласна табла на судот и во"Службен весник на Република Македонија", како и во најмалку два високо тиражни дневни весници кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија, а по потреба да биде објавен и во меѓународни средства за информирање

**ПРИМЕР 69: Решение со кое истовремено се отвора стечајната постапка и се одобрува прифаќањето на изготвениот план за реорганизација и се запира отворената стечајна постапка - член 215 –д став 3 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________и тоа стечајниот судија _________,постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација поднесен од должникот _________, по одржаното рочиште за гласање по предложениот план за реорганизација во присуство _________,, привремениот стечаен управник _________,и застапникот по закон на должникот _________,на _________,година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација поднесен од должникот _________ со седиште во _________ЕМБС _________ ЕДБ _________, **СЕ УСВОЈУВА**

**СЕ ОТВОРА** стечајна постапка над должникот _________

**СЕ КОНСТАТИРА** дека на рочиштето за гласање по предложениот план за реорганизација одржано на ден _________година

- во класата на необезбедени побарувања присутни на рочиштето биле доверителите со _________утврдени побарувања и со право на глас, од кои ЗА прифаќање на планот за реорганизација предложен од должникот гласале доверителите со мнозинство од вкупниот износ на побарувањата на доверителите присутни на рочиштето, односно доверители _________со утврдени побарувања со право на глас со што се смета дека планот за реорганизација од оваа класа на доверители **Е ПРИФАТЕН**.
- во класата на обезбедени доверители присутни на рочиштето доверители биле _________од утврдени побарувања и право на глас од кои ЗА прифаќање на планот за реорганизација предложен од должникот гласале доверителите со мнозинство од вкупниот износ на побарувањата на доверителите присутни на рочиштето во оваа класа на доверители , односно доверители _________утврдени побарувања со право на глас со што се смета дека планот за реорганизација од оваа класа на доверители **Е ПРИФАТЕН.**

**СЕ ОДОБРУВА** прифатениот план за реорганизација предложен од должникот _________.

Отворената стечајна постапка над должникот _________**СЕ ЗАПИРА**.

**СОДРЖИНСКИОТ ДЕЛ** од одобрениот план за реорганизација предложен од должникот има својство на извршна исправа.

**МУ СЕ НАЛОЖУВА** на носителот на платен промет на должникот _________да овозможи непречено спроведување на планот за реорганизација.

По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација се смета дека престанале сите правни последици од отворање на стечајната постапка.

По правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација, доверителите за висината на утврдените побарувања со овој план за реорганизација за кои се стекнале со извршна исправа, неможат да вршат присилна наплата на утврдените побарувања со блокирање на сметката на друштвото, како и по веќе издадени налози за извршување во постапка за извршување. Истото се однесува и на реализација на претходно издадени меници и други средства за обезбедување издадени од должникот.

Согласно содржинскиот план за реорганизација рок во кој планот за реорганизација треба да се спроведе е пет години.

Доверителите со обезбедени побарувања ќе бидат намирени во износ од _________од утврденото побарување, за период од една година сметано од правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација.

Преглед на класа доверители со обезбедени побарувања_________

Доверителите со необезбедените побарувања ќе бидат намирени во износ од _________од главниот долг без камата.

Исплата на необезбедените доверители ќе започне една година по правосилноста на решението, односно веднаш по исплатата на обезбедените доверители. Исплатата на овие доверители ќе биде извршена на _________ рати сразмерно на нивното утврдено побарување со планот за реорганизација. Исплата на месечната рата на необезбедените доверители, друштвото предлагач ќе го изврши на крајот на месецот.

Преглед на класа необезбедени доверители_________

Со прифаќање на планот за реорганизација сите права и обврски на доверителите од планот за реорганизација се дефинираат исклучиво согласно со одредбите на планот, вклучувајќи ја и ситуацијата во која планот не е потполно извршен, однос извршувањето на планот се запира.

Сите побарувања на доверителите и обврски на друштвото - предлагач одредени со планот за реорганизација се уредуваат исклучиво спрема условите од планот.

Планот за реорганизација преставува извршна исправа и се смета за нов договор за намирување на доверителите кои во него се наведени.

Сите дејствија и преземени работи од страна на друштвото – предлагач мора да бидат согласно со планот за реорганизација.

Друштвото – предлагач е должно да ги преземе сите мерки пропишани со планот за реорганизација.

Доколку, по денот на прифаќање на планот за реорганизација се појават доверители со необезбедени побарувања кои не се опфатени со планот и нивните побарувања неможат да се оспорат, нивното намирување ќе се изврши на ист начин и под исти услови како и другите необезбедените доверители.

Ќе се смета за неспроведување на планот за реорганизација, неуредно исплаќање на обврските дефинирани со истиот од страна на друштвото - предлагач во период подолг од 60 дена од денот на стасување на исплата на ратата, што значи дека битно се намалуваат можностите за спроведување на планот за реорганизација, што преставува услов за продолжување на спроведување на отворената стечајна постапка која е запрена заради спроведување на планот за реорганизација, без разлика на моменталната финансиска состојба на предлагачот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот на ден _________поднесе до овој Суд предлог за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација, согласно член 215-в од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број: 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014 и 98/2015).

Должникот со предлогот наведе дека подолг временски период се наоѓа во тешка финансиска состојба и дека му престои идна инсолвентност, а со предложениот план за реорганизација предложи исплата на побарувањата на доверителите да биде извршена во рок од пет години, со тоа што првата година би била грејс период за исплата на побарувањата на необезбедените доверители и во овој период ќе се врши исплата на обезбедените доверители, додека побарувањата на необезбедените доверители ќе се изврши во останатиот период од четири години во висина од _________од главниот долг без камата.

Наведе дека исплатата на двете класи на доверители ќе се изврши со приходи остварени од продолжување на деловниот потфат, од причина што над целокупниот подвижен имот е воспоставено заложно право.

Постапувајќи по поднесениот предлог, Судот согласно член 215-г од истиот закон, донесе решение Ст.бр. _________со кое поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка и постапка за реорганизација по изготвениот план за реорганизација. Со истото решение, определи мерки за обезбедување и за привремен стечаен управник го именува _________

На _________година, ова решение беше објавено во „Службен весник на Република Македонија_________Со истиот оглас, Судот ги повика сите доверители да извршат увид во предложениот план за реорганизација со тоа што имаат право да поднесат забелешки на истиот во рок од петнаесет дена по неговото ставање во стечајно досие.

Исто така, Судот на ден _________објави оглас и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија и тоа во весникот „Вечер“ и „Нова Македонија“.

Судот, планот за реорганизација го достави во стечајно досие и со тоа им овозможи на доверителите кои истовремено беа известени со огласот дека можат да вршат увид во планот за реорганизација.

Во текот на постапката по предложениот план за реорганизација во законскиот рок писмени забелешки поднесоа доверителите _________ со поднесок заведен под бр. _________од _________година, _________со поднесок заведен под бр. _________од _________година како и _________со поднесок од _________година.

Должникот во законскиот рок од осум дена до судот доставени одговори на забелешките со тоа што забелешките на доверителите _________ и _________ беа целосно прифатени додека забелешката на доверителот _________беше делумно прифатена и тоа само во делот на висината на побарувањето кое беше усогласено со побарувањето наведено во арбитражната пресуда.

При ваква состојба, а со оглед на фактот што се работи за забелешки кои битно не ја менуваат суштината на планот за реорганизација и беа во голема мера прифатени од должникот, Судот оцени дека нема потреба од одржување на рочиште за разгледување на планот за реорганизација.

Во текот на претходната постапка, привремениот стечаен управник согласно должностите кои му беа дадени од страна на Судот со решението за негово именување, исто така даде забелешки кои должникот целосно ги прифати.

Имајки го предвид фактот дека прифаќањето на забелешките од доверителите и привремениот стечаен управник влијаеше на листите на доверителите во двете класи обезбедени и необезбедени доверители, должникот достави до судот корекции на планот за реорганизација.

Корекциите на планот за реорганизација беа доставени до судот на _________година, пред одржување на рочиште за гласање по планот за реорганизација на _________година. Извршените корекции во планот за реорганизација во целост ја одразуваат состојбата во која се наоѓаат доверителите, без разлика на тоа дали се од класата на обезбедени или необезбедени доверители и немаа влијание на предвидената исплата на нивните побарувања. Овие корекции имаа влијание само на утврдувањето на гласачките права на доверителите по предложениот план за реорганизација.

На рочиштето за гласање по планот за реорганизација кое се одржана на _________година беа присутни доверители со _________од доверителите со право на глас, за негово донесување гласаа доверители со _________со право на глас според листата на доверители која е составен дел од планот за реорганизација. Против гласаше само доверителот _________кој има _________Должникот беше задолжен да изготви пречистен текст на планот за реорганизација.

Судот на _________година донесе решение Ст.бр. _________со кое предлогот на предлагачот –должник за отворање на стечајната постапка со план за реорганизација го усвоил, отвори стечајна постапка над должникот, го одобри прифаќањето на планот за

реорганизација и ја запре отворената стечајна постапка поради спроведување на планот за реорганизација поднесен од должникот на _________година.

Истовремено кон решението накратко го наведе и содржинскиот дел од планот за реорганизација.

**Основен суд _________**
**Ст.бр. _________од _________година**

Стечаен судија
_________

ПРАВНА ПОУКА Против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена по приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

ДН. Привремениот стечаен управник согласно член 9 став 7 од Законот за стечај да ја изврши доставата на решението до доверителите и Централниот регистар на РМ

**ПРИМЕР 70: Решение со кое се одбива предлогот за отворање на стечајната постапка со однапред изготвениот план за реорганизација -член 215 –д став 4 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________и тоа стечајниот судија _________,постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација поднесен од должникот _________, по одржаното рочиште за гласање по предложениот план за реорганизација во присуство _________,, привремениот стечаен управник _________,и застапникот по закон на должникот _________,на _________,година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ПРЕДЛОГОТ** за отворање на стечајната постапка со реорганизација по однапред изготвениот план за реорганизација поднесен од стечајниот должник _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ОДБИВА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот на ден _________поднесе до овој Суд предлог за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација, согласно член 215-в од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" број: 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014 и 98/2015).

Должникот со предлогот наведе дека подолг временски период се наоѓа во тешка финансиска состојба и дека му престои идна инсолвентност, а со предложениот план за реорганизација предложи исплата на побарувањата на доверителите да биде извршена во рок од пет години, со тоа што првата година би била грејс период за исплата на побарувањата на необезбедените доверители и во овој период ќе се врши исплата на обезбедените доверители, додека побарувањата на необезбедените доверители ќе се изврши во останатиот период од четири години во висина од _________ од главниот долг без камата.

Наведе дека исплатата на двете класи на доверители ќе се изврши со приходи остварени од продолжување на деловниот потфат, од причина што над целокупниот подвижен имот е воспоставено заложно право.

Постапувајќи по поднесениот предлог, Судот согласно член 215-г од истиот закон, донесе решение Ст.бр. _________со кое поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка и постапка за реорганизација по изготвениот план за реорганизација. Со истото решение, определи мерки за обезбедување и за привремен стечаен управник го именува _________

На _________година, ова решение беше објавено во „Службен весник на Република Македонија_________Со истиот оглас, Судот ги повика сите доверители да извршат увид во предложениот план за реорганизација со тоа што имаат право да поднесат забелешки на истиот во рок од петнаесет дена по неговото ставање во стечајно досие.

Исто така, Судот на ден _________објави оглас и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија и тоа во весникот „Вечер" и „Нова Македонија".

Судот, планот за реорганизација го достави во стечајно досие и со тоа им овозможи на доверителите кои истовремено беа известени со огласот дека можат да вршат увид во планот за реорганизација.

Во текот на постапката по предложениот план за реорганизација во законскиот рок писмени забелешки поднесоа доверителите _________ со поднесок заведен под бр.

_________од _________година, _________со поднесок заведен под бр. _________од _________година како и _________со поднесок од _________година.

Должникот во законскиот рок од осум дена до судот доставени одговори на забелешките со тоа што забелешките на доверителите _________ и _________ беа целосно прифатени додека забелешката на доверителот _________беше делумно прифатена и тоа само во делот на висината на побарувањето кое беше усогласено со побарувањето наведено во арбитражната пресуда.

При ваква состојба, а со оглед на фактот што се работи за забелешки кои битно не ја менуваат суштината на планот за реорганизација и беа во голема мера прифатени од должникот, Судот оцени дека нема потреба од одржување на рочиште за разгледување на планот за реорганизација.

Во текот на претходната постапка, привремениот стечаен управник согласно должностите кои му беа дадени од страна на Судот со решението за негово именување, исто така даде забелешки кои должникот целосно ги прифати.

Имајки го предвид фактот дека прифаќањето на забелешките од доверителите и привремениот стечаен управник влијаеше на листите на доверителите во двете класи обезбедени и необезбедени доверители, должникот достави до судот корекции на планот за реорганизација.

Корекциите на планот за реорганизација беа доставени до судот на _________година, пред одржување на рочиште за гласање по планот за реорганизација на _________година. Извршените корекции во планот за реорганизација во целост ја одразуваат состојбата во која се наоѓаат доверителите, без разлика на тоа дали се од класата на обезбедени или необезбедени доверители и немаа влијание на предвидената исплата на нивните побарувања. Овие корекции имаа влијание само на утврдувањето на гласачките права на доверителите по предложениот план за реорганизација.

На рочиштето за гласање по планот за реорганизација кое се одржана на _________година беа присутни доверители со _________од доверителите со право на глас, за негово донесување гласаа доверители со _________со право на глас според листата на доверители која е составен дел од планот за реорганизација. Против гласаа доверители _________кои имаат _________

Судот предлогот на предлагачот –должник за отворање на стечајната постапка со план за реорганизација го одби од причина што утврди дека доверителите не го прифатија предоженииот план за реорганизација од страна на должникот.

**Основен суд _________**
**Ст.бр. _________од _________година**

Стечаен судија
_______________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение должникот имаат право на жалба во рок од 8 дена по приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје
**Д.Н.** до должникот

**ПРИМЕР 71: Решение со кое се укинуваат мерките за обезбедување по правосилноста на решението со кое се отвора стечајната постапка и се одобрува прифаќањето на изготвениот план член 215-г ст.2 в.в. член 62 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________и тоа стечајниот судија _________постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација поднесен од должникот _________ вонрочиште на _________година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**МЕРКИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ** определени со решението Ст.бр_________од _________година поради тоа што со правосилно решение на овој суд од _________година**,** била отворена стечајна постапка над должникот _________ поднесениот план за реорганизација бил прифатен од доверителите, одобрен од страна на судот и истовремено отворената стечајна постапка била запрена, а содржинскиот план за реорганизација преставува извршна исправа, **СЕ УКИНУВААТ**

Решението да се објави на огласна табла на судот и во „Службен весник на Република Македонија"

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Должникот _________на ден _________година поднесе до овој Суд предлог за отворање на стечајна постапка со план за реорганизација, согласно член 215-в од Законот за стечај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014 и 98/2015).

Постапувајќи по поднесениот предлог, Судот согласно член 215-г од истиот закон, донесе решение Ст.бр. _________од _________година со кое поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајната постапка со реорганизација по изготвениот план за реорганизација. Со истото решение, определи мерки за обезбедување и за привремен стечаен управник го именува _________од _________.

На _________година, ова решение беше објавено во „Службен весник на Република Македонија"_________Со истиот оглас, Судот ги повика сите доверители да извршат увид во предложениот план за реорганизација со тоа што имаат право да поднесат забелешки на истиот во рок од петнаесет дена по неговото ставање во стечајно досие. На одржаното рочиште за гласање по предложениот план за реорганизација одржано на _________година, предложениот план беше прифатен од страна на двете класи на доверители односно од страна на доверителите со обезбедени и необезбедени побарувања по што судот донесе решение со кое констатира дека се отвора стечајна постапка над должникот, предложениот план за реорганизација е прифатен од страна на доверителите и се исполнети условите според одрдбите од законот за стечај да биде одобрен, па истовремено отворената стечајна постапка се запира.

Со решение донесено од Апелациониот суд на _________година, жалбите поднесени од страна на _________ беа одбиени со што решението на овој суд од _________година стана правосилно и содржинскиот дел од планот за реорганизација својство на извршна исправа.

При таква состојба, а како органот на управување на должникот, продолжува да го водат деловниот потфат на должникот без никакви ограничувања со цел да ги намират побарувањата на доверителите според условите предвидени во планот за реорганизација,

Судот оцени дека во конкретниот случај определените мерки за обезбедување се без предметни, а истовремено престануват должностите на привремениот стечаен управник.

Имајќи го наведеното во предвид следуваше согласно член 215-г став 2 и 3, а во врска со член 63 од Законот за стечај да одлучи како во изреката на решението.

**Основен суд _________**
**Ст.бр. _________од _________година**

Стечаен судија
_________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение жалба не е дозволена
**ДН:** должникот , _________банка АД Скопје, привремениот стечаен управник и Централен регистар на Република Македонија

# XVI
# Решенија во реорганизација која се спроведува во отворена стечајна постапка

**ПРИМЕР 72: Решение за продолжување на рокот за поднесување на план за реорганизација - 216 став 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по барање на доверителот задолжен да изготви план за реорганизација вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на доверителот _________ **СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ОДОБРУВА** продолжување на рокот од 45 дена за подготвување на планот за реорганизација за дополнителни 15 дена.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** доверителот да го достави планот за реорганизација во рок од 60 дена, сметано од денот на донесувањето на одлуката на првото извештајно собрание со која беше прифатена иницијативата за изготвување на план за реорганизација .

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, пред првото извештајно собрание доверителот__________поднесе иницијатива за подготовка на план за реорганизација и продолжување на деловниот потфат на должникот. Доверителите на првото извештајно собрание ја прифатија иницијативата и Судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ констатираше дека доверителот е должен да изготви план за реорганизација во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката на собранието на доверители. Со оглед на сложеноста на постапката доверителот побара, а Судот со решение __________ одобри продолжување на рокот за 15 дена, што значи дека доверителот е должен да поднесе план за реорганизација во рок од 45 дена од донесувањето на одлуката.

Сепак, доверителот со поднесок од __________ пред истекот на 45 дена побара, Судот уште еднаш да го продолжи рокот за изготвување на план за реорганизација за 15 дена. Како причина наведе дека во тек се преговори помеѓу доверителите за претворањето на побарувањето во влог со што би се намалиле обврските на друштвото кое треба да биде основано.

Судот одлучи како во изреката на решението, согласно членот 216 став 2 од Законот за стечај, од причина што утврди дека се исполнети условите за продолжување на рокот за уште 15 дена , а согласно член 216 став 2 од наведениот закон.

**Основен суд _________**
**Ст.бр. _________од _________година**

Стечаен судија
_________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение посебна жалба не е дозволена
**Д.Н.** до стечајниот управник и доверителот

**ПРИМЕР 73: Решение за впаричување на имотот поради ненавремено поднесен план за реорганизација - член 215 –а став 6 в.в. член 216 ст.4 од Закон от за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, постапувајќи по службена должност вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**Поднесениот план за реорганизација изготвен доверителот ____________ , СЕ ОТФРЛА КАКО НЕНАВРЕМЕН**

**СЕ СМЕТА** дека доверителот во оставениот рок не поднел план за реорганизација.

**II**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека деловниот потфат на должникот е затворен и стечајната постапка продолжува со впаричување на имотот кој што влегува во стечајната маса.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник, да ја спроведе постапката за продажба на имотот по пат на јавно наддавање по електронски пат.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во текот на стечајната постапка, пред првото извештајно собрание доверителот__________поднесе иницијатива за подготовка на план за реорганизација и продолжување на деловниот потфат на должникот. Доверителите на првото извештајно собрание ја прифатија иницијативата и Судот со решение Ст.бр.____/____ од _____ констатираше дека доверителот е должен да изготви план за реорганизација во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката на собранието на доверители. Со оглед на сложеноста на постапката доверителот побара, а Судот со решение __________ одобри продолжување на рокот за 15 дена, што значи дека доверителот е должен да поднесе план за реорганизација во рок од 45 дена од донесувањето на одлуката.

Судот со решение __________ го прифати и повторниот предлог за продолжување на рокот за уште 15 дена, по што доверителот како овластен субјект за поднесување на планот за реорганизација бил должен планот за реорганизација да го достави до овој суд во рок од 60 дена од денот кога доверителите на првото извештајно собрание ја прифатија иницијативата за изготвување на план за реорганизација.

Во конкретниот случај не е спорно дека доверителот поднел план за реорганизација меѓутоа по протекот на 120 дена од донесената одлука.

При таква состојба, следуваше Судот да одлучи како под I од изреката на решението, согалсно член 216 став 4 од Законот за стечај од причина што доверителот планот за реорганизација бил должен да го поднесе на ден______, а тој го поднел на ______. Не е спорно и тоа дека доверителот не побарал од Одборот на доверители да донесе одлука за продолжување на рокот за уште 60 дена.

Судот одлучи како под II од изреката на решението согласно член 216 став 4 од наведениот закон.

**Основен суд _________**

**Ст.бр. _________од _________година**

Стечаен судија

__________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение посебна жалба не е дозволена

**Д.Н.** до стечајниот управник и доверителот, Централен регистар на Република Македонија

**ПРИМЕР 74: Решение со кое се одобрува планот за реорганизација поднесен од доверителот-член 235 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _____________и тоа стечајниот судија постапувајќи во стечајната постапка отворена над стечајниот должник _____________по одржаното собрание за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација од страна на доверителот _____________во присуство на _____________ на _____________година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека на рочиштето за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација поднесен од доверителот _____________на _____________година до Основниот суд _____________во стечајната постапка над стечајниот должник _____________ го прифатиле доверители кои имаат утврдени побарувања во висина од 66,66% од вкупниот износ на побарувањата присутни на собранието.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека предложениот план за реорганизација поднесен од доверителот_____________на _____________година до Основниот суд _____________во стечајната постапка над стечајниот должник _____________ **Е ПРИФАТЕН**

**СЕ ОДОБРУВА** прифатениот план за реорганизација поднесен од _____________на _____________година до Основниот суд _____________во стечајната постапка над стечајниот должник _____________

**СПРОВЕДБЕНИОТ ДЕЛ** од одобрениот план за реорганизација предложен од стечајниот управник има својство на извршна исправа.

**СПРОВЕДБЕНИОТ ДЕЛ на одобрениот план за реорганизација гласи**:

I

По правосилноста на решението за одобрување на планот се формира ново трговско друштво кое има обврски да ги намири побарувањата на доверителите

Трговското друштво ќе се формира по правосилноста на решението за одобрување на планот за реорганизација во форма на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице – ДООЕЛ согласно одредбите од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15 и 192/15), а во врска со одредбите од Законот за стечај ќе продолжи да ја врши истата дејност која ја вршел и должникот.

Назив на друштвото _____________

Седиште на друштвото _____________

Единствен содружник во новоформираното трговско друштво е стечајниот доверител: _____________кој ќе претвори дел од своето утврдено побарување во износ од _____________во влог во основната главнина на трговското друштво што ќе биде формирано, а по правосилноста на решението за одобрување на прифатениот план за реорганизација.

**II**

Новоформираното трговско друштво ги има следните права кои се обврзувачки за другите учесници и правни лица и други државни органи:

1) ќе го преземе правото на управување и користење на недвижниот имот кој е запишан во јавните книги на име на стечајниот должник,
2) доколку, во постапката за реорганизација биде пронајден нов имот, новоформираното друштво го презема правото на управување и користење и на тој имот како и да побара да се изврши упис на правото на сопственост во јавните книги;

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Агенцијата за катастар на недвижностите да изврши укнижување на правото на сопственоста на имотот во јавните книги и тоа на недвижниот имот кој бил во сопственост на стечајниот должник, како и новопронајдениот имот со кој новоформираното друштво ќе се стекне во иднина;

3) право да го продолжи водењето на деловниот потфат на должникот;

4) ги презема сите започнати судски и управни постапки кои во име на стечајниот должник ги водел стечајниот управник, како и оние постапки кои се водат против него;

5) има право да поведува судски и управни постапки пред органите на управата, а во врска со имотот на стечајниот должник;

6) го презема водењето сите вонпарнични постапки за утврдување на правен статус на недвижниот имот започнати по предлог на стечајниот управник, а согласно член 3 став 2 од од Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно законот за присилно порамнување, стечај и ликвидација и законот за стечај. („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2014);

7) да ги продолжи сите постапки за упис на правото на сопственост на недвижиот имот пред Агенцијата за катастар на недвижности започнати од страна на стечајниот управник, како и да поведе нови постапки за упис.

8) правото да спроведе постапка за иселување на правни и физички лица кои деловниот простор сопственост на стечајниот должник го користат без правен основ;

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да изврши упис на новоформираното друштво во трговскиот регистар според условите предвидени во содржинскиот дел од планот

Новоформираното трговско друштво не одговара за обврските на стечајниот должник,кои настанале пред отворање на стечајната постапка, а доверителите не ги пријавиле побарувањата во стечајна постапка во законскиот рок односно не се опфатени со овој план за реорганизација, освен за побарувања утврдени со правосилна и извршна судска пресуда кој започнале врз основа на одлука на стечајниот суд.

Доверителите кои имаат побарувања спрема стечајниот должник, а кои не ги пријавиле во стечајната постапка и не се утврдени од страна на стечајниот управник или не се стекнале со пресуда за утврдување на побарувањето врз основа на решението за утврдени и оспорени побарувања немаат правен основ да го наплатат своето побарување од страна на новоформираното друштво.

Со планот за реорганизација се предвидува пренос на сопственичките права кои ги има должникот над недвижниот имот на новоформираното трговско друштво.

Правните последици по однос на имотот на должникот ќе настанат на денот кога решението на судот со кое прифатениот план за реорганизација од страна на доверителите ќе биде одобрен, ќе стане правосилно и кога новоформираното трговско друштво ќе биде запишано во трговскиот регистар кој го води Централниот Регистар на Република Македонија согласно содржинскиот дел од планот за реорганизација.

На новоформираното друштво му се пренесува правото на сопственост кое што го има должникот над недвижниот имот кој претставува стечајна маса, со тоа што решението за одобрување на прифатениот план за реорганизација преставува правен основ за запишување и пренос на правото на сопственост на недвижностите во јавните книги.

Со оглед на тоа што со планот за реорганизација се предвидува формирање на ново трговско друштво во форма на ДООЕЛ, на ова друштво му се пренесуваат сите права врз недвижниот имот кои ги има стечајниот должник како и правото непречено ќе продолжи да го користи недвижниот имот на стечајниот должник за кој се води постапка за утврдување на правен статус.

На новоформираното друштво МУ СЕ ПРЕНЕСУВА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ на имотот кој е во сопственост на должникот _____________и претставува стечајна маса од која се намируваат побарувањата на доверителите и тоа деловните простори кои се опишани подолу.

Овие одредби од содржинскиот дел од планот за реорганизација претставуваат правен основ за пренесување на правото на сопственост и запишување на правото на сопственост на недвижниот имот во јавните книги.

**III**

**Обврски на новоформираното друштво**

Новоформираното друштво ги има следните обврски:

- да ги намири трошоците во постапката, трошоците на стечајниот управник во врска со вршењето на надзорот за спроведување на планот за реорганизација вклучувајќи ја и наградата на стечајниот управник во висина определена со решение од судот.
- да ги намири побарувањата на доверителите на стечајна маса.
- да ги намири побарувањата на стечајните доверители во износ од _________ од утврдените побарувања со пресметана камата до денот на отворањето на стечајната постапка за доверителите кои пријавиле камата во стечајната постапка.
- намирувањето на трошоците во постапката, обврските на стечајната маса и побарувањата на стечајните доверители ќе бидат извршени во рок од _________по правосилноста на решението за одобрување на планот и уписот на новоформираното трговско друштво во трговскиот регистар.
- намирувањето на доверителите со планот за реорганизација ќе се одвива со следната динамика:

1. трошоците на стечајната постапка и обврските на стечајна маса во износ од _________ во рок од _________дена по правосилноста на решението за одобрување на планот и уписот на новоформираното трговско друштво во трговскиот регистар.
2. намирувањето на стечајните доверители ќе се изврши со следната динамика:

- _________од утврденото побарување во текот на првата година.
- _________ од утврденото побарување во текот на втората година.
- _________од утврденото побарување во текот на третата година.
- побарувањето на _____________во четвртата
- побарувањето на _____________ во петата година.

- намирување на побарувањата на стечајните доверители чии побарувања се оспорени, а кои водат парница за утврдување на побарувањето по завршувањето на парницата за оспорени побарувања - кои дополнително ќе бидат утврдени врз основа на правосилни судски пресуди во износ од _____________од утврдените побарувања со пресметана камата до денот на отворање на стечајната постапка со иста динамика како и стечајните доверители.

- ќе ги преземе сите спорови кои се водат против стечајната маса односно стечајниот должник.

**IV**

По заклучување на стечајната постапка, а со цел заштита на интересите на доверителите опфатени со овој план за реорганизација, во периодот на целосна реализација на овој план, се определува надзор врз спроведување на планот за реорганизација.

Основната цел на надзорот е што со надзорот се создаваат услови стечајните доверители да имаат увид во она што го презема субјектот во реорганизација поточно надзор над работењето на новоформираното трговско друштво при спроведувањето на планот за реорганизација преку:

- следење на благовремено намирување на доверителите на начин и висина предвидени со овој план,
- да се оневозможи отстапување од предвидената динамика на намирување,
- да се оневозможи намалување на вредноста на имотот,
- да се следи успешното спроведување на овој план во сите сегменти,
- во целост да се запазат и заштитат интересите на доверителите опфатени со овој план - благовремено да се открие и да се извести судот за секој настан, промена или отстапување кои може негативно да се одразат на готовинските текови (cash flow),

Надзорот врз спроведувањето на планот за реорганизација по заклучувањето на стечајната постапка особено во неговиот спроведебен (содржински) дел ќе му биде доверен на контролорот ____________ од _____________.

Додека трае надзорот врз спроведувањето на планот, најмалку еднаш годишно контролорот ќе поднесува извештај до одборот на доверителите и до стечајниот судија за спроведувањето и за натамошните очекувања од спроведувањето на планот.

Стечајниот судија и одборот на доверители имаат право во секое време од контролорот да побараат посебни информации или други периодични извештаи во врска со спроведувањето на планот.

При вршењето на надзорот над спроведување на планот, новоформираното трговско друштво - субјектот во реорганизација е должен да му дозволи на контролорот да влезе во неговите деловни простории, како и да му ги достави сите потребни писмени документи во врска со надзорот.

Контролорот има специјално овластување да врши контрола на спроведување на планот со оглед на тоа што во спроведбениот (содржинскиот) дел на планот за реорганизација е утврдено и давање согласност на органите на новоформираното трговско друштво за преземање на одредени правни дејствија.

Контролорот за сите утврдени факти при контролата треба да ги извести доверителите.

Известувањето на доверителите се врши со:

- поднесување на редовни извештаи најмалку еднаш на секои шест месеци;
- поднесување на периодични извештаи во случај кога тоа ќе го побараат одборот на доверителите односно стечајниот судија;
- поднесување на посебни информации за спроведување на планот за реорганизација, особено за финансискиот статус на субјектот во реорганизација како и неговото управување со имотот кој го преземал со цел да го исполни планот за реорганизација.

Исто така контролорот е должен веднаш да ги извести доверителите за секоја промена во деловната активност на новоформираното трговско друштво - субјектот во реорганизација насочено кон намирувањето на доверителите, односно негова неможност да го изврши планот за реорганизација.

За ваквата состојба контролорот го известува стечајниот судија и одборот на доверители односно по потреба и сите доверители кои имаат утврдени побарувања во стечајната постапка.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со решение Ст.бр. _/ __донесено на _____________година од овој суд над стечајниот должник била отворена стечајна постапка. За стечаен управник бил именуван _____________од _____________. Во текот на стечајната постапка било одржано испитно рочиште на кое се испитувани побарувањата на доверителите, а врз основа на изготвената табела(шема) за утврдени побарувања по што судот донел решение Ст.бр. _/ __од __ година.

Доверителот _____________со утврдено побарување во износ од _____________денари согласно член 97 став 3 од Законот за стечај („Службен весник на РМ"бр.34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/13 и 29/14 одлуки на Уставниот суд 03/08,122/09), а пред одржувањето на првото собрание на доверители достави план за реорганизација со цел деловниот потфат на стечајниот должник да биде финансиски консолидиран и стабилизиран. Планот за реорганизација беше доставен до Судот на _____________ година.

Предложениот план за реорганизација беше прифатен од страна на одборот на доверители кој го разгледа на седницата одржана на ден _____________ како и стечајниот

управник кој наведе дека  се работи за план за реорганизација составен согласно закон за стечај.

Согласно член 227  од наведениот закон, планот бил доствен во стечајното  досие заради увид на доверителите и учесниците во  стечајната постапка.

Предложениот план за реорганизација беше усвоен од доверителите  на одржаното собрание   за гласање по предложениот план за реорганизација со тоа што за него гласале ______________ % од доверителите со право на глас  и кои биле присутни  на  собранието.

При таква состојба, Судот утврди дека  во конкретниот случај е исполнет условот прифатен во член 232 став 1 од Законот за стечај,  односно планот за реорганизација е усвоен со оглед на тоа што беше прифатен повеќе од  простото мнозинство, односно __ % од вкупниот износ на побарувањата од доверителите присутни на собранието. При таква состојба следуваше судот да одлучи како во став 1 од  изреката на решението.

Судот утврди дека должникот не се спротивставил  на предложеиот план за реорганизација до денот на одржувањето на собранието   за гласање по предложениот план за реорганизација.

По прифаќањето на планот за реорганизација  од страна на доверителите, Судот  оцени дека  во конкретниот случај не се исполнети  условите  од член 236 од Законот за стечај за донесување на решение со кое ќе го одбие предложениот план за реорганизација. Ова од причина што утврди дека планот е подготвен согласно законот, сите  доверители во конкретниот случај биле во една група и биле подеднакво  третирани и биле почитувани одредбите што ја регулираат содржината на планот за реорганизација и постапката за неговото донесување, како и одредбите што го регулираат прифаќањето на планот од страна на доверителите.

Исто така, судот утврди дека во конкретниот случај  предложениот план не бил прифатен на недозволен начин или со помош на недозволени средства, ниту пак предложниот план за реорганизација става во поповолна положба некого од доверителите;

При таква  состојба, а како и должникот не се спротивстави на предложениот план  за реорганизација на начин предвиден во член 234 од истиот закон, следуваше  Судот да одлучи како во став 2 од решението. Ова дотолку повеќе што должникот со прифаќањето на планот за реорганизација не е ставен во понеповолна положба во споредба со неговата ситуација без тој план и ниту еден доверител нема да прими имотна корист или друга погодност што го надминува полниот износ на неговото побарување.

Согласно  член 235 став 2 од истиот закон  спроведбениот дел од планот за реорганизација е составен дел на  ова решение.

По правосилноста ова решение согласно член 239 од истиот закон има  својство на извршна исправа.

**Основен  суд ______________**
**______________година**

Стечаен судија
______________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од 8 дена  од приемот  на истото преку овој суд  до Апелациониот суд  ______________
**Д.Н.** Решението се доставува до стечајниот управник, должникот, одборот на доверители и стечајните доверители.

**ПРИМЕР 75: Решение за заклучување на стечајната постапка заради одобрен план за реорганизација - член 243 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка по планот за реорганизација предложен од доверителот ___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Отворената стечајна постапка над должникот _____, со седиште _____________ ЕМБС__________, ЕДБ_________, со сметка________, **СЕ ЗАКЛУЧУВА поради одобрување на план за реорганизација.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да го избрише должникот од трговскиот регистар во кој е запишан веднаш по приемот на решението.

**СЕ КОНСТАТИРА** дека по извршеното бришење на должникот од трговскиот регостар кој го води Централниот регистар на Република Македонија должникот престанал да постои, а субјектот кој се формира според планот за реорганизација________ стекнува право непречено да располага и да управува со имотот на стечајниот должник како и обврска да ги исплати побарувањата на доверителите согласо планот за реорганизација.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да го објави извод од решението преку интернет на својата веб страница веднаш по приемот на решението.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** стечајниот управник јавно да го објави решението по што произведува правно дејство.

**II**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА НАДЗОР** врз спроведување на планот за реорганизација. согласно спроведбениот дел од планот, со цел да се заштитат интересите на доверителите опфатени со овој план за реорганизација, во периодот на целосна реализација на овој план,

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА лицето** ____________ од _____________.во својство на контролор да го извршува надзорот врз спроведување на планот за реорганизација.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** новоформираното трговско друштво - субјектот во реорганизација да му дозволи на контролорот да влезе во неговите деловни простории, како и да му ги достави сите потребни писмени документи во врска со надзорот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** органите на новоформираното друштво за време на надзорот да ги преземат следните правни дејства_____________ со претходно одобрение на контролорот.

**СЕ УТВРДУВА повисок ранговен статус** на доверителите чии побарувања произлегуваат од заеми или кредит дадени во време на спроведување на планотза реорганизација со тоа што максималниот износ на заемот или кредиот, не може да го надмине износ од _____________ денари.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Централниот регистар на Република Македонија да изврши упис во трговскиот регистар.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** АКН изврши упис на решението во јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Овој Суд со решение Ст.бр.____/____ од _____ го одобри донесувањето на планот за реорганизација кој беше прифатен од доверителите. Решението за одобрување на планот за реорганизација е правосилно од_____ .

При таква состојба следуваше, Судот согласно член 243 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), да одлучи како под I решението.

Воедно го задолжи стечајниот управник јавно да го објави решението по што тоа произведува правно дејство.

Со денот на правното дејство на решението, должникот се брише од трговскиот регистар во кој е запишан и го води Централниот регистар на Република Македонија. Исто така, Судот констатира дека по извршеното бришење на должникот од трговскиот регостар кој го води Централниот регистар на Република Македонија истиот престанал да постои, а субјектот кој се формира според планот за реорганизација________ стекнува право непречено да располага и да управува со имотот на стечајниот должник.

Со оглед на тоа што со спроведбениот дел од планот за реорганизација е предвидено надзор на извршување на планот да го врши контролорот, следуваше судот да одлучи како под II од решението.

Така согласно член 245 став 1 и 2 од наведениот закон, одлучи како во став 1, 2 и 3 под II од решението.

Судот одлучи како во II став 4 и 5 од изреката на решението, согласно член 251 став 2 од наведениот закон.

.

**Основен суд _____________**

**_____________година**

Стечаен судија

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба.

**Д.Н.** до стечајниот управник, решението се доставува до соодветниот трговски регистар, јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите како и на органите кои ги водат овие регистри.

**ПРИМЕР 76: Решение со кое се одбива одобрување на планот за реорганизација поднесен од доверителот - член 236 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _____________и тоа стечајниот судија постапувајќи во стечајната постапка отворена над стечајниот должник _____________по одржаното собрание за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација од страна на доверителот _____________во присуство на _____________ на _____________година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ КОНСТАТИРА** дека на доверителите на собранието за расправање и гласање по план за реорганизација не го прифатија предложениот план за реорганизација поднесен од доверителот _____________.

**ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА** поднесен од доверителот __________ во отворената стечајна постапка над должникот _____________ , **НЕ СЕ ОДОБРУВА**

**II**

Отворената стечајна постапка над должникот _____________ продолжува со впаричување на имотот на стечајниот должник

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот _____,

Во текот на стечајната постапката, а пред првото извештајно собрание на доверители, доверителот _____________ поднесе иницијатица за изготвување на план за реорганизација и продолжување на деловниот потфат. Судот оцени дека иницијативата е доставена во законскиот рок од 15 дена пред одржувањето на собранието, поради што ја стави на гласање пред доверителите на првото извештајно собрание на доверители кое беше одржано на _____________. Доверителите ја прифатија иницијативата за составување на план за реорганизација и доверителот _____________ достави план за реорганизција во законскиот рок од 30 дена.

Откога по предложениот план за реорганизација се изјаснија одборот на доверители и стечајниот управник, судот свика собрание за расправање и гласање по предложениот план за реорганизација.

Пред отпочнување на собранието, Судот ги констатираше гласачките права на доверителите. Утврди дека на собранието на доверители се присутни___ од довериелите со право на глас. Исто така судот констатира дека со планот за реорганизација не се предвидени класи на доверители така што сите доверители гласаа во една класа.

Пред отпочнувањето на гласањето, подносителот на планот за реорганизација накратко го изложи планот за реорганизација. По него стечајниот управник го даде своето мислење и претседателот на одборот на доверители наведе дека како одлучил одборот по поднесениот план за реорганизација.

По извршеното гласање, Судот утврди дека за донесување на планот за реорганизација гласале __ од присутните доверители со право на глас, додека против гласале ____ од доверителите со право на глас. Судот утврди дека во конкретниот случај не беше постигнато потребното мнозинство, односно планот не е прифатен со просто мнозинство од вкупниот износ на побарувањата од доверителите присутни на собранието на доверители.

При таква состојба следуваше Судот согласно член 235 а во врска со член 232 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007,

3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), да одлучи како во изреката на решението под I.

Судот, одлучи под II од изреката на решението , причина што утврди дека во текот на постапката не бил предложен ниту еден друг план за реорганизација и при таква состојба деловниот потфат на должникот се смета за затворен и стечајната постапка продолжува со впаричување на имотот на стечајниот должник.

**Основен суд ______________**

**______________година**

Стечаен судија

______________

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд ______________

**Д.Н.** Решението се доставува до стечајниот управник, должникот, одборот на доверители и стечајните доверители.

**ПРИМЕР 77: Решение за укинување на надзорот - член 252 став 1 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во постапката по планот за реорганизација над должникот___________, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**НАДЗОРОТ** врз спроведувањето на планот за реорганизација над должникот _____, одреден со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд, **СЕ УКИНУВА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во конкретниот случај не е спорно дека овој суд со решение Ст.бр.____/____ од _____ констатира дека планот за реорганизација предложен од доверителот е прифатен од доверителите истиот го одобрил. Не е спорно дека ова решение стана правосилно на ден _____. Со спроведбениот дел од планот за реорганизација било предвидено контролор да го спроведува надзорот на спроведување на планот за реорганизација.

Судот постапувајќи согласно член 243 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)по службена должност донесе решение Ст.бр.____/____ од_____ со кое ја заклучи отворената стечајна постапка и под II објави дека контролорот го спроведува надзорот на спроведување на планот за реорганизација.

Контролорот на ден_____ достави до судот поднесок со кој наведе дека изминале три години од заклучувањето на стечајната постапка, а не било побарано отворање на нова стечајна постапка над кое било формирано за спроведување на планот за реорганизација. Воедно го извести судот дека побарувањата на стечајните доверители биле намирени.

Судот по оценка на наводите во поднесокот одлучи како во изреката на решението, а согласно членот 252 став 1 точка 1 од наведениот закон, со оглед на фактот дека се исполнети условите за укинување на надзорот на спроведување на планот за реорганизација.

Суфдот согласно член 251 став 3 од наведениот закон наложи јавно објавување на наведеното решение.

**Основен суд _____________**
**_____________година**

Стечаен судија

_____________

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение не е дозволена жалба
**Д.Н.** решението се доставува до Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавуваат и во"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, до соодветниот трговски регистар, јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите како и на органите кои ги водат овие регистри.

**ПРИМЕР 78: Решение за повторно отворање на стечајна постапка поради неспроведување на планот за реорганизација - член 254 став 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по предлог на доверителот без спроведување на претходна постапка согласно член 254 од Законот за стечај__________ вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УСВОЈУВА** предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот ___________како предлагач.

**СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** над имотот на должникот, фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката_________ правен следбеник на должникот_________; на ден _____ година, во ____ часот, без спроведување на претходна постапка .

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК** се именува име, презиме и адреса ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста како ________

**ДОВЕРИТЕЛИТЕ** чии побарувања се пријавени во отворената стечајна постапка над стечајниот должник _________ немаат обврска повторно да ги пријават.

**СЕ ПОВИКУВААТ** доверителите да ги пријават своите побарувања кои настанале по заклучувањето на стечајната постапка над стечајниот должник _________кај стечајниот управник. во рок од 15 дена од објавувањето на решението во”Службен весник на Република Македонија"

**СЕ ПОВИКУВААТ** должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на ново пријавените побарувања (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

Стечајната постапка отворена над субјектот во реорганизација продолжува со впаричување на имотот.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар, и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и другите соодветни регистри.

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во”Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка.

Во конкретниот случај не е спорно дека овој суд со решение Ст.бр.____/____ од _____ констатира дека планот за реорганизација предложен од доверителот е прифатен од доверителите истиот го одобрил. Не е спорно дека ова решение стана правосилно на ден _____. Со спроведбениот дел од планот за реорганизација било предвидено контролор да го спроведува надзорот на спроведување на планот за реорганизација.

Судот постапувајќи согласно член 243 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)по службена должност донесе решение Ст.бр.____/____ од_____ со кое ја заклучи отворената стечајна постапка над стечајниот должник и наложил

истиот да биде избришан од трговскиот регистар кој го води Централниот регистар на РМ. Заради спроведување на планот за реорганизација, како правен следбеник кој го преземал имотот и обврските спрема доверителите во трговскиот регистар било запишано _____________.

Со решението за заклучување на стечајната постапка над стечајниот должник било констатирано дека во спроведбениот дел на планот за реорганизација, надзор над работењето на новоформираното друштво ќе го врши контролор_____________.

Во текот на спроведувањето на планот за реорганизација и траењето на надзорот, доверителот _____________ достави поднесок до судот во кој наведе дека тој како стечаен доверител со решение на овој суд Ст.бр.____/____ од_____ имал утврдено побарување во износ од _____________ денари. Според содржинскиот дел на планот за реорганизација, новоформираното друштво преземало обврска да му го исплати утврдениот износ во првата година од започнувањето на примената на планот за реорганизација и тоа ___________ од главниот долг.

Со оглед на фактот што, од заклучувањето на стечајната постапка и примената на планот за реорганизација поминале повеќе од 18 месеци, стечајниот доверител сега предлагач се обратил до субјектот во реорганизација со барање наведениот износ да му биде исплатен. Субјектот во реорганизација не одговорил на ваквото барање.

Во таа смисла, а со цел да утврди дали субјектот во реорганизација ги исплаќа побарувањата на доверителите според предвидените услови во планот за реорганизација, изврши увид во извештаите на контролорот и истиот го сослуша.

Контролорот на спроведување на планот за реорганизација наведе дека се точни наводите на доверителот дека субјектот во реорганизација неговото побарување не го исплатил од причина што субјектот во реорганизација е тешка финансиска ситуација која сеуште не резултирала со инсолвентост. Исто така наведе дека субјектот во реорганизација воопшто не започнал со исплаќање на побарувањата и на другите стечајни доверители и може да се заклучи дека истиот планот за реорганизација не го спроведува, а кое нешто го навел и во последниот извештак доставен до судот.

При таква состојба, Судот утврди дека планот за реорганизација не се спроведува па согласно член 254 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015),, одлучи како во изреката на решението.

Со оглед на фатот што, Судот одлучи да отвори стечајна постапка над имотот на субјектот за реорганизација, ги повика сите доверители кои имаат побарување а кои настанале по заклучувањето на стечајната постапка на стечајниот должник до денот на отворање на стечајната постапка над субјектот во реорганизација. Доверителите чии побарувања се пријавени и утврдени во стечајната постапка отворена над правниот претходник се сметаат за утврдени. Стечајната постапка отворена над новоформираниот правен субјект врз основа на планот за реорганизација се спроведува со впаричување на имотот.

**Основен суд _____________**

**_____________година**

Стечаен судија

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд _____________

**Д.Н.** решението се доставува до доверителот – предлагал, контролорот, стечајниот управник, банките носители на платен промет, Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавуваат и во"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, до соодветниот трговски регистар, јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите како и на органите кои ги водат овие регистри.

# XVII
# Решенија во постапката за лично управување од должникот

**ПРИМЕР 79: Решение со кое се одобрува барањето за лично управување со поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка-член 255 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија"бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот___________ за отворање на стечајна постапка над должникот на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присутство на ___________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Предлогот на доверителот како предлагач**, СЕ УСВОЈУВА.**

**СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА над имотот на стечајниот должник** _____, со седиште _____________ , ЕМБС__________, ЕДБ_________,

**II**

Предлогот на должникот да се одобри лично управување на должникот под надзор на повереник, **СЕ УСВОЈУВА**

**СЕ ОДОБРУВА** во отворената стечајна постапка над должникот со имотот кој што влегува во стечајната маса да продолжи да управуваат и располагаат органите на управување __________на должникот под надзор на повереник.

**ЗА ПОВЕРЕНИК во постапката за лично управување од должникот се именува лицето** _____ од ______ со адреса______ од редот на овластените стечајни управници**.**

**СЕ ПОВИКУВААТ доверителите** да ги пријават своите побарувања, како и своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги. кај повереникот во рок од 15 дена од денот на објавување на огласот во „Службен весник на Република Македонија"

**СЕ ПОВИКУВААТ должниците на стечајниот должник** да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот. (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

**СЕ ЗАКАЖУВА** собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка на ____ година, во _____ часот. (извештајно собрание). (ако не се спојува со испитното рочиште треба да се закаже најдоцна во рок од осум ден по денот на завршувањето на испитното рочиште).

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во"Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија, да се достави до Централниот регистар на Република Македонија зарди запишување во трговскиот регистар и да се запише во јавните книги.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот постапувајќи како предлагач поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот. Должникот не го оспори поднесениот предлог, наведе дека не е спорно дека на доверителот не му го исплатил побарувањето и дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка без спроведување на претходна постапка со оглед дека тој поседува имот над може да се отвори стечајна постапка. Во таа смисла до Судот достави и писмени докази – извештај за економско финансиска состојба од кој може да се утврди дека истиот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка. Со поднесокот побара, во

отворената стечајна постапка неговите органи на управување и понатаму да управуваат со имотот, а согласно член 255 став2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015).

Судот закажа и одржа рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка на која беа присутни застапникот по закон на доверителот и должникот. Застапникот по закон на доверителот на одржаното рочиште се согласи со предлогот на должникот во отворената стечајна постапка органите на управување на должникот да управува со имотот под надзор на повереник. Застапникот по закон на должникот уште еднаш наведе во се останува како во поднесокот доставен до овој суд, со тоа што наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка.

При ваква состојба, Судот одлучи како под I од изреката на решението, а поради следното:

Во конкретниот случај, Судот постапувајќи по предлогот на доверителот за отворање на стечајна постапка одлучи да не спроведува претходна постапка поради тоа што должникот со поднесок доставен до овој суд, а и преку застапникот по закон потврди дека доверителот го направил веројатно своето побарување во износ од_____ кое не му било исплатено, дека се исполнети усвите за отворање на стечајна постапка поради тоа што подолг временски период ги запрел плаќањата спрема доверителите, а со тоа е инсолвентен и дека има имот над кој може да се отвори стечајна постапка.

Поради сето тоа, одлучи како во став 1 и 2 под I од изреката на решението.

Понатаму, Судот одлучи како став 1,2 и 3 под II од изреката на решението,а поради следните причини:

Во конкретниот случај не е спорно дека должникот, со поднесокот побара, Судот да одобри лично управување со имотот под надзор на повереник. Со овој предлог се согласи застапникот по закон на доверителот по што следуваше, Судот да постапи согласно член 255 став 2 точка 2 од наведениот закон.

Судот имајќи ги во предвид сите факти и докзи и по оценка на истите утврди дека во конкретниот случај се исполнети условите да се примени одредбата од членот 255 став 1 и 2 од наведениот закон, и одобри должникот да управува и располага со имотот што влегува во стечајната маса под надзор на повереник.

Судот определи јавно објавување на решението согалсно член 258 од истиот закон.

**Основен суд _____________**
**_____________година**

Стечаен судија

_____________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд _____________
**Д.Н.** предлагачот, должникот, Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавуваат и во"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот,

**ПРИМЕР 80: Решение со кое се одбива барањето за лично управување со поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка - член 255 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот___________ за отворање на стечајна постапка над должникот на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка, во присутство на ___________, на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

Предлогот на должникот во отворената стечајна постапка над должникот со имотот кој што влегува во стечајната маса да продолжи да управуваат и располагаат органите на управување __________на должникот под надзор на повереник, **СЕ ОДБИВА**

**II**

**СЕ УСВОЈУВА** предлогот за отворање на стечајната постапка поднесен од доверителот како предлагач.

**СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА** над должникот, фирмата, предметот на работење, седиштето, адресата, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката_________; на ден _____ година, во ____ часот,.

**ЗА СТЕЧАЕН УПРАВНИК** се именува име, презиме и адреса ________ кој се стекнал со звање овластен стечаен управник и ја врши дејноста како ________

**СЕ ПОВИКУВААТ доверителите** да ги пријават своите побарувања, како и своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги. кај повереникот во рок од 15 дена од денот на објавување на огласот во „Службен весник на Република Македонија"

**СЕ ПОВИКУВААТ должниците на стечајниот должник** да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар, и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и другите соодветни регистри.

**СЕ ЗАКАЖУВА** рочиштето за испитување на побарувањата (испитно рочиште) за _____ година во ____ часот. (рокот не треба да биде подолг од 45 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на побарувањата).

**СЕ ЗАКАЖУВА** собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник, ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка на ____ година, во _____ часот. (извештајно собрание). (ако не се спојува со испитното рочиште треба да се закаже најдоцна во рок од осум ден по денот на завршувањето на испитното рочиште).

Да се известат доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка. кој се објавува на огласна табла, во"Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Доверителот постапувајќи како предлагач поднесе предлог за отворање на стечајна постапка над должникот. Должникот не го оспори поднесениот предлог, наведе дека не е спорно дека на доверителот не му го исплатил побарувањето и дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка без спроведување на претходна постапка со оглед дека тој поседува имот над може да се отвори стечајна постапка. Во таа смисла до Судот достави и

писмени докази – извештај за економско финансиска состојба од кој може да се утврди дека истиот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка. Со поднесокот побара, во отворената стечајна постапка неговите органи на управување и понатаму да управуваат со имотот, а согласно член 255 став2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015).

Судот закажа и одржа рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајната постапка без спроведување на претходна постапка на која беа присутни застапникот по закон на доверителот и должникот. Застапникот по закон на доверителот на одржаното рочиште не се согласи со предлогот на должникот во отворената стечајна постапка органите на управување на должникот да управува со имотот под надзор на повереник. Застапникот по закон на должникот уште еднаш наведе во се останува како во поднесокот доставен до овој суд, со тоа што наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка.

При ваква состојба, Судот одлучи како под I од изреката на решението, а поради следното:

Во конкретниот случај, Судот постапувајќи по предлогот на доверителот за отворање на стечајна постапка одлучи да не спроведува претходна постапка поради тоа што должникот со поднесок доставен до овој Суд,а и преку застапникот по закон потврди дека доверителот го направил веројатно своето побарување во износ од_____ кое не му било исплатено, дека се исполнети усвите за отворање на стечајна постапка поради тоа што подолг временски период ги запрел плаќањата спрема доверителите, а со тоа е инсолвентен и дека има имот над кој може да се отвори стечајна постапка.

Во конкретниот случај не е спорно дека должникот, со поднесокот побара, Судот да одобри лично управување со имотот под надзор на повереник. Со овој предлог не се согласи застапникот по закон на доверителот.

Судот, во конкретниот случај оцени дека не се исполнети условите од член 255 став 2 да биде одобрено лично управување со имотот од страна на органите на управување на должникот. Прво, предлагачот не се согласи со ваквиот предлог, а од друга страна, Судот со оглед на околностите на случајот, оцени дека ваквото решение ќе доведе до одлагање на постапката и до предизвикување штети за доверителите.

Понатаму, Судот одлучи како под II од изреката на решението,со оглед на факот што е неспорно во конкретниот случај дека се исполнети условите за непосредно отворање на стечајна постапка.

**Основен суд _____________**

**_____________година**

Стечаен судија

_____________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд _____________

**Д.Н.** предлагачот, должникот, Централниот регистар којшто ги објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавуваат и во"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот,

**ПРИМЕР 81: Решение за укинување на решението за лично управување - член 257 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот___________, по барање на доверителот за укинување на решението за лично управување донесено од овој суд, вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на доверителот _________ за укинување на решението Ст.бр.____/____ од _____ со кое е определено лично управување донесено од овој суд **СЕ УСВОЈУВА**

Решението на овој суд Ст.бр.____/____ од _____ со кое било одобрено во отворената стечајна постапка над должникот _________со имотот кој што влегува во стечајната маса да продолжи да управуваат и располагаат органите на управување __________на должникот под надзор на повереник во постапка за лично управување**, СЕ УКИНУВА**

Лицето______кое во постапката за лично управување е назначен за повереник **се именува за стечаен управник.**

Решението се објавува јавно, како и се доставува до органите кои ги водат регистрите, односно, јавните книги.

Стечајната постапка да продолжи според општите одредби на стечајната постапка утврдени во Законот за стечај

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот била отворена стечајна постапка. Со истото решение Судот одобрил во отворената стечајна постапка над должникот со имотот кој што влегува во стечајната маса да продолжи да управуваат и располагаат органите на управување __________на должникот под надзор на повереник. За повереник било определено лицето __________овластен стечаен управник

Стечајниот доверител __________ поднесе барање до овој суд со кој побара решението со кое е определено лично управување да биде укинато.

Судот постапувајќи по поднесеното барање на ден__________го сослуша должникот, ги разгледа сите околности и одлучи како во изреката на решението од седните причини:

Согласно членот 257 став 2 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015), судот ќе го укине решението со кое е определено лично управување, ако утврди дека со личното управување на должникот под надзор на повереник се одолжува постапката, го попречува спроведувањето на планот за реорганизација или предизвикува други штети за доверителите.

Во конкретниот случај Судот утврди дека доверителот со барањето доставил докази од кои произлегува дека со личното управување на должникот под надзор на повереник се одолжува постапката. Тоа се потврди и од сослушувањето на должникот. Како последица на тоа што решението со кое е определено личното управување на должникот е укинато следуваше, Судот да одлучи како во став 3,4и 5 од изреката на решението, а согласно членовите 257 став 3 и 258 од наведениот закон.

**Основен суд _____________**

**_____________година**

Стечаен судија

______________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение дозволено е правото на жалба во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд ______________

**Д.Н.** да се достави до должникот, стечаен доверител подносител на барањето, Централниот регистар којшто го објавува преку интернет на својата веб страница,"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, до соодветниот трговски регистар, јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите како и на органите кои ги водат овие регистри.

# XVIII
# Решенија во постапката за ослободување од преостанати обврски

**ПРИМЕР 82: решение со кое се ослободува должникот од преостанатите обврски по негово барање -член 272 став 1 и 2 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија” бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот-поединец ___________,по поднесено барање за ослободување од преостанати обврски поднесено од должникот-поединец по сослушувањето на стечајниот управник и доверителите на завршното собрание вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на должникот- поединец _____за ослободување од преостанатите обврски, **СЕ УСВОЈУВА**

**СЕ ОСЛОБОДУВА** должникот- поединец _____, од преостанатите обврски што ги има спрема доверителите во отворената стечајна постапка.

**СЕ ИМЕНУВА ПОВЕРЕНИКОТ** ______ од ______

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** должникот – поединац на именуваниот повереник да ги отстапи побарувањата од плати, надоместоци или други слични побарувања што нив ги заменуваат, согласно со изјавата на должникот дадена заедно со барањето за ослободување

**ОСЛОБОДУВАЊЕТО** од преостанати обврски има обврзувачко дејство спрема доверителите што не ги пријавиле своите побарувања во стечајната пстапка

**СЕ ОСЛОБОДУВА** должникот - поединец од побарувањата на неговите солидарни содолжници, гаранти и регресни обврзници

Решението се објавува во Централниот регистар којшто го објавува преку интернет на својата веб страница,”Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, а се доставува и до соодветниот трговски регистар, јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите како и на органите кои ги водат овие регистри.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот- поединец _____, била отворена стечајна постапка. Со истото решение за стечаен управник беше определено лицето_____ од _____овластен стечаен управник.

Должникот поединец на ден_____ пред одржувањето на извештајното собрание согласно член 270 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)до Судот достави писмено барање за барање за ослободување од преостанатите обврски. Кон барањето должникот поединец достави изјава со која ги отстапува своите побарувања на плати, како и сите надоместоци што треба да му ги се исплатат според договорот за работа, на повереникот кој ќе биде назначен од страна на судијата за период од шест години по завршувањето на стечајната постапка. Воедно, должникот за повереник го предложи именуваниот стечаен управник, а согласно член 271 од наведениот закон.

Судот постапувајќи по писменото барање на должникот, на завршното собрание на доверители ги сослуша стечајниот управник и стечајните доверители.

Судот одлучил како во изреката на решението согласно членот 272 став 1 од наведениот закон,имајќи го предвид фактот дека должникот прифатил да биде ослободен од преостанатите обврски. Од друга страна кон барањето доставил и изјава, со која ги отстапува своите побарувања на плати, надоместоци или други слични периодични исплати што му се

должат според договор за работа, на повереникот кој ќе биде назначен од страна на судијата за период од шест години по завршувањето на стечајната постапка. Судот пред донесувањето на одлуката ги сослуша стечајниот управник и стечајните доверители.

При донесување на одлуката за ослободување од преостанати обврски, Судот ги имаше во предвид одредбите од член 284 и 285 од истиот закон.

**Основен суд ______________**

**______________година**

Стечаен судија

______________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение право на жалба имаат стечајни доверители што на завршното собрание барале да се одбие барањето за ослободување од преостанатите во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд ______________.

**Д.Н.** Централниот регистар за објава преку интернет на својата веб страница,"Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, а се доставува и до соодветниот трговски регистар, јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите како и на органите кои ги водат овие регистри.

**ПРИМЕР 83: Решение со кое се одбива барањето на должникот за ослободување од преостанатите обврски-член 273 од Законот за стечај(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)**

**Ст.бр.____/____**

**ОСНОВНИОТ СУД** _________ и тоа стечајниот судија _________, постапувајќи во отворената стечајна постапка над должникот-поединец ___________,по поднесено барање за ослободување од преостанати обврски поднесено од должникот- поединец по сослушувањето на стечајниот управник и доверителите на завршното собрание вон рочиште на ден __________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на должникот- поединец _____, Судот да донесе решение со кое ќе го ослободи од преостанатите обврски спрема доверителите, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение Ст.бр.____/____ од _____ донесено од овој суд над должникот- поединец _____, била отворена стечајна постапка. Со истото решение за стечаен управник беше определено лицето_____ од _____овластен стечаен управник.

Должникот поединец на ден_____ пред одржувањето на извештајното собрание согласно член 270 став 1 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 3/2008, 122/2009, 47/2011, 79/2013, 164/2013,29/2014, 98/2015, 192/2015)до Судот достави писмено барање за барање за ослободување од преостанатите обврски. Кон барањето должникот поединец достави со изјава со која должникот ги отстапува своите побарувања на плати, како и сите надоместоци што треба да му ги се исплатат според договорот за работа, на повереникот кој ќе биде назначен од страна на судијата за период од шест години по завршувањето на стечајната постапка. Воедно, должникот за повереник го предложи именуваниот стечаен управник, а согласно член 271 од наведениот закон.

Судот постапувајќи по писменото барање на должникот, на завршното собрание на доверители ги сослуша стечајниот управник и стечајните доверители. При донесувањето на одлуката, Судот го имаше во предвид предлогот на стечајниот доверител __________ со кој предложи да се одбие барањето на должникот поединец за ослободување од преостанати обврски.

Судот одлучил како во изреката на решението, согласно членот 273 став 1точка 2 од наведениот закон.

Имено, Судот утврди дека должникот- поединец во последните три години по поднесувањето на предлогот за отворање на стечајна постапка, намерно во писмена форма дал лажна изјава во врска со својата економско-финансиска состојба, со цел да добие неповратни средства од буџетот.

Имено, стечајниот доверител, достави до Судот докази од кои произлегува дека должникот доставил до Агенцијата за вработување лажна изјава за својата економско финансиска состојба. со цел да добие неповратни средства од буџетот.

**Основен суд _____________**

**_____________година**

Стечаен судија

_____________

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение право на жалба има должникот- поединец во рок од 8 дена од приемот на истото преку овој суд до Апелациониот суд ______________
**Д.Н.** должникот – поединец